**20221512018**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ ПЕРЕЊЕ ПАРИ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ТЕРОРИЗАМ (*)**

Се прогласува Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам (*),
што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 27 јуни 2022 година.

Бр. 08-2957/1
27 јуни 2022 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

## ЗАКОН ЗА СПРЕЧУВАЊЕ ПЕРЕЊЕ ПАРИ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ТЕРОРИЗАМ (*)

ГЛАВА I.

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се уредуваат мерките, дејствијата и постапките кои субјектите и надлежните органи и тела ги преземаат заради откривање и спречување на перење пари, поврзани казниви дела и финансирање на тероризам (во натамошниот текст: перење пари и финансирање на тероризам), како и работењето и надлежностите на Управата за финансиско разузнавање (во натамошниот текст: Управата).

**Дефиниции**

Член 2

Изразите употребени во овој закон го имаат следново значење:

1) **„Перење пари“** се дејствијата предвидени со Кривичниот законик како кривично дело перење пари и други приноси од казниво дело;

2) **„Финансирање на тероризам“** се дејствијата предвидени со Кривичниот законик како кривично дело финансирање на тероризам;

(*) Со овој закон се врши усогласување со ЕУ Директива 2018/843 на Европскиот Парламент и Советот за спречување на злоупотребата на финансискиот систем за целите на перење пари и финансирање на тероризам од 2018 година (CELEX бр.32018L0843) со која се врши изменување и дополнување на ЕУ Директива 2015/849 на Европскиот Парламент и Советот за спречување на злоупотребата на финансискиот систем за целите на перење пари и финансирање на тероризам од 2015 година (CELEX бр.32015L0849).

3) **„Терористички акт“** е кривично дело дефинирано во членот 2 од Меѓународната конвенција за спречување на финансирање на тероризам ратификувана согласно со Законот за ратификација на Меѓународната конвенција за спречување на финансирање на тероризам, („Службен весник на Република Македонија" број 30/2004), како кривично дело тероризам и други кривични дела поврзани со тероризам предвидени со Кривичниот законик;

4) **„Терорист“** е физичко лице кое:

а) извршува или се обидува да изврши терористички акт на кој било начин, директно или индиректно, незаконски и свесно;

б) учествува како соучесник во терористички акт;

в) организира или им наредува на други да извршат терористички акт или

г) придонесува кон извршувањето на терористички акт од страна на група лица која дејствува со заедничка цел, со намера реализирање на терористичкиот акт и/или со знаење за намерата на групата да изврши терористички акт;

5) **„Терористичка организација“** е група на терористи која:

а) извршува или се обидува да изврши терористички акт на кој било начин, директно или индиректно, незаконски и свесно;

б) учествува како соучесник во терористички акт;

в) организира или им наредува на други да извршат терористички акт или

г) придонесува кон извршувањето на терористички акт од страна на група лица која дејствува со заедничка цел, со намера реализирање на терористичкиот акт и/или со знаење за намерата на групата да изврши терористички акт;

6) **„Принос од кривично дело“** е принос од кривично дело согласно со Кривичниот законик;

7) **„Поврзано кривично дело“** е кривично дело кое генерира приход кој може да биде објект на дејствието на кривичното дело перење пари;

8) **„Имот“** подразбира пари или други средства за плаќање, хартии од вредност, депозити, друг имот од секаков облик и тоа материјален или нематеријален вклучително и виртуелни средства согласно со закон, подвижен или недвижен, други права врз предметите, побарувања, како и јавни исправи и правни документи за сопственост и актива во пишан или во електронски облик или инструменти кои се доказ за имотни права или правни интереси;

9) **„Финансиски институции“** се:

а) банки и штедилници основани со дозвола од гувернерот на Народната банка на Република Северна Македонија чија основна дејност е прибирање депозити и други повратни извори на средства од јавноста и одобрување на кредити во свое име и за своја сметка;

б) правни лица кои не се банки или штедилници кои вршат една или повеќе од следниве активности:

- кредитирање, вклучително и факторинг и финансирање на комерцијални трансакции,
- издавање и администрирање на платежни средства (парични картички, чекови, патнички чекови, меници),
- издавање на електронски пари,
- финансиски лизинг,
- менувачки работи,
- платежни услуги во земјата и странство, вклучувајќи положување и повлекување на готовина на платежна сметка, активности поврзани со отворање, водење/одржување и затворање на сметката, извршување на платежни трансакции, издавање на платни инструменти и/или прифаќање на платежни трансакции, парични дознаки (брз трансфер на пари) и услуги за иницирање на плаќања,

- издавање на платежни гаранции, авали и други форми на обезбедување,
- тргување со инструменти на пазарот на пари,
- тргување со девизни средства, што вклучува и тргување со благородни метали,
- тргување со хартии од вредност,
- тргување со финансиски деривати,
- управување со средства и портфолио на хартии од вредност за клиенти и/или инвестициско советување на клиенти,
- давање на услуги на чување на имот на инвестициски и пензиски фондови,
- купопродажба, гарантирање или пласман на емисија на хартии од вредност,
- чување на хартии од вредност за клиенти,
- советување на правни лица во врска со структурата на капиталот, деловната стратегија или други поврзани прашања или давање услуги поврзани со спојување или припојување на правни лица,
- посредување во склучување договори за кредити и заеми и
- обработка и анализа на информации за кредитна способност на правни лица;

в) правни и физички лица кои вршат работи на осигурување, застапување и/или посредување во осигурување на живот со штедна и/или инвестициска компонента и други поврзани осигурувања со штедна и/или инвестициска компонента;

г) друштва за управување со приватни инвестициски фондови и приватни фондови;

д) друштва за управување со отворени инвестициски фондови и затворени инвестициски фондови;

ѓ) друштва за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови;

е) филијали на странски финансиски институции од потточките а), б), в), г), д) и ѓ) од оваа точка во Република Северна Македонија;

ж) АД Пошта на Северна Македонија во делот на работењето кој се однесува на поштенски парични упатници;

з) и други правни или физички лица кои согласно со закон извршуваат една или повеќе активности во врска со одобрување кредити, издавање на електронски пари, издавање и администрирање на кредитни картички, финансиски лизинг, факторинг, форфетинг, давање на услуги на инвестициски советник, посредување при микроплаќање, чуваат или администрираат/дистрибуираат готовина и други финансиски активности утврдени со закон;

10) **„Деловен однос“** е деловен, професионален или комерцијален однос, кој е поврзан со професионалните и деловните активности на субјектот од членот 5 од овој закон и за кој се очекува во моментот на негово воспоставување да има елемент на времетраење;

11) **„Повремена трансакција“** е трансакција која не се извршува во рамки на воспоставен деловен однос;

12) **„Клиент”** е физичко лице, правно лице, странски труст и сличен правен аранжман кое воспоставува, има воспоставено деловен однос со субјектот или извршува повремена трансакција;

13) **„Трансакција“** е уплата и/или исплата на готовина, уплата (прием) и исплата на депозит, размена на валути, пренос на средства, купување, продавање, размена, прием и пренос на виртуелни средства, склучување договори, набавка и купопродажба на стоки и услуги, продажба или отстапување на основачки вложувања, купопродажба или отстапувања на акции или удели, регистрација на хартии од вредност или пренос на хартии од вредност или друг имот и друга активност која ја вршат субјектите согласно со законските овластувања. Во осигурителната дејност подразбира уплата на премија и исплата на осигурена сума при доживување или исплата при штетен настан, аванс/ заем или откуп на полисата за животно осигурување;

14) **„Поврзани готовински трансакции“** се две или повеќе готовински трансакции извршени во рок од еден работен ден од извршувањето на првата трансакција од страна на ист клиент или меѓу исти клиенти или вистински сопственици или извршени од страна на повеќе лица во корист на ист клиент;

15) **„Пари (парични средства)“** се готовина, жирални пари или електронски пари;

16) **„Готовина“** се книжни и ковани пари кои врз основа на закон се во оптек во Република Северна Македонија или во странска држава;

17) **„Електронски пари“** се електронски пари согласно со закон;

18) **„Платежна картичка со претплата (припејд платежна картичка)“** е вид на платен инструмент на којашто се чуваат електронски пари;

19) **„Виртуелни средства“** претставуваат дигитални записи на вредност или права кои може да се чуваат, тргуваат или пренесуваат по електронски пат со користење на технологија на дистрибуирано зачувување на енкриптирани податоци и записи или која било слична технологија и може да се користат за размена или инвестициски цели. Виртуелните средства не вклучуваат дигитални записи на фиат валути или пари во смисла на закон кои претставуваат законско платежно средство, хартии од вредност и други финансиски средства согласно со закон;

20) **„Давател на услуги поврзани со виртуелни средства“** е секое физичко или правно лице чија деловна и професионална активност се состои во вршење на една или повеќе активности или во давање на една или повеќе услуги поврзани со виртуелни средства за или во име на друго физичко или правно лице;

21) **„Услуги или активности поврзани со виртуелни средства“** се активности и услуги поврзани со кои било виртуелни средства и вклучуваат:

а) чување и администрирање на виртуелни средства или инструменти кои овозможуваат контрола врз виртуелните средства;

б) организирање на платформа за тргување со виртуелни средства;

в) размена на виртуелни средства за фиат валута, електронски пари или други средства коишто претставуваат законско средство за плаќање;

г) размена на виртуелни средства за други виртуелни средства;

д) извршување на налози за виртуелни средства за трети лица;

ѓ) учество и обезбедување на услуги поврзани со понудата на издавачот и/или продажба на виртуелни средства;

е) управување со портфолио со виртуелни средства;

ж) прием и пренесување на налози за виртуелни средства и

з) обезбедување совети за виртуелни средства.

22) **„Чување и администрирање на виртуелни средства или инструменти кои овозможуваат контрола врз виртуелните средства“** подразбира чување или контрола на виртуелните средства за трети лица или средства преку кои се пристапува до виртуелните средства, каде што е применливо во форма на приватни криптографски клучеви;

23) **„Организација на платформа за тргување со виртуелни средства“** значи организирање и раководење со една или повеќе платформи за тргување со виртуелни средства во рамките на кои се овозможува и олеснува спојување на интереси за купување и продажба за виртуелни средства од трети страни и кои можат да комуницираат на начин што резултира со договор, без разлика дали се работи за размена на едно виртуелно средство за друго или виртуелно средство за законско средство за плаќање;

24) **„Извршување на налози за виртуелни средства во име на трети лица“** значи активност на купување или продажба на една или повеќе виртуелни средства или нарачување на една или повеќе виртуелни средства во име на трети страни;

25) **„Учество и обезбедување на услуги поврзани со понудата на издавачот и/или продажба на виртуелни средства“** подразбира пласман на ново-издадени виртуелни средства или виртуелни средства кои се веќе издадени, но кои не се прифатени за тргување на платформа за тргување со виртуелни средства, на одреден круг на купувачи и кои не вклучуваат јавна понуда или понуда за постојните иматели на виртуелни средства на издавачот;

26) **„Управување со портфолио на виртуелни средства“** значи управување со поединечни портфолија на виртуелни средства, врз основа на претходно склучен договор со индивидуалниот клиент;

27) **„Прием и пренесување на налози за виртуелни средства“** значи услуга поврзана со виртуелни средства која се дава на правни или фичики лица кои се учесници во трговија согласно со закон со која се овозможува прифаќање на одредена вредност во виртуелни средства којашто соодветствува на цената на продадената стока или услуга кон крајниот потрошувач и преку размената на виртуелни средства во фиат валута, односно пари во смисла на закон, се врши пренос на парични средства кон правните и физички лица учесници во трговијата;

28) **„Издавач на виртуелни средства“** е физичко или правно лице кое нуди каков било вид виртуелни средства или бара прием на такви виртуелни средства во платформа за тргување со виртуелни средства;

29) **„Јавна понуда на виртуелни средства“** е понуда до трети страни за стекнување виртуелни средства во замена за фиат валута или пари во смисла на закон или пак други виртуелни средства;

30) **„Обезбедување совети за виртуелни средства“** значи нудење, давање или обезбедување на персонализирани или конкретни препораки на трета страна, или на барање на трета страна или на иницијатива на давателот на услуги на виртуелни средства што дава совети, а во врска со стекнување или продажба на една или повеќе виртуелни средства, или употреба на услуги за виртуелни средства;

31) **„Криптомат“** е автоматска машина, односно електромеханички уред преку кој давателот на услуга поврзана со виртуелни средства врши тргување, размена или пренос на виртуелни средства за законско средство за плаќање или за други виртуелни средства или обезбедува и други услуги во зависност од типот на криптоматот;

32) **„Хостиран електронски паричник за виртуелни средства“** значи секое средство кое е обезбедено од страна на давател на услуги поврзани со виртуелни средства за чување и/или администрација на виртуелни средства во име и за сметка за нарачателот или корисникот;

33) **„Нехостиран електронски паричник за виртуелни средства“** значи секое друго средство за чување и/или администрација на виртуелни средства, освен хостиран електронски паричник на кој се чуваат виртуелни средства;

34) **„Физички преносливи средства за плаќање“** се патнички чекови, чекови, меници, парични упатници и други физички преносливи средства за плаќање кои се исплаќаат на доносител или се преносливи без ограничување;

35) **„Даватели на услуги на правни лица или трустови“** се физички или правни лица кои во рамките на својата дејност ги даваат следниве услуги на трети лица:

а) основаат правни лица;

б) дејствуваат како или ангажираат друго лице да дејствува како орган на управување или член на органот на управување на правното лице;

в) обезбедуваат седиште, деловна адреса, адреса за кореспонденција или други поврзани услуги на правно лице или странски труст;

г) дејствуваат како или ангажираат друго лице да дејствува како управител на странски труст или сличен правен аранжман основан со изрична изјава;

д) дејствуваат како или ангажираат друго лице да дејствува како содружник или дејствува како акционер за друго лице (освен за трговско друштво што котира на берза);

36) **„Труст“** е правен однос воспоставен согласно со прописите на друга држава меѓу лице-основач, за време на живот (inter vivos) или по смрт, кога имотот се доверува на управување на повереник во корист на корисник/група на корисници или за определена цел;

37) **„Вистински сопственик“** е секое физичко лице (лица) кое е краен сопственик на клиентот или го контролира клиентот и/или физичко лице (лица) во чие име и за чија сметка се извршува трансакција. Поимот вклучува и физичко лице (лица) кое врши крајна и ефективна контрола над правно лице или странски правен аранжман;

38) **„Регистар на вистински сопственици“** е информациски систем кој овозможува прием, евидентирање, обработка, чување и размена на податоци и/или документи за вистински сопственици во електронска форма;

39**) „Носители на јавни функции“** се:

а) физички лица на кои им е или им била доверена јавна функција во Република Северна Македонија или во друга држава, како:

- претседатели на држави и влади, министри и заменици или помошници министри,
- избрани претставници во законодавната власт,
- судии на врховни или уставни судови или други носители на високи правосудни функции против чија одлука, освен во исключителни случаи, не може да се користат правни лекови,
- членови на органи на управување на супервизорски и регулаторни тела и агенции, државна ревизорска институција и членови на одбор на централна банка,
- амбасадори,
- офицери од висок ранг во вооружените сили (чинови повисоки од полковник),
- избрани и именувани лица согласно со закон и членовите на органите на управување и надзор на правни лица основани од државата,
- лица со функции во политички партии (членови на извршните органи на политичките партии),
- лица на кои им е или им била доверена истакната функција во меѓународна организација, како директори, заменици директори, членови на управни и надзорни одбори или други еквивалентни функции и
- градоначалници и претседатели на совети на општини.

б) За носители на јавна функција од потточката а) од оваа точка се сметаат лицата најмалку две години по престанокот на извршување на јавната функција, а врз основа на претходно спроведена проценка на ризик од страна на субјектите.

в) Поимот „носители на јавни функции“ вклучува и:

- членови на семејството на носителот на јавна функција и тоа: брачен другар или лице со кое носителот на јавна функција е во вонбрачна заедница, деца и нивни брачни другари или лица со кои децата на носителот на јавна функција се во вонбрачна заедница или родители на носителот на јавна функција,
- лице кое се смета за близок соработник на носителот на јавна функција е физичко лице за кое е познато дека има заедничка правна или вистинска сопственост врз правно лице, има склучено договори или воспоставено други блиски деловни врски со носителот на јавна функција или кое е единствен вистински сопственик на правно лице или правен аранжман за кое е познато дека се основани во корист на носителот на јавна функција;

40) **„Привремени мерки“** се времена забрана за користење или располагање со пари, хартии од вредност, фондови или друг имот, времено чување и обезбедување врз основа на одлука издадена од страна на суд или друг надлежен орган во постапка утврдена со закон;

41) **„Кореспондентски однос“** е:

а) кога банка како „кореспондент” и дава банкарски услуги на друга банка како „респондент”, вклучително и водење на сметка и давање услуги поврзани со водење на сметка како што се управување со готовина, меѓународни преноси на парични средства, порамнување на чекови, плаќање кое се користи директно од страна на трети лица заради извршување работа во нивно сопствено име и услуги на девизно работење и/или

б) однос помеѓу и во рамки на банки и други финансиски институции кога слични услуги се даваат преку финансиска институција кореспондент на финансиската институција респондент, како и односи воспоставени за трансакции со хартии од вредност или пренос на парични средства;

в) однос помеѓу и во рамки на финансиски институции и даватели на услуги поврзани со виртуелни средства кога слични услуги се даваат преку давателот на услуга поврзана со виртуелни средства кореспондент на финансиската институција респондент, како и односи воспоставени за трансакции со виртуелни средства или пренос на виртуелни средства;

г) кога давател на услуги поврзани со виртуелни средства како „кореспондент” и дава услуги на друг давател на услуги поврзани со виртуелни средства како „респондент”, вклучително и водење на инструменти што овозможуваат контрола над виртуелните средства и услуги поврзани со водење на инструменти што овозможуваат контрола над виртуелните средства, меѓународни преноси на виртуелни средства како и други односи воспоставени за трансакции со виртуелни средства или пренос на виртуелни средства;

42) **„Пренос на парични средства“** е секоја трансакција, вклучително и парични дознаки, која барем делумно се извршува по електронски пат во име на плаќачот преку давател на платежна услуга со цел средствата да се ставaт на располагање на примачот преку давател на платежна услуга, без оглед на тоа дали плаќачот и примачот се исто лице и без оглед на тоа дали давателот на платежни услуги на плаќачот и на примачот е еден ист;

43) **„Пренос на виртуелни средства“** е секоја трансакција со виртуелни средства која се извршува по електронски пат во име на нарачателот преку давател на услуги поврзани со виртуелни средства со цел виртуелните средства да се ставаат на располагање на примачот без оглед на тоа дали нарачателот и примачот се исто лице и без оглед на тоа дали давателот на услуги поврзани со виртуелни средства на нарачателот и на примачот е еден ист;

44) **„Програма“** е акт на субјектот кој определува правила, процедури и упатства за примена на мерки и дејствија за спречување на перење пари и финансирање на тероризам за ефикасно намалување и управување со идентификуваниот ризик од перење пари и финансирање на тероризам;

45) **„Овластено лице“** е лице вработено во субјектот и назначено од органот на управување на субјектот, кое се грижи за спроведување на мерките и дејствијата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам и за соработка со Управата;

46) **„Високо раководство на субјектот“** е лице кое со закон и интерните акти е овластено да управува и е одговорно за работењето на субјектот и кое има соодветни овластувања и функција да носи одлуки кои може да влијаат на изложеноста на субјектот на ризик од перење пари и финансирање на тероризам;

47) **„Одговорно лице во правно лице“** е одговорно лице согласно со Законот за прекршоците;

48) **„Shell bank („Банка школка“)“** е финансиска институција која во државата каде е регистрирана нема деловни простории, вработени и органи на управување и не е членка на банкарска или друг вид групација која е предмет на супервизија на консолидирана основа;

49) **„Игри на среќа“** се игри на среќа согласно со Законот за игри на среќа и за забавните игри;

50) **„Група“** е група на трговски друштва која е составена од матичното друштво, друштва ќерки и друштва во кои матичното друштво или друштвото ќерка учествуваат, како и трговски друштва кои се меѓусебно поврзани на начин на кој е уредено со прописите кои ги уредуваат трговските друштва;

51**) „Национална проценка на ризикот“** е сеопфатен процес на идентификација и анализа на ризиците од перење пари, финансирање на тероризам и финансирање на ширење на оружје за масовно уништување (финансирање на пролиферација) и други релевантни ризици во одредена држава, заради развивање на соодветни мерки за спречување на перење пари и финансирање на тероризам и ефикасна алокација на расположливите ресурси со цел контрола, намалување или елиминирање на утврдените ризици и унапредување на системот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам;

52) **„Единица за финансиско разузнавање“** е централен национален орган надлежен за примање и анализа на извештаи за сомнителни трансакции и други информации од значење за перење пари и финансирање на тероризам и доставување на резултатите од анализата и други дополнителни релевантни информации до надлежните органи кога постојат основи за сомневање за перење пари и финансирање на тероризам;

53) **„Правно лице“** е единица на локалната самоуправа, политичка партија, јавно претпријатие, трговско друштво, адвокатско друштво, установа, здружение, фондација, сојуз и организациски облик на странска организација, спортско здружение и друго правно лице во областа на спортот, финансиска организација и друга со закон одредена организација регистрирана како правно лице и друг организациски облик на кој му е признато својството на правно лице;

54) **„Правен аранжман“** е труст и друга слична правна форма основана согласно со регулатива на странска држава;

55) **„Високоризични земји“** се земји кои не ги спровеле или недоволно ги спровеле меѓународните стандарди за спречување на перење пари и финансирање на тероризам, како и земји утврдени од страна на ФАТФ, Европската Унија како и земји за кои надлежните меѓународни тела бараат преземање на соодветни противмерки или земји утврдени во согласност со националната проценка на ризик;

56) **„ФАТФ - Работна група за финансиска акција“** е меѓувладино тело формирано од земјите на Г7 во 1989 година со цел да поставува стандарди и промовира ефикасно спроведување и унапредување на стандардите како и следење на ефективното спроведување на законските, регулаторни и оперативни мерки за спречување на перење пари, финансирање тероризам и финансирање на ширење на оружје за масовно уништување (финансирање на пролиферација) на меѓународно ниво;

57) **„Препораките на ФАТФ“** се меѓународни стандарди за спречување на перење пари, финансирање тероризам и финансирање на оружје за масовно уништување (финансирање на пролиферација) издадени од ФАТФ;

58) **„Непрофитни организации“** се правни лица, правни аранжмани или организации кои примарно се вклучени во прибирање или прераспределба на средства за добротворни, религиозни, културни, образовни или социјални цели или друг вид на добротворни активности;

59) **„Финансирање на ширење на оружје за масовно уништување“** подразбира обезбедување средства или финансиски услуги што се користат, целосно или делумно, за производство, стекнување, поседување, развој, извоз, транснационален превоз, посредување, транспорт, трансфер, складирање или употреба на нуклеарно, хемиско или биолошко оружје и нивните средства за испорака и сродни материјали (вклучително и двете технологии и стоки со двојна употреба што се користат за нелегитимни цели), во спротивност со закон или правен акт на меѓународна организација и

60) Поимите интероперабилност, електронски документ, средство за електронска идентификација, издавач на средство за електронска идентификација и шема за електронска идентификација го имаат истото значење согласно со Законот за електронско управување и електронски услуги и Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги.

## ГЛАВА II.

## НАЦИОНАЛНА ПРОЦЕНКА НА РИЗИКОТ

### Национална проценка на ризикот од перење пари, финансирање на тероризам, финансирање на оружје за масовно уништување и други поврзани ризици

Член 3

(1) Република Северна Македонија спроведува национална проценка на ризикот заради идентификување, проценување, разбирање и намалување на ризикот поврзан со перење пари, финансирање на тероризам, финансирање на оружје за масовно уништување и други поврзани ризици, како и врши нејзино ажурирање најмалку на секои четири години.

(2) Советот за борба против перење пари и финансирање на тероризам од овој закон е надлежен за координирање на активностите за спроведување на националната проценка на ризикот во Република Северна Македонија и изготвување извештај за национална проценка на ризикот.

(3) Извештајот за национална проценка на ризикот, Советот за борба против перење пари и финансирање на тероризам од овој закон го доставува на усвојување до Владата на Република Северна Македонија.

(4) Извештајот за национална проценка на ризикот како и сите измени и дополнувања на извештајот се објавуваат на веб- страницата на Управата. Објавениот извештај не содржи податоци од доверлив карактер согласно со закон.

### Цели на националната проценка на ризикот

Член 4

(1) Наодите од извештајот за национална проценка на ризикот се користат за:

- дефинирање и примена на мерки и дејствија за спречување перење пари, финансирање на тероризам, финансирање на ширење оружје за масовно уништување и други поврзани ризици согласно со утврдениот ризик,
- идентификување на недостатоци на системот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам и мерки за нивно надминување,
- подобрување на националната регулатива и систем за спречување на перење пари и финансирање на тероризам,
- идентификување на сектори или активности со помал или поголем ризик од перење пари и финансирање на тероризам,
- идентификување на сектори или активности во однос на кои субјектите се должни да преземаат засилени мерки на анализа и по потреба утврдување на други мерки кои субјектите се должни да ги преземаат,
- дефинирање на приоритети и алокација на ресурсите со цел спречување на перење пари, финансирање на тероризам и финансирање на ширење оружје за масовно уништување,

- подготовка и донесување на релевантни прописи за одделни сектори или активности и спроведување мерки во согласност со идентификуваните ризици од перење пари, финансирање на тероризам и финансирање на ширење оружје за масовно уништување,
- информирање и помош на субјектите при спроведување на нивната проценка на ризикот од перење пари, финансирање на тероризам, финансирање на ширење оружје за масовно уништување и други поврзани ризици,
- информирање за институционалната структура и дејствијата на надлежните институции во системот за спречување на перење пари, финансирање тероризам, финансирање на ширење оружје за масовно уништување и други поврзани ризици како и алоцираните ресурси до степенот до кој овие информации се достапни и
- информирање за националните мерки и ресурси наменети за борба против перење пари, финансирање тероризам, финансирање на ширење оружје за масовно уништување и други поврзани ризици.

(2) Советот за борба против перење пари и финансирање на тероризам од овој закон врз основа на наодите од извештајот за национална проценка на ризиците подготвува предлог Национална стратегија за борба против перење пари и финансирање на тероризам со акционен план на мерки и активности за намалување и управување со идентификуваните ризици и последици од перење пари и финансирање на тероризам, финансирање на ширење оружје за масовно уништување и други поврзани ризици и ја следи нејзината реализација како и исполнетост на акциониот план.

(3) Владата на Република Северна Македонија ја донесува Националната стратегија за борба против перење пари и финансирање на тероризам со акциониот план на мерки и активности од ставот (2) на овој член, за период од четири години.

## ГЛАВА III.

## МЕРКИ И ДЕЈСТВИЈА КОИ ГИ ПРЕЗЕМААТ СУБЈЕКТИТЕ ЗАРАДИ ОТКРИВАЊЕ И СПРЕЧУВАЊЕ НА ПЕРЕЊЕ ПАРИ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ТЕРОРИЗАМ

## 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### **Субјекти**

Член 5

Субјекти се лицата кои имаат обврска да ги преземаат мерките и дејствијата за откривање и спречување на перење пари и финансирање на тероризам предвидени со овој закон (во натамошниот текст: субјекти) и тоа:

1) Финансиски институции и подружници, филијали и деловни единици на странски финансиски институции кои согласно со закон вршат дејност во Република Северна Македонија;

2) Правни и физички лица кои како деловна или професионална активност ги вршат следниве услуги:

а) посредување во промет на недвижности, вклучително и/или посредување при склучување на договори за закуп на недвижен имот само кога вредноста на месечниот закуп изнесува 10.000 евра или повеќе во денарска противвредност според средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија;

б) ревизорски и сметководствени услуги;

в) давање совети од областа на даноците или која било форма на помош, поддршка или совет, директно или преку друго лице во областа на даноците;

г) давање на услуги како инвестициски советник и

д) давање на услуги за организирање и спроведување на аукции;

3) Нотари, адвокати и адвокатски друштва кои вршат јавно овластување согласно со закон;

4) Приредувачи на игри на среќа кои согласно со закон приредуваат игри на среќа во Република Северна Македонија;

5) Даватели на услуги на трустови или правни лица;

6) Централен депозитар за хартии од вредност;

7) Правни лица кои вршат дејност на примање во залог на подвижни предмети и недвижности (заложувалници);

8) Лица кои тргуваат или дејствуваат како посредници во трговија со уметнички дела, вклучително кога активноста ја вршат уметнички галерии или аукциски куќи, а каде вредноста на поединечната трансакција или неколку поврзани трансакции изнесува 10.000 евра во денарска противвредност или повеќе според средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија;

9) Лица кои складираат, тргуваат или кои дејствуваат како посредници во трговија со уметнички дела, кога активноста се одвива во слободни зони и каде вредноста на поединечната трансакција или неколку поврзани трансакции изнесува 10.000 евра во денарска противвредност или повеќе според средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија и

10) Даватели на услуги поврзани со виртуелни средства.

## Исклучоци во однос на правни и физички лица кои вршат финансиски активности на повремена или ограничена основа

Член 6

(1) Субјектите од членот 5 од овој закон кои вршат финансиски активности на повремена или ограничена основа и за кои со националната проценка на ризикот е утврден низок ризик од перење пари и финансирање на тероризам, не се должни да ги применуваат мерките и дејствијата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам предвидени со овој закон, доколку се исполнети следниве услови:

- финансиската активност е споредна и директно поврзана со главната деловна активност,
- годишниот нето-промет од финансиската активност не надминува 100.000 евра во денарска противвредност според средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија или 5% од вкупниот годишен промет на субјектот,
- главна активност не е давање на ревизорски услуги, организирање и приредување игри на среќа, сметководствени услуги, услуги на даночен советник, активности на посредување во промет со недвижности, давање услуги на трустови или правни лица или нотарски и адвокатски услуги,
- највисокиот износ на трансакција по клиент и по поединечна трансакција без оглед дали се извршува како една или неколку трансакции кои изгледаат меѓусебно поврзани не смее да надминува 500 евра во денарска противвредност според средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија и
- финансиската активност се извршува само за лица кои се клиенти гледано од аспект на главната деловна активност и не е генерално достапна за јавноста.

(2) Одредбите од ставот (1) на овој член не се применуваат на правни лица, трговци поединци или физички лица кои самостојно вршат дејност доколку вршат парични дознаки согласно со закон.

(3) Субјектот од ставот (1) на овој член поднесува барање да не ги применува одредбите од овој закон до Управата. Кон барањето се доставува документација од која може да се утврди дека се исполнети условите од ставот (1) на овој член и документација за спроведена проценка на ризикот од перење пари и финансирање на тероризам за секоја финансиска активност.

(4) За барањето од ставот (3) на овој член, Управата донесува решение во согласност со одредбите на Законот за општата управна постапка.

(5) Решението од ставот (4) на овој член е со важност од две години од денот на неговото донесување. По истекот на важноста на решението, за изземање од примената на одредбите од овој закон, субјектот поднесува ново барање согласно со ставот (3) на овој член.

(6) Ако околностите врз основа на кои се издава решението се изменат пред истекот на важноста на решението, субјектот од ставот (1) на овој член е должен да ја извести Управата за овие промени во рок од 15 дена од денот на нивното настанување. Врз основа на ова известување или врз основа на други информации, Управата по службена должност донесува ново решение со важност од две години со кое го поништува претходното решение и одлучува за примена на одредбите од овој закон.

Член 7

(1) Нотарите, адвокатите и адвокатските друштва кои вршат јавни овластувања согласно со закон се должни да ги применуваат мерките и дејствијата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам во случаите кога даваат правни услуги за нивните клиенти кои се однесуваат на следниве активности:

а) купување и продавање на недвижен имот и движен имот;

б) управување со пари, хартии од вредност или друг имот или средства на клиентот;

в) отворање и управување со сметки во банка, штедни влогови, сефови или сметки за тргување со хартии од вредност (анг. Securities accounts);

г) организирање на прибирање средства за основање, на работа или менаџирање на правни лица;

д) основање, работење или управување со правни лица или правни аранжмани, купување и продажба на правни лица или правни аранжмани како и која било форма на помош, поддршка или совет, директно или преку друго лице за целите на продажба или купување на правни лица или правни аранжмани.

(2) Обврските кои произлегуваат од овој закон не се однесуваат на адвокатите и адвокатските друштва кога вршат функција на одбрана и застапување на клиентот во судска постапка. Во овој случај адвокатите и адвокатските друштва, на барање на Управата, во рок од седум дена треба да достават образложение во писмена форма за причините поради кои не постапиле согласно со одредбите од овој закон.

**Даватели на услуги поврзани со виртуелни средства**

Член 8

(1) Управата одржува и води Регистар на даватели на услуги поврзани со виртуелни средства во електронски облик кој се објавува на неговата веб-страница.

(2) Регистарот на даватели на услуги поврзани со виртуелни средства содржи:

1) назив на правниот субјект, седиште, електронска адреса, единствен матичен број (ЕМБС) и единствен даночен број (ЕДБ), датум на основање и шифра на дејност;

2) податоци за членовите на органот на управување (име и презиме, единствен матичен број или друг идентификациски број, адреса на живеалиште, односно престојувалиште, датум на раѓање и државјанство и својство во органот на управување);

3) опис за видот на услугите и активностите кои ги извршува во смисла на овој закон вклучувајќи доколку истите ги извршува со користење на криптомат/и;

4) податоци за домеинот преку кој давателот на услуги поврзани со виртуелни средства ја извршува професионалната и деловна активност доколку истата ја извршува преку електронска комуникациска мрежа (интернет) и

5) податоци и информации за воспоставени деловни односи со правни субјекти неопходни за вршење на активности на давател на услуги поврзани со виртуелни средства.

(3) Давателите на услуги поврзани со виртуелни средства се должни да ја известат Управата дека вршат активности пропишани со овој закон во рок од 30 дена од денот на регистрацијата во Централниот регистар на Република Северна Македонија, односно 30 дена од денот на започнувањето на давањето на услуги поврзани со виртуелни средства на територија на Република Северна Македонија за даватели на услугите кои не се регистрираат во Централниот регистар на Република Северна Македонија и да му достават податоци, информации и документи од сигурни и независни извори согласно со ставот (2) на овој член.

(4) Доколку се сомнева во точноста на доставените податоци од ставот (2) на овој член, Управата може во секое време да побара и дополнителни документи, податоци и информации за активностите и услугите на давателот на услуги поврзани со виртуелни средства.

(5) Давателите на услуги се должни дополнителните документи, податоци и информации за активностите и услугите поврзани со виртуелни средства од ставот (4) на овој член да ги достават во рок од десет работни дена од денот на приемот на барањето од ставот (4) на овој член.

(6) Министерот за финансии ги пропишува начинот на водењето, формата и содржината на регистарот од ставот (1) на овој член.

## 2. МЕРКИ И ДЕЈСТВИЈА ЗА ОТКРИВАЊЕ И СПРЕЧУВАЊЕ НА ПЕРЕЊЕ ПАРИ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ТЕРОРИЗАМ

### Член 9

Мерки и дејствија за откривање и спречување на перење пари и финансирање на тероризам (во натамошниот текст: мерки и дејствија), кои ги преземаат субјектите се:

- изготвување на проценка на ризикот од перење пари и финансирање на тероризам и нејзино редовно ажурирање,
- воведување и примена на програми за ефикасно намалување и управување со идентификуваниот ризик од перење пари и финансирање на тероризам,
- анализа на клиентите,
- известување и доставување на податоци, информации и документација до Управата согласно со одредбите од овој закон и подзаконските акти донесени врз негова основа,
- чување, заштита и водење евиденција на податоци,
- именување на овластено лице и негов заменик и/или формирање на оддел за спречување на перење пари и финансирање на тероризам,
- спроведување на внатрешна контрола и
- други мерки кои произлегуваат од одредбите од овој закон.

### Член 10

(1) Обврската за преземање на мерките и дејствијата предвидени со овој закон, постои и во случај кога субјектите се во постапка на стечај и ликвидација.

(2) Обврската од ставот (1) на овој член ја извршува стечајниот управник до завршување или заклучување на стечајната постапка, односно ликвидатор до завршување на ликвидаторна постапка.

**Изготвување на проценка на ризикот од перење пари и финансирање на тероризам**

Член 11

(1) Субјектите се должни да подготват проценка на ризикот од перење пари и финансирање на тероризам со цел да ги идентификуваат, проценат, разберат и намалат ризиците од перење пари и финансирање на тероризам, земајќи ги предвид факторите на ризик кои се однесуваат на:

а) клиентот;

б) државите или географските подрачја;

в) производите, услугите или трансакциите и

г) каналите на дистрибуција.

(2) Проценката на ризикот од ставот (1) на овој член мора да биде документирана и соодветна на големината на субјектот, видот, опфатот и сложеноста на неговата деловна активност.

(3) Субјектот е должен редовно да ја ажурира проценката на ризикот од ставот (1) на овој член.

(4) Субјектот е должен проценката на ризикот од ставот (1) на овој член да ја достави на барање на надлежните органи на надзор од членот 151 од овој закон.

(5) Субјектот е должен проценката на ризикот од ставот (1) на овој член да ја усогласи со националната проценка на ризикот како и со останатите акти, документи и информации кои ги објавуваат надлежните органи на надзор од членот 151 од овој закон.

(6) Субјектот е должен, пред да направи значителни промени во своите деловни активности и процеси кои можат да влијаат на мерките кои се преземаат со цел спречување на перење пари и финансирање на тероризам, како и при воведување на нов производ, услуга, активност или канал на дистрибуција, како и при воведување на нови технологии, да спроведе проценка на ризикот со цел утврдување и проценка на тоа како промените влијаат на изложеноста на ризикот од перење пари и финансирање на тероризам и е должен да преземе соодветни мерки за намалување и за ефикасно управување со ризикот.

(7) Органите на надзор од членот 151 од овој закон се должни да подготват упатство за вршење на проценка на ризикот за субјектите за кои вршат надзор.

**Воведување и примена на Програми за ефикасно намалување и управување со идентификуваниот ризик од перење пари и финансирање на тероризам**

Член 12

(1) Субјектите се должни да подготват и применуваат Програма за ефикасно намалување и управување со идентификуваниот ризик од перење пари и финансирање на тероризам која содржи:

- цели, обем и начин на работа на системот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам на субјектот,
- организациска структура на субјектот, позиција на овластеното лице и неговиот заменик во организациската структура,
- податоци за овластеното лице и неговиот заменик,
- овластувања и одговорности на овластеното лице и неговиот заменик,

- овластувања и одговорности на сите вработени во субјектот кои учествуваат во спроведувањето на одредбите на овој закон и подзаконските акти донесени врз негова основа,
- заклучоци од спроведената проценка на ризик и начин на управување со ризик од перење пари и финансирање на тероризам,
- мерки на анализа на клиентот и прифатливост на клиенти,
- начин на препознавање на невообичаени трансакции и трансакции на сомневање за перење пари и финансирање на тероризам,
- начин на воспоставување на внатрешен механизам за навремено и соодветно известување,
- начин на чување на податоците и документите,
- начин на доставување на извештаи до Управата,
- план за постојана обука на вработените во субјектот од областа на спречување на перење пари и финансирање на тероризам која обезбедува реализација на најмалку две обуки во текот на годината,
- процедура и план на вршење на внатрешна контрола на спроведување на мерките и дејствијата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам соодветни на големината и видот на субјектот и
- скрининг процедури при вработување и за вработените со цел да се обезбедат високи стандарди за спречување перење пари и финансирање на тероризам.

(2) За субјектите од овој закон кои имаат обврска за формирање на посебен оддел согласно со овој закон, покрај елементите од ставот (1) на овој член, програмата треба да содржи и елементи за независна ревизорска функција за тестирање на целокупниот внатрешен систем за спречување перење пари и финансирање на тероризам во зависност од големината и природата на дејноста на субјектот.

(3) Високото раководство на субјектот е должно да ја донесе програмата од ставот (1) на овој член, редовно да ја следи и оценува нејзината соодветност, усогласеност и ефикасност и доколку е потребно, да ги засили мерките кои ги презема субјектот.

**Анализа на клиентот**

Член 13

Субјектите се должни да спроведуваат анализа на клиентот во следниве случаи:

а) кога се воспоставува деловен однос со клиентот;

б) кога се извршува повремена трансакција во износ од 15.000 евра или повеќе во денарска противвредност според средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија, без оглед дали трансакцијата се извршува како една операција или неколку операции кои се меѓусебно очигледно поврзани;

в) кога се извршува повремена трансакција која претставува пренос на парични средства, вклучувајќи и виртуелни средства во вредност поголема од 1.000 евра во денарска противвредност според средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија;

г) кај игри на среќа во случај на уплата и исплата на добивка, како и при купување или исплаќање на чипови или кредити во износ од 1.000 евра или повеќе во денарска противвредност според средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија, без оглед дали трансакцијата се извршува како една трансакција или неколку трансакции кои се меѓусебно очигледно поврзани и кои вкупно достигнуваат вредност од 1.000 евра или повеќе во денарска противвредност според средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија;

д) кога постои сомневање за вистинитоста или соодветноста на претходно добиените податоци за идентитетот на клиентот или вистинскиот сопственик и

ѓ) кога постои сомневање за перење пари или финансирање на тероризам, без оглед на каков било исклучок или износ на средства.

**Случаи кога не се спроведува анализа на клиентот**

Член 14

(1) Субјектите не се обврзани да ги спроведуваат мерките од членот 15 од овој закон во врска со електронските пари, доколку со Националната проценка на ризик е утврден низок ризик од перење пари и финансирање тероризам и доколку се исполнети следниве услови:

1) платниот инструмент не се надополнува или вкупниот износ на трансакции на месечно ниво е ограничен во износ од 150 евра во денарска противвредност, според средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија и може да се користи само во Република Северна Македонија;

2) максималниот износ на платниот инструмент не надминува 150 евра во денарска противвредност според средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија;

3) платниот инструмент се користи исклучиво за набавка на стоки или услуги;

4) платниот инструмент да не биде издаден како анонимен и

5) издавачот на платниот инструмент ги следи и контролира трансакциите или деловните односи, со цел да открие сложени или невообичаени трансакции или сомнителни трансакции.

(2) Исклучокот од ставот (1) на овој член, не важи во случаи на откуп на електронски пари во готово или подигнување на пари во готовина во еквивалентна вредност на електронските пари поголеми од 50 евра во денарска противвредност според средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија.

(3) Одредбите од ставот (1) на овој член не се применуваат во случаи кога постојат причини за сомневање за перење пари или финансирање тероризам.

**Мерки на анализата на клиентот**

Член 15

(1) Анализата на клиентот од членот 13 од овој закон вклучува:

а) идентификација на клиентот и потврдување на неговиот идентитет со користење на документи, податоци и информации од сигурни и независни извори, вклучително и со употреба на средства за електронска идентификација издадени во рамки на регистрирана шема за електронска идентификација на високо ниво на сигурност согласно со закон доколку е возможно;

б) идентификација на лицето кое дејствува во име и за сметка на клиентот и потврдување дека истото е овластено за тоа како и потврдување на неговиот идентитет со користење на документи, податоци и информации од сигурни и независни извори, вклучително и со употреба на средства за електронска идентификација издадени во рамки на регистрирана шема за електронска идентификација на високо ниво на сигурност согласно со закон доколку е возможно;

в) идентификација на вистинскиот сопственик на клиентот и преземање на соодветни мерки за потврдување на неговиот идентитет, со користење на документи, податоци и информации од сигурни и независни извори со цел субјектот да е уверен дека знае кој е вистинскиот сопственик;

г) разбирање и соодветно обезбедување на информации за целта и намерата на деловниот однос и

д) постојано следење на деловниот однос кое се состои од:

- постојано следење на трансакциите кои се остваруваат во рамки на воспоставениот деловен однос со цел да се осигура дека овие трансакции се конзистентни со профилот на ризик и бизнисот на клиентот, а во случај кога е потребно и утврдување на изворите на средства и

- осигурување дека документите и податоците обезбедени во рамки на анализата на клиентот се важечки, ажурирани и релевантни преку редовна проверка на истите, особено за клиентите со повисок ризик.

(2) Кога клиентот е правно лице или правен аранжман, субјектот е должен да преземе мерки со цел да ја утврди сопственичката и контролната структура.

(3) Субјектот е должен да обезбеди доволно информации за да се осигура дека ќе може да го утврди идентитетот на корисникот или групата корисници на трустот или друг правен аранжман, во моментот на исплатата или во моментот кога корисникот или групата корисници на имотот ќе одлучи да ги користи доделените права.

(4) Субјектите се должни да вршат проценка на ризик за секој клиент и да ја применуваат секоја мерка од анализата на клиентот, во согласност со профилот на ризик на клиентот.

(5) Субјектите се должни да им ги направат достапни на надлежните органи на надзор од членот 151 од овој закон документите за проценка на ризикот на клиентот, за да потврдат дека утврдениот ризик од перење пари и финансирање на тероризам е соодветен и дека обемот на преземените мерки е во согласност со ризикот на клиентот.

(6) Субјектите се должни да ги применуваат мерките за анализа на клиентот и на постојните клиенти врз основа на релевантноста, значајноста, ризикот и да ги спроведуваат истите во соодветен временски период и земајќи ги предвид претходните активности кои биле преземени во рамки на анализата на клиентот и соодветноста на добиените податоци.

## Идентификација и потврдување на идентитетот

Член 16

(1) Идентификацијата и потврдувањето на идентитетот на клиентот, лицето кое дејствува во име и за сметка на клиентот, ополномоштувачот и вистинскиот сопственик, субјектите се должни да го извршат пред да воспостават деловен однос или пред да извршат повремена трансакција.

(2) По исклучок на ставот (1) на овој член, субјектите може да го потврдат идентитетот на клиентот, лицето кое дејствува во име и за сметка на клиентот, ополномоштувачот или вистинскиот сопственик во текот на воспоставување на деловниот однос, за да не се наруши водењето на деловниот однос и кога постои низок ризик од перење пари и финансирање на тероризам.

(3) Во работите поврзани со осигурување на живот, дозволено е потврдувањето на идентитетот на клиентот, лицето кое дејствува во име и за сметка на клиентот, ополномоштувачот или вистинскиот сопственик на полисата, да се изврши откако деловниот однос е воспоставен. Во овој случај потврдувањето на идентитетот треба да се изврши пред или за време на исплаќањето на полисата или пред или кога корисникот има намера да ги изврши правата кои произлегуваат од полисата.

**Идентификување и потврдување на идентитетот на клиентот**

Член 17

(1) Кога клиентот е физичко лице се идентификува и се потврдува неговиот идентитет со поднесување на оригинален и важечки документ за идентификација, издаден од надлежен орган, а доколку е возможно и со употреба на средства за електронска идентификација издадени во рамки на регистрирана шема за електронска идентификација на високо ниво на сигурност согласно со закон.

(2) Од документот од ставот (1) на овој член, а доколку е возможно и од податоците за идентификација на лица кои употребуваат средства за електронска идентификација, се утврдува име, презиме, дата и место на раѓање, место и адреса на живеалиште или престојувалиште, единствен матичен број или број за идентификација и број на важечкиот документ за идентификација или сериски број на средството за електронска идентификација, органот кој го издал документот и дата на важење, односно назив на издавачот на средството за електронска идентификација и периодот на важност на средството за електронската идентификација.

(3) Кога клиентот е правно лице се идентификува и неговиот идентитет се потврдува со документ за регистрација во оригинал или копија заверена на нотар, издаден од надлежен орган на државата во која е регистрирано правното лице која не смее да биде постара од шест месеци, вклучително и со употреба на средства за електронска идентификација издадени во рамки на регистрирана шема за електронска идентификација на високо ниво на сигурност согласно со закон доколку е возможно. Документот за регистрација или основање се поднесува во хартиена и/или електронска форма. Документите за регистрација издадени од надлежен орган на странска држава, треба да бидат преведени на македонски јазик од страна на овластен судски преведувач.

(4) Од документот од ставот (3) на овој член, а доколку е возможно и од податоците за идентификација на правни лица кои употребуваат средства за електронска идентификација, се утврдува називот, правната форма, седиштето, даночниот број или друг регистрациски број на правното лице, законскиот застапник, органот на управување или лицата овластени за воспоставување на деловен однос, односно извршување на трансакција во име на клиентот.

(5) Кога клиентот е правен аранжман се идентификува и неговиот идентитет се потврдува со акт за основање на правниот аранжман во оригинал или копија заверена на нотар од која се утврдува формата, седиштето, даночниот број или друг регистрациски број на правниот аранжман, основачот/ите, повереникот/ците, корисник или група на корисници на правниот аранжман, законскиот застапник, органот на управување и лицата овластени за воспоставување на деловен однос, односно извршување на трансакција во име на клиентот.

(6) Субјектите задолжително задржуваат копија во хартиена и/или електронска форма од документите од ставовите (1), (3) и (5) на овој член, како и електронски записи од податоците од ставовите (1), (3) и (5) на овој член за идентификација на лица кои употребиле средства за електронска идентификација обезбедени преку употреба на средствата за електронска идентификација издадени во рамки на регистрирана шема за електронска идентификација на високо ниво на сигурност, при што применуваат технички и организациски мерки согласно со прописите за заштита на личните податоци согласно со закон.

(7) Субјектите може да побараат и други податоци, информации и документи од клиентот и/или сигурни и независни извори за потврдување на идентитетот на клиентот.

(8) Идентификација и потврдување на идентитетот на клиентот со користење на средства за електронска идентификација издадени во рамки на регистрирана шема за електронска идентификација на високо ниво на сигурност согласно со овој закон не е дозволена:

1) за производи, услуги, трансакции или канали на дистрибуција за кои е утврден висок ризик од перење пари и финансирање на тероризам во согласност со одредбите од овој закон;

2) ако клиентот е малолетно физичко лице;

3) ако клиентот е физичко или правно лице кое е државјанин или има живеалиште или престојувалиште, односно седиште во високоризична држава во согласност со одредбите од овој закон;

4) ако субјектот утврди дека средството за електронска идентификација не е валидно, а издавачот на регистрираната шема за електронска идентификација сè уште не го суспендирал истото;

5) ако средството за електронска идентификација не ги содржи потребните податоци согласно со овој член.

**Идентификување и потврдување на лицето кое дејствува во име и за сметка на клиентот**

Член 18

(1) Субјектите се должни да утврдат дали лицето дејствува во име и за сметка на клиентот.

(2) Во случаите од ставот (1) на овој член, субјектите се должни да го идентификуваат и да го потврдат идентитетот на лицето кое дејствува во име и за сметка на клиентот, клиентот односно носителот на правата и полномошното и тоа врз основа на документи, податоци и информации од сигурни и независни извори, а доколку е возможно и со употреба на средства за електронска идентификација издадени во рамки на регистрирана шема за електронска идентификација на високо ниво на сигурност согласно со закон.

(3) Субјектите се должни полномошното од ставот (2) на овој член да го обезбедат во оригинал или копија заверена на нотар.

(4) Субјектите задолжително задржуваат копија во хартиена и/или електронска форма од документите од ставовите (2) и (3) на овој член, како и електронски записи од податоците од ставот (2) на овој член за идентификација на лица кои употребиле средства за електронска идентификација обезбедени преку употреба на средствата за електронска идентификација издадени во рамки на регистрирана шема за електронска идентификација на високо ниво на сигурност, при што применуваат технички и организациски мерки согласно со прописите за заштита на личните податоци.

(5) Документите од ставовите (2) и (3) на овој член издадени, односно заверени од страна на надлежен орган во странска држава, треба да бидат преведени на македонски јазик од страна на овластен судски преведувач.

**Идентификување и потврдување на идентитетот на вистинскиот сопственик**

Член 19

(1) Субјектите се должни да го идентификуваат вистинскиот сопственик на нивниот клиент и да преземат соодветни мерки за да го потврдат идентитетот на вистинскиот сопственик врз основа на податоци и информации од сигурни и независни извори, со кои се убедени и знаат кој е вистинскиот сопственик на клиентот во обем соодветен на извршената проценка на ризикот.

(2) Субјектите, податоците за вистинскиот сопственик ги обезбедуваат од оригиналната или заверената документација од трговски, судски или друг јавен регистар, која не смее да биде постара од шест месеци.

(3) Субјектите, податоците за вистинскиот сопственик, покрај мерките од ставовите (1) и (2) на овој член, се должни да ги проверат од регистарот на вистински сопственици, при што, не смеат исклучиво да се потпрат на податоците внесени во овој регистар.

(4) Во случај кога повереникот/управителот на трустот, односно лицето кое извршува слични функции во правниот аранжман дејствува во име и за сметка на трустот или правниот аранжман, при воспоставување на деловен однос или при извршување на трансакција, субјектот е должен да обезбеди информации поткрепени со документи со кои ќе утврди дека лицето дејствува во тоа својство како и да обезбеди информации за идентитетот на лицата утврдени во членот 22 од овој закон.

(5) Субјектите задолжително задржуваат копија во хартиена и/или електронска форма од документите и информациите од ставовите (1), (2), (3) и (4) на овој член, при што применуваат технички и организациски мерки согласно со прописите за заштита на личните податоци.

(6) Доколку субјектите не можат да ги добијат сите податоци за вистинскиот сопственик на клиентот од трговскиот, судскиот или друг јавен регистар или регистарот на вистински сопственици, потребните податоци треба да ги обезбедат со проверка на оригиналните или заверени документи и деловни евиденции поднесени од страна на законскиот застапник на клиентот или лице овластено од него.

(7) Доколку клиентот не подлежи на упис во соодветен регистар и субјектите не можат да ги добијат потребните податоци за вистинскиот сопственик на начинот опишан во ставовите (2), (3), (4), (5) и (6) на овој член, субјектите се должни податоците да ги обезбедат директно со писмена изјава под полна морална и материјална одговорност заверена на нотар на законскиот застапник или лице овластено од него пред да воспостават деловен однос или пред да извршат трансакција.

(8) Доколку по утврдувањето на вистинскиот сопственик, субјектите се сомневаат во врска со веродостојноста на доставените податоци или веродостојноста на документите или другата деловна документација, се должни да побараат писмена изјава од законскиот застапник под полна морална и материјална одговорност заверена на нотар или од него овластено лице пред да воспостават деловен однос или пред да извршат трансакција.

(9) Во случаите од ставовите (6), (7) и (8) на овој член, субјектите се должни да применат една или повеќе мерки за засилена анализа согласно со одредбите на овој закон.

(10) Директорот на Управата со упатство го утврдува начинот на идентификување на вистинскиот сопственик.

**Вистински сопственик на правно лице**

Член 20

(1) Вистински сопственик на правно лице е:

1) Физичкото лице (лица) кое крајно го поседува или го контролира правното лице преку директна и/или индиректна сопственост на доволен процент од уделите, односно акции или права на глас како и преку друг сопственички интерес во тоа правно лице, вклучително и преку акции на доносители или друг облик на контрола.

2) Физичко лице (лица) кое има висока управувачка позиција во правното лице, односно кое со закон и интерните акти е овластено да управува и е одговорно за работењето на правното лице.

(2) Индикатор на директна сопственост од ставот (1) точка 1) на овој член е сопственоста на над 25% од уделите, правата на глас или други права во правното лице или сопственоста на 25% плус една акција.

(3) Индикатор на индиректна сопственост од ставот (1) точка 1) на овој член е сопственоста или контролата на физичко лице (лица) над едно или повеќе правни лица кои поединечно или заедно имаат над 25% од уделите или 25% плус една акција.

(4) Ако со примена на ставот (1) точка 1) на овој член не може да се утврди физичко лице/а за вистински сопственик/ци или ако субјектот не е сигурен дека физичкото лице/а идентификувано/и согласно со ставот (1) точка 1) на овој член е/се вистински сопственик/ци, во тој случај за вистински сопственик/ци е/се смета лицето/та идентификувано/ни со примена на ставот (1) точка (2) на овој член.

(5) Во случаите пропишани со ставот (4) на овој член субјектот е должен да ги чува податоците, односно евиденцијата за сите преземени мерки и активности во процесот на идентификување на вистинскиот сопственик.

**Вистински сопственик на други правни лица**

Член 21

Вистински сопственик на домашни и странски здруженија и нивни сојузи, установи, комори, синдикати, политички партии, задруги, верски заедници, заедници на сопственици или други организации во кои учеството во управувањето врз основа на сопственички удел во капиталот не е можно да се утврди, се смета секое физичко лице кое е овластено да ги застапува или физичкото лице кое има контролна позиција во управувањето со имотот на организацијата.

**Вистински сопственик на труст или друг правен аранжман**

Член 22

(1) Вистински сопственик на труст е секое физичко лице кое е:

1) основач (settlor);

2) повереник (trustee);

3) заштитник (protector) (доколку има);

4) корисник или група на корисници (beneficiaries) под услов идните корисници да се утврдени или да можат да се утврдат;

5) друго физичко лице кое преку директна или индиректна сопственост или на друг начин врши контрола над трустот.

(2) Вистински сопственик на правен аранжман е лице/а кое/и извршува/ат функција/и иста/и или слична/и на оние од ставот (1) на овој член.

(3) Вистински сопственик на фондација е лице/а кое/и извршува/ат функција/и иста/и или слична/и на оние од ставот (1) на овој член.

**Вистински сопственик на трговец поединец или на самостојни вршители на дејност**

Член 23

Вистински сопственик на трговец поединец или самостојни вршители на дејност е физичкото лице регистрирано за вршење на дејноста и во исто време е единствен овластен претставник.

**Вистински сопственик на буџетски корисници**

Член 24

Вистински сопственик на буџетски корисник е раководител на буџетскиот корисник.

**Вистински сопственик на правно лице во државна сопственост**

Член 25

Вистински сопственик на правно лице во државна сопственост е лицето кое управува или раководи со органот на управување на правното лице во државна сопственост.

**Вистински сопственик на правно лице кое е во постапка на стечај или ликвидација**

Член 26

Вистински сопственик на правно лице кое е во постапка на стечај или ликвидација е стечајниот управник, односно ликвидаторот до завршувањето на постапката на стечај, односно ликвидација.

**Исклучоци во однос на идентификацијата на вистинскиот сопственик**

Член 27

Субјектот не мора да го идентификува и потврди идентитетот на вистинскиот сопственик доколку клиентот, е правно лице чии хартии од вредност котираат на домашна или странска берза на хартии од вредност од држави кои ги исполнуваат меѓународните стандарди за спречување на перење пари и финансирање на тероризам и податоците за вистинските сопственици се транспарентни и јавно достапни.

**Обврска за обезбедување и чување на податоци за вистинскиот сопственик**

Член 28

(1) Обврска за обезбедување и чување на податоци и документи за вистинскиот сопственик имаат субјектите на упис во регистрите кои се водат при Централниот регистар на Република Северна Македонија и трустови и други правни аранжмани основани согласно со правото на странска земја (во натамошниот текст: правни субјекти) и тоа:

1) трговски друштва, трговец поединец, самостојни вршители на дејност, подружници и филијали на странски трговски друштва и странски трговец поединец;

2) здруженија, сојузи, фондации, комори, синдикати, политички партии, задруги, верски заедници, заедници на сопственици, претставништва на странски трговски друштва или други организации;

3) нотари, адвокати и други лица кои вршат јавни овластувања;

4) буџетски корисници;

5) правни лица во државна сопственост;

6) правни лица во постапка на стечај или ликвидација и

7) Трустови и правни аранжмани доколку:

а) повереникот или лице кое извршува активвности, еднакви или слични на оние од членот 22 од овој закон и има седиште или престојувалиште во Република Северна Македонија или

б) повереникот или лице кое извршува актвности еднакви или слични на оние од членот 22 од овој закон и нема седиште или престојувалиште во Република Северна Македонија, а во име на трустот или правниот аранжман стекнува имот или воспоставува деловни односи со субјектите пропишани со овој закон или

в) имаат добиено единствен даночен број (ЕДБ) во Република Северна Македонија согласно со закон.

(2) Правните субјекти од ставот (1) точки 1), 2), 3) и 7) на овој член се должни да обезбедат и чуваат соодветни, точни и ажурни податоци и документи за:

1) вистинскиот сопственик/ци и тоа:

а) име и презиме;

б) адреса на живеалиште, односно престојувалиште;

в) ден, месец и година на раѓање;

г) единствен матичен број или друг идентификациски број и податок за видот, бројот, издавачот, државата и датумот на издавање на документот за идентификација;

д) државјанство и

ѓ) податоци за видот и обемот на вистинската сопственост.

2) правната форма и сопственичката структура, а трговските друштва и податоци за уделите, влоговите или друга форма на учество во сопственоста на друштвото.

(3) Правните субјекти од ставот (1) точки 4), 5) и 6) на овој член се должни да поседуваат и чуваат соодветни, точни и ажурни податоци од ставот (2) точка 1) на овој член.

(4) Лицата кои се вистински сопственици се должни да ги достават сите податоци и документи од ставот (2) на овој член на правните лица и на повереникот/управителот или на лице кое извршува слични активности во правниот аранжман.

(5) Правните субјекти од ставот (1) се должни да обезбедат информации и документи за нивниот сопственик и вистински сопственик на субјектите од членот 5 од овој закон заради спроведување на анализа на клиентот во согласност со овој закон.

(6) Правните субјекти од ставот (1) се должни да ги чуваат податоците за вистинскиот сопственик од овој член во рок од десет години од денот на основањето на правниот субјект, односно од денот на промената на вистинскиот сопственик на правниот субјект.

**Регистар на вистински сопственици**

Член 29

(1) Заради обезбедување на транспарентност на сопственичката структура на правните субјекти се воспоставува регистар на вистински сопственици кој содржи информации и податоци за вистинските сопственици во согласност со овој закон (во натамошниот текст: регистар).

(2) Централниот регистар на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: администратор на регистарот) го воспоставува, води, одржува и управува со регистарот во електронска форма.

**Подносители**

Член 30

(1) Овластеното лице за застапување и претставување на правниот субјект од членот 28 став (1) од овој закон е должно да ги внесе податоците во регистарот.

(2) Правните субјекти преку системот на администраторот на регистарот може да овластат друго лице во нивно име да ги внесе податоците за нивните вистински сопственици, како и податоците за промените на вистинските сопственици во регистарот.

(3) Правните субјекти од членот 28 став (1) од овој закон се одговорни за точноста, соодветноста и ажурноста на податоците внесени во регистарот.

(4) Регистрацискиот агент или администраторот на регистарот во постапката на упис е должен да го запознае правниот субјект за обврската за задолжително запишување на податоците за вистинскиот сопственик.

**Внесување на податоци во регистарот**

Член 31

(1) Трговските друштва, подружници и филијали на странски трговски друштва и странски трговец поединец, здруженија, сојузи, фондации, комори, синдикати, политички партии, задруги, верски заедници, заедници на сопственици, претставништва на странски трговски друштва или други организации ги внесуваат податоците за нивните вистински сопственици во регистарот во рок од 15 дена од уписот на деловниот субјект во трговскиот регистар и во регистарот на други правни лица во рок од 15 дена од промената на податоците за вистинскиот сопственик.

(2) Трустовите и правните аранжмани ги внесуваат податоците за нивниот/те вистински сопственик/ци во регистарот во рок од 15 дена од денот кога повереникот/управителот или лице кое извршува активности, еднакви или слични како оние опишани со членот 22 од овој закон, се стекнал со седиште или престојувалиште во Република Северна Македонија, односно во име на трустот или правниот аранжман стекнал имот односно воспоставил деловни односи со субјектите пропишани со овој закон или од денот кога добил единствен даночен број (ЕДБ) во Република Северна Македонија согласно со закон.

(3) Во регистарот се запишуваат следниве податоци:

1) податоци за правниот субјект со исклучок на правните аранжмани: назив, седиште, ЕМБС и даночен број, датум на основање и бришење на деловниот субјект кои по службена должност и автоматски се преземаат и евидентираат од единствениот трговски регистар и регистарот на други правни лица;

2) податоци за правен аранжман: назив, датум и место на основање, даночен број или друг идентификациски број и земја под чие право е основан;

3) податоци за вистинскиот сопственик: име и презиме (лично име), единствен матичен број или друг идентификациски број, адреса на живеалиште, односно престојувалиште, датум на раѓање и државјанство, кои по службена должност и со користење на електронски средства се преземаат од Централниот регистар на население, со внесување на единствениот матичен број на граѓанинот, за граѓани на Република Северна Македонија кои живеат во државата или во странство, како и странци со уреден престој во Република Северна Македонија подолго од една година или се внесуваат од страна на подносителот за странец со латинско писмо, како што се запишани во важечкиот документ за идентификација;

4) податоци за сопственоста на вистинскиот сопственик и

5) податоци за денот од кога лицето/та се стекнало/е со својство на вистински сопственик согласно со овој закон.

(4) Странски државјани со уреден престој во Република Северна Македонија подолго од една година покрај податоците од ставот (3) точка 3) на овој член внесуваат и податок за странски идентификациски број, странска адреса (адреса на постојан престој-живеалиште) и држава на постојан престој согласно со важечкиот документ за идентификација.

(5) Администраторот на регистарот го води и управува регистарот на начин што:

- покрај последниот статус на податоците за вистинските сопственици, исто така, се чуваат сите претходни записи, измени на податоци и бришење според времето и видот на настанот и

- податоците во регистарот се достапни десет години по бришењето на правниот субјект од надлежен регистар.

(6) Внесувањето на податоците се врши електронски, преку веб-порталот на администраторот на регистарот, без надоместок во законски предвидените рокови, со примена на технички и организациски мерки согласно со прописите за заштита на личните податоци.

(7) Доколку подносителот на пријавата во регистарот на вистински сопственици поднел пријава која содржи очигледни технички грешки, истиот може да ја исправи во рок од три дена од денот на поднесување на пријавата.

(8) Во случај на недостапност на системот на Централниот регистар на население, како и во случај кога конкретниот ЕМБГ не е евидентиран во рамките на истиот, податоците за: лично име (име и презиме), единствен матичен број или друг идентификациски број, адреса на живеалиште, односно престојувалиште, датум на раѓање, државјанство за граѓани на Република Северна Македонија кои живеат во државата или во странство, како и странски државјани со уреден престој во Република Северна Македонија подолго од една година, се внесуваат рачно од страна на подносителот на пријавата.

(9) Министерот за финансии го пропишува начинот на внесување, пријавување, исправка и бришење на податоците од регистарот, начинот на изразување на висината на уделот (индикатор за утврдување на сопственоста), начинот на пребарување и користење, начинот на одржување и администрирање и техничките барања (потреби) за воспоставување на регистарот.

Член 32

(1) Во случај кога субјектот преку директна проверка во електронскиот систем на Регистарот ќе утврди дека податоците и информациите за вистинскиот сопственик на правниот субјект од членот 28 од овој закон не е/се запишан/и или пак ажуриран/и во регистарот на вистински сопственици согласно со овој закон, субјектот е должен да го одложи воспоставувањето на деловниот однос, да ја одложи трансакцијата во рамки на воспоставен деловен однос или да го одложи извршувањето на трансакција сè додека податоците и информациите не се внесат во регистарот.

(2) Во случаите од ставот (1) на овој член и доколку субјектот утврди несогласувања помеѓу информациите за вистинскиот сопственик/ци запишани, односно ажурирани во регистарот и информациите за вистинскиот сопственик што им се достапни врз основа на спроведената анализа на клиентот согласно со овој закон, субјектот е должен веднаш да ја извести Управата по електронски пат. Доколку ваквиот начин на доставување е оневозможен од технички причини, субјектите ја информираат Управата во писмена форма.

(3) Директорот на Управата со упатство го утврдува начинот на доставување информациите од ставот (2) на овој член.

**Пристап до податоците за вистински сопственици**

Член 33

(1) Податоците кои се запишуваат во регистарот директно и врз основа на електронски пристап им се достапни на:

1) Управата;

2) Судовите;
3) Органите согласно со членовите 130 став (1) и 151 став (1) од овој закон;
4) Субјектите од членот 5 од овој закон;
5) другите правни и физички лица.

(2) Надлежните органи од ставот (1) точки 1), 2) и 3) на овој член можат сите податоци содржани во регистарот без надоместок, навремено да ги обезбедат согласно со Законот за Централен регистар како и да ги проследат до надлежните органи и единиците за финансиско разузнавање на други земји во согласност со своите надлежности утврдени со закон.

(3) Субјектите од ставот (1) точка 4) на овој член имаат навремен пристап до сите податоци содржани во регистарот согласно со Законот за Централен регистар и да ги користат за извршување на своите надлежности согласно со овој закон.

(4) Податоците од регистарот за име и презиме, месец и година на раѓање, државјанство, земја на престој, сопственички удел или друга форма и вид на сопственост или контрола, во форма на информација, а во согласност со Тарифата на администраторот на регистарот се јавно достапни за правните и физички лица од ставот (1) точка 5) на овој член.

**Издавање на податоците за вистински сопственици**

Член 34

(1) Информациите за вистинскиот сопственик за субјектите кои подлежат на упис во регистарот согласно со овој закон се издаваат согласно со последно впишаните податоци во Централниот регистар на население и регистарот на вистински сопственици на денот на издавањето на истата. Во случај на недостапност на системот на Централниот регистар на население во моментот на издавањето на информацијата, податоците за вистинскиот сопственик за субјектите кои подлежат на упис во регистарот согласно со овој закон, се издаваат согласно со последно впишаните податоци во регистарот на вистински сопственици.

(2) Информацијата за вистинскиот сопственик на трговецот поединец, самостојните вршители на дејност и лицата кои вршат јавни овластувања, како и на буџетските корисници, правни лица во целосна државна сопственост и правни лица во постапка на стечај и ликвидација се издава согласно со последно впишани податоци во единствениот трговски регистар и регистарот на други правни лица и регистарот на буџетски корисници во надлежност на Министерството за финансии.

**Проверка на податоците во регистарот**

Член 35

(1) Администраторот на регистарот врши проверка на податоците во регистарот и утврдува дали правните субјекти од членот 28 став (1) од овој закон ги впишале податоците од членот 31 од овој закон, промената на тие податоци во рокот и на начин пропишан согласно со прописот од членот 31 од овој закон.

(2) Администраторот на регистарот, веднаш ја информира Управата по електронски пат за правните субјекти од членот 28 став (1) од овој закон кои не ги впишале податоците од членот 31 од овој закон и не ја впишале промената на тие податоци на начин и во рок пропишан согласно со прописот од членот 31 од овој закон.

**Обработка на податоците во регистарот**

Член 36

(1) Управата врши континуирана обработка на впишаните податоци од членот 31 од овој закон во регистарот од страна на правните субјекти од членот 28 став (1) од овој закон.

(2) За целите на обработката на податоците од ставот (1) на овој член, Управата користи и софтверски решенија, кои треба да ги исполнуваат прописите за заштита на лични податоци.

(3) Информациите од обработката на податоците за сопственичката структура, преку регистарот на вистинските сопственици им се достапни на субјектите од овој закон за да ги користат за целите на примена на мерките и дејствијата за спречување перење пари и финансирање на тероризам.

**Постојано следење на деловен однос**

Член 37

(1) Субјектот е должен внимателно да ги следи деловните активности и трансакциите кои се вршат во рамки на деловниот однос со клиентот, со цел да се потврди дека истите се во согласност со целта и намерата на деловниот однос, ризичниот профил на клиентот, неговата финансиска состојба и неговите извори на финансирање.

(2) Субјектот е должен да врши редовна проверка и ажурирање на документите и податоците за клиентите, вистинските сопственици и ризичниот профил на клиентите со кои има воспоставено деловен однос.

(3) Субјектот е должен да обезбеди дека обемот и зачестеноста на спроведувањето на мерките од ставот (2) на овој член се во согласност со анализата и проценката на ризикот од членот 11 од овој закон и дека истите се усогласени со ризикот од перење пари и финансирање на тероризам на кои субјектот е изложен во текот на извршување на определена деловна активност или трансакција, односно во рамки на деловниот однос со клиентот.

**Поедноставена анализа на клиент**

Член 38

(1) Субјектите можат да применат поедноставени мерки за анализа на клиентот, кога согласно со одредбите од членот 11 од овој закон утврдиле дека постои низок ризик од перење пари и/или финансирање на тероризам.

(2) При одлучувањето за примена на поедноставени мерки за анализа на клиентот, субјектите се должни да ги земат предвид и резултатите од националната проценка на ризикот.

(3) Мерки на поедноставена анализа на клиентот може да бидат:

- потврдување на идентитетот на клиентот или вистинскиот сопственик по воспоставувањето на деловниот однос,
- намалување на зачестеноста на ажурирањето на документите и податоците за клиентите и/или
- намалување на степенот на следење на деловниот однос и трансакциите на клиентот.

(4) Субјектите се должни да обезбедат соодветна документација врз основа на која ќе може да се потврди дека е дозволена примена на поедноставена анализа на клиентот и дека мерките на поедноставена анализа на клиентот се соодветни на ризикот, како и да ја направат достапна таа документација на органите на надзор од членот 151 од овој закон.

(5) Поедноставената анализа на клиентот не е дозволена кога во однос на клиентот, трансакцијата, деловниот однос или имотот постои сомневање за перење пари или финансирање на тероризам, се применуваат специфични сценарија на висок ризик од перење пари или финансирање на тероризам или во случаите на сложени и невообичаени трансакции.

**Засилена анализа на клиентот**

Член 39

(1) Во случаите кога постои висок ризик и средно-висок ризик од перење пари или финансирање тероризам, утврден во согласност со членот 11 од овој закон или врз основа на национална проценка на ризик од овој закон или во случај на сомневање за перење пари и/или финансирање тероризам, освен во случаите пропишани со членовите 40, 41, 42, 43, 44 и 45 од овој закон, субјектот е должен да ги преземе сите мерки за засилена анализа на клиентот за соодветно управување со ризик и тоа:

- обезбедување дополнителни податоци за клиентот и вистинскиот/те сопственик/ци,
- зачестено ажурирање на документи и податоци за клиентот,
- обезбедување дополнителни податоци за природата на деловните односи и трансакциите на клиентот,
- обезбедување дополнителни податоци за изворот на средства и изворот на богатството на клиентот,
- обезбедување информации за причината за планираните или извршени трансакции,
- обезбедување одобрение од високото раководство за воспоставување на нови или продолжување на деловните односи и
- засилено следење на деловните односи.

(2) Спроведувањето на мерките на засилена анализа од ставот (1) на овој член субјектот е должен да ги документира и да ја направи достапна таа документација на органите на надзор од членот 151 од овој закон.

**Кореспондентен однос**

Член 40

(1) Кога се воспоставуваат прекугранични кореспондентски односи, финансиската институција е должна да ги преземе следниве мерки на засилена анализа:

а) да прибере доволно податоци за кореспондентната финансиска институција за потполно да ја утврди нејзината дејност и од јавно достапни информации да ја определи нејзината репутација, како и квалитетот на супервизијата, вклучително и дали била предмет на истрага за перење пари или финансирање на тероризам или друга мерка на надзор;

б) да ги процени процедурите и контролните механизми за спречување на перење пари и финансирање на тероризам на кореспондентната финансиска институција;

в) да обезбеди одобрение од високото раководство пред воспоставување на нов кореспондентски однос;

г) да ги утврдат и прецизно да ги пропишат меѓусебните одговорности кои произлегуваат од кореспондетскиот однос и

д) да утврди дали кореспондентната финансиска институција ја врши анализата на клиентот од овој закон на лицата коишто имаат директен пристап до нејзините кореспондентски сметки кај финансиските институции во Република Северна Македонија, најмалку во обем и на начин определен со овој закон, како и да утврдат дали кореспондентската финансиска институција е спремна да ги обезбеди податоците за

идентификување и потврдување на идентитетот на клиентот на странската банка или друга финансиска институција и нејзиниот вистински сопственик и да ги достави на банката или друга финансиска институција по нејзино барање.

(2) Мерките од ставот (1) на овој член се однесуваат и во ситуациите кога финансиските институции воспоставуваат кореспондентски односи со даватели на услуги поврзани со виртуелни средства како и во ситуациите кога давателите на услугите со виртуелни средства воспоставуваат меѓусебни кореспондентски односи.

**Клиент кој не е физички присутен**

Член 41

Кога клиентот како и лицето кое дејствува во име и за сметка на клиентот не е физички присутен за целите на идентификација и доколку нивниот идентитет не може да се утврди со употреба на средства за електронска идентификација издадени во рамки на регистрирана шема за електронска идентификација на високо ниво на сигурност согласно со закон, субјектот треба да преземе една или повеќе од следниве мерки на засилена анализа:

а) идентитетот на клиентот да го утврди со дополнителни документи, податоци или информации;

б) да преземе дополнителни мерки со кои ги потврдува обезбедените документи или да бара документите да ги потврди финансиска институција од Република Северна Македонија, од земја членка на Европската Унија или од земја во која прописите предвидуваат приближно исти критериуми и стандарди за спречување на перење пари и финансирање на тероризам, како барањата предвидени со овој закон и

в) првото плаќање да се изврши преку сметката во име на клиентот отворена во финансиска институција во држава која ги исполнува меѓународните стандарди за спречување на перење пари и финансирање на тероризам и која спроведува најмалку исти мерки на анализа на клиентот пропишани како во овој закон.

**Клиент - носител на јавна функција**

Член 42

(1) Кога субјектот врши трансакции или воспоставува деловен однос со клиент - носител на јавна функција, субјектот е должен покрај мерките утврдени во членот 15 од овој закон да ги преземе и следниве мерки на засилена анализа:

а) воспостави системи за управување со ризик за да утврди дали клиентот или вистинскиот сопственик е носител на јавна функција, вклучително и да обезбеди негова/нејзина изјава;

б) да обезбеди одобрение од високото раководство пред воспоставување на деловен однос со клиент - носител на јавна функција и/или вистинскиот сопственик, како и да обезбеди согласност за продолжување на деловниот однос со постоечки клиент - носител на јавна функција и/или вистинскиот сопственик кој во меѓувреме станал носител на јавна функција;

в) да преземе соодветни мерки за утврдување на изворот на богатството и изворот на средства на клиентот и вистинскиот/те сопственик/ци идентификувани како носители на јавна функција и

г) да врши постојано засилено следење на деловниот однос.

(2) Субјектот е должен да преземе мерки со кои ќе утврди дали корисникот и/или вистинскиот сопственик на корисникот на животно осигурување и други осигурувања поврзани со вложување е носител на јавна функција.

(3) Во случаите од ставот (2) на овој член, субјектот е должен да го извести високото раководство пред исплатата на премијата од полисата на осигурување и детално да го разгледа и утврди целокупниот деловен однос со клиентот.

(4) Меѓународните организации акредитирани во Република Северна Македонија на своите официјални веб-страници објавуваат податоци за директори, заменици директори, членови на одбори и други еквивалентни функции во меѓународната организација.

(5) Управата води ажурирана листа на функции во Република Северна Македонија кои се сметаат за јавни функции согласно со овој закон и истата ја објавува на својата веб-страница.

**Високоризични земји**

Член 43

(1) Кога деловен однос или трансакција вклучува високоризична земја, субјектот е должен да ги преземе следниве мерки при воспоставување деловен однос или извршување на трансакција:

1) обезбедување дополнителни податоци за клиентот и вистинскиот сопственик/ци;

2) обезбедување дополнителни податоци за целта и природата на деловниот однос;

3) обезбедување дополнителни податоци за изворот на средства и изворот на богатството на клиентот и вистинскиот сопственик/ци;

4) обезбедување податоци за причината за планираната или извршената трансакција;

5) обезбедување одобрение од високото раководство за воспоставување на нови деловни односи или продолжување на постојните деловни односи и

6) интензивно следење на деловниот однос со зголемени и чести контроли, како и со понатамошна анализа од одредени примероци на трансакции.

(2) Кога деловен однос или трансакција вклучува високоризична земја субјектот е должен каде што е применливо, да побара првото плаќање се изврши преку сметка во име на клиентот отворена во финансиска институција во држава која ги исполнува меѓународните стандарди за спречување на перење пари и финансирање на тероризам и која спроведува најмалку исти мерки на анализа на клиентот пропишани како во овој закон.

(3) Покрај мерките од ставовите (1) и (2) на овој член, субјектот е должен да преземе една или повеќе мерки за намалување на ризикот и тоа:

1) да преземе дополнителни мерки на засилена анализа;

2) да воведе дополнителни механизми за известување за трансакциите на клиентот или

3) да го ограничи воспоставувањето на деловни односи или вршењето трансакции со физички или правни лица од високоризични земји.

(4) Управата редовно, а најмалку двапати годишно, објавува листа на високоризични земји заради спроведување на мерките од ставовите (1) и (2) на овој член на својата официјална веб-страница врз основа на јавните објави за идентификувани високоризични земји објавени од ФАТФ, одлуките донесени на ниво на Европската Унија за идентификувани високо ризични земји со стратешки недостатоци и високоризични земји идентификувани согласно со националната проценка на ризикот.

(5) На предлог на Советот за борба против перење пари и финансирање тероризам, Владата донесува одлука за воведување на мерки кон високоризични земји и тоа:

- забрана за основање подружница, филијала или претставништво на субјекти од земја со висок ризик,

- забрана за основање подружница, филијала или претставништво на субјекти во земја со висок ризик,

- зголемување на надзорните контроли или зголемување на барањата за независни ревизии на подружница, филијала или претставништво на субјекти од земја со висок ризик,
- зголемување на барањата за независни ревизии на финансиски групи на подружници или филијали во земја со висок ризик,
- барање од финансиските институции да проверат и дополнат или доколку е потребно, да го прекинат кореспондентскиот однос со кореспондентската финансиска институција во земја со висок ризик.

(6) Предлогот од ставот (5) на овој член Советот го подготвува на барање на ФАТФ или врз основа на извештаи за проценки или други извештаи од меѓународни организации вклучени во борбата против перење пари и финансирање тероризам и за целите на спречување на перење пари и финансирање тероризам.

## Непрофитни организации

Член 44

Субјектите се должни да преземат мерки на засилена анализа во врска со деловните односи и трансакциите со непрофитни организации кои претставуваат повисок ризик идентификуван според националната проценка на ризикот како и непрофитните организации кои претставуваат повисок ризик согласно со проценка на ризикот од страна на субјектот и кои вклучуваат:

1) обезбедување дополнителни податоци за клиентот и вистинските сопственици;
2) често ажурирање на документи и податоци за клиентот;
3) обезбедување дополнителни податоци за природата на деловните односи и трансакциите на клиентот и специфичните цели на непрофитните организации;
4) обезбедување дополнителни податоци за изворот на средства и изворот на имотот на клиентот и дополнителни податоци за корисниците кои ги добиваат средствата на непрофитната организација;
5) обезбедување информации за причината за планираните или извршени трансакции и
6) засилено следење на деловните односи.

## Сложени и невообичаени трансакции

Член 45

(1) Субјектот е должен да ја испита, колку што е разумно можно, позадината и целта на сите трансакции што исполнуваат барем еден од следниве критериуми:

1) трансакцијата е сложена;
2) трансакцијата е невообичаено голема;
3) трансакцијата се извршува на невообичаен начин;
4) трансакцијата нема очигледна економска оправданост или правна цел и/или
5) отстапува од вообичаеното или очекуваното деловно работење на клиентот.

(2) Во случаите од ставот (1) на овој член, субјектите се должни да го зголемат степенот и природата на следење на деловниот однос со клиентот, со цел да утврдат дали тие трансакции или активности имаат сомнителни елементи.

(3) Во случаите од ставовите (1) и (2) на овој член, субјектот е должен да направи анализа во пишана или електронска форма и да ја утврди потребата од доставување извештај до Управата согласно со членот 65 од овој закон.

(4) Во врска со трансакциите од ставот (1) на овој член субјектот е должен анализата од ставот (3) на овој член, да ја чува и да ја направи достапна на барање на органите на надзор од членот 151 од овој закон.

**Одбивање на деловен однос и трансакција**

Член 46

(1) Кога не може да ги спроведе мерките за анализа на клиентот од овој закон, субјектот е должен:

1) да одбие да воспостави деловен однос со клиентот;

2) да го прекине деловниот однос со клиентот;

3) да не изврши повремена трансакција и/или

4) да не изврши трансакција во рамки на воспоставен деловен однос, до моментот на спроведувањето на мерките за анализа на клиентот.

(2) Во случаите од ставот (1) точки 1) и 2) на овој член, субјектот е должен да ја извести Управата по електронски пат. Доколку ваквиот начин на доставување е оневозможен од технички причини, субјектите известувањето го доставуваат во писмена форма.

(3) Во случаите од ставот (1) на овој член, субјектот е должен да направи писмена анализа и да ја утврди потребата од доставување извештај до Управата согласно со членот 65 од овој закон.

(4) Субјектот е должен анализата од ставот (3) на овој член да ја чува во рок од десет години од нејзиното подготвување и да ја направи достапна на барање на органите на надзор од членот 151 од овој закон.

**Исклучок од спроведувањето на мерките за анализа на клиентот**

Член 47

(1) Во случај кога субјектот има сомневање за перење пари или финансирање на тероризам и има основано уверување дека спроведувањето на мерките за анализа на клиентот ќе доведе до информирање на клиентот за преземање на истите, субјектот може да не го спроведе целиот процес на анализа на клиентот, туку веднаш да достави извештај до Управата согласно со членот 65 од овој закон и да ги образложи причините за кои постапил во согласност со овој член.

(2) Субјектите се должни да ги образложат во писмена форма, причините поради кои постапиле во согласност со ставот (1) на овој член и податоците да ги направат достапни на барање на органите на надзор од членот 151 од овој закон.

**Примена на мерките и дејствијата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам од страна на подружници и филијали на субјектот**

Член 48

(1) Субјектот кој има свои подружници или филијали во друга држава треба да обезбеди примена на мерките за спречување на перење пари и финансирање на тероризам во подружниците или филијалите.

(2) Во случај кога прописите на државата во која подружницата или филијалата од ставот (1) на овој член има седиште, не дозволуваат примена на мерките од ставот (1) на овој член, субјектот треба веднаш да го информира соодветниот орган на надзор од членот 151 од овој закон.

**Доверување на обврските за анализа на клиентот на трети страни**

Член 49

(1) Во случаите кога субјектите ги спроведуваат мерките од членот 15 од овој закон истите можат, под услови утврдени со овој закон, да им го доверат извршувањето на мерките и дејствијата од членот 15 став (1) точки а), б), в) и г) од овој закон на трети страни.

(2) Одговорноста за спроведување на мерките за анализа на клиентот во случаите од ставот (1) на овој член, останува на субјектот кој ги доверил обврските за вршење на мерките и дејствијата од членот 15 став (1) точки а), б), в) и г) од овој закон на трети страни.

(3) Трети страни од ставот (1) на овој член се субјектите наведени во членот 5 од овој закон, организации-членки и федерации на тие субјекти или други институции основани во Република Северна Македонија, земја-членка на Европската Унија или во друга земја во која задолжително:

- се применуваат мерките за анализа на клиентот и чувањето на податоци во согласност и на начин најмалку идентичен како начинот утврден со овој закон и кои се во согласност со меѓународните стандарди,
- примената на мерките и дејствијата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам е предмет на надзор од надлежен орган во согласност со овој закон или се во согласност со меѓународните стандарди.

(4) Субјектот е должен претходно да провери дали третата страна ги исполнува условите пропишани со овој закон, а во случај кога третата страна е субјект од друга земја, истиот е должен да го земе предвид степенот на ризик од перење пари и финансирање тероризам на таа земја.

(5) Субјектот не смее да го довери преземањето на мерките и дејствијата од членот 15 став (1) точки а), б), в) и г) на трета страна која потекнува или е основана во високоризична земја согласно со овој закон или на банка школка.

(6) Во случаите од ставот (1) на овој член, субјектот треба веднаш да ги добие од третата страна:

а) потребните информации за извршување на анализата на клиентите во согласност со овој закон;

б) на негово барање, без одлагање, да добие податоци и информации за извршената анализа на клиентот односно копии од документите за идентификација и потврдување на идентитетот, вклучително доколку е возможно, информации и податоци добиени со употреба на средства за електронска идентификација издадени во рамки на регистрирана шема за електронска идентификација на високо ниво на сигурност согласно со закон или други веродостојни, електронски начини за идентификација од далечина регулирани, одобрени и прифатени од надлежните органи на странски држави.

(7) Субјектите можат да го доверат извршувањето на мерките и дејствијата од членот 15 став (1) точки а), б), в) и г) од овој закон на трети страни, дел од истата финансиска група, доколку групата:

- ги применува барањата за анализа на клиенти, чување на податоци и процедури за спречување перење пари и финансирање тероризам во согласност со меѓународните стандарди,
- применува барања за анализа на клиентот и чување на податоци кои се предмет на надзор на ниво на група од надлежен орган и
- соодветно ги управува ризиците поврзани со високоризични земји.

(8) Одредбите од овој член не се однесуваат на трета страна во случај кога истата дејствува како агент за субјектот или кога субјектот склучил договор за услуги со третата страна за целите на вршење на работи утврдени со овој закон за сметка на субјектот.

**Обезбедување и проследување информации кај пренос на парични средства**

Член 50

(1) Финансиските институции се должни при уплата на износ од 1.000 евра или друга валута во противвредност на 1.000 евра или повеќе во денарска противвредност според средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на уплата, заради пренос на парични средства преку меѓународниот платен промет, да обезбедат податоци за:

а) плаќачот - од кои може да се утврди и верификува неговиот идентитет и тоа:

- името и презимето, односно називот на плаќачот,

- бројот на сметката, при што доколку недостасува или не може да се утврди, тогаш е потребно да се утврди единствената идентификациска ознака на трансакцијата, кој овозможува нејзино следење и

- адреса или број на националниот важечки документ за идентификација или идентификациски број на клиентот или датум и место на раѓање;

б) примачот - од кои може да се утврди неговиот идентитет и тоа:

- името и презимето, односно називот на примачот и

- бројот на сметката, при што доколку недостасува или не може да се утврди, тогаш е потребно да се утврди единствена идентификациска ознака на трансакцијата, која овозможува нејзино следење.

(2) Финансиските институции се должни при уплата на износ од 1.000 евра или друга валута во противвредност на 1.000 евра или повеќе во денарска противвредност според средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на уплата, заради пренос на парични средства преку домашниот платен промет, да ги обезбедат податоците за плаќачот од кои може да се утврди и верификува неговиот идентитет. Доколку поради технички причини, обезбедените податоци не можат да ги проследат, се проследува само податокот за бројот на сметката или единствената идентификациска ознака на трансакцијата.

(3) Финансиските институции од ставот (2) на овој член, по барање на финансиската институција која треба да ја изврши исплатата или на надлежните органи, се должни податоците од ставот (1) на овој член да ги стават на располагање најдоцна во рок од три работни дена од доставување на барањето.

(4) Финансиските институции кои се јавуваат како посредници во преносот на парични средства за износи од 1.000 евра или друга валута во противвредност на 1.000 евра или повеќе во денарска противвредност според средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на трансферот, во меѓународниот платен промет, се должни да ги проследат податоците за плаќачот од ставот (1) на овој член до финансиската институција којашто ќе ја врши исплатата на средствата.

(5) Кога се вршат исплати при пренос на парични средства во меѓународниот платен промет во износ од 1.000 евра или друга валута во противвредност на 1.000 евра или повеќе во денарска противвредност според средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на исплата, финансиските институции се должни да обезбедат податоци од финансиската институција на плаќачот за идентитетот на плаќачот и во рамките на своите интерни акти да утврдат дали недостасуваат дел од податоците од ставовите (1), (2) и (4) на овој член и начинот на постапување со таквите трансфери. Субјектите треба да ги побараат податоците кои недостигаат или да го одбијат извршувањето на трансферот.

(6) Финансиските институции можат да го ограничат или прекинат деловниот однос со финансиските институции кои не ги обезбедуваат, односно проследуваат податоците предвидени со ставовите (1), (2), (4) и (5) на овој член.

(7) Одредбите од овој член не се однесуваат на следниве видови трансфери:

- користење картички за повлекување средства од сметка во банка, банкомати или преку пост терминали и за плаќање во трговијата на мало,
- трансфери и порамнувања кај кои и плаќачот и примачот се банки коишто трансферот го вршат во свое име и за своја сметка и
- плаќања на данок, парични казни и други јавни давачки.

**Обезбедување и проследување информации кај пренос на виртуелни средства**

Член 51

(1) Давателите на услуги поврзани со виртуелни средства се должни при трансакција поврзана со виртуелни средства во противвредност од 1.000 евра или повеќе во денарска противвредност според средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на вршењето на трансакцијата, а заради пренос на виртуелни средства во која учествува и друг давател на услуги поврзани со виртуелни средства се должни да обезбедат податоци за:

а) нарачателот на трансакција поврзана со виртуелни средства - од кои може да се утврди и верификува неговиот идентитет и тоа:

- името и презимето, односно називот на нарачателот на трансакцијата поврзана со виртуелни средства,
- адресата на хостираниот или нехостираниот електронски паричник за виртуелни средства, при што доколку недостасува или не може да се утврди, тогаш е потребно да се утврди единствената идентификациска ознака на трансакцијата со виртуелни средства, која овозможува нејзино следење и
- адреса или број на националниот важечки документ за идентификација или идентификациски број на клиентот или датум и место на раѓање;

б) примачот - од кои може да се утврди неговиот идентитет и тоа:

- името и презимето, односно називот на примачот и
- адресата на хостираниот или нехостираниот електронски паричник за виртуелни средства, при што доколку недостасува или не може да се утврди, тогаш е потребно да се утврди единствена идентификациска ознака на трансакцијата, која овозможува нејзино следење.

(2) Давателите на услуги поврзани со виртуелни средства податоците од ставот (1) на овој член се должни да ги ставаат на располагање на другите даватели на услуги поврзани со виртуелни средства во моментот на вршењето на преносот на виртуелни средства и на начин на кој се обезбедува интегритет на тие податоци како и заштита од неовластен пристап.

(3) Давателот на услуги поврзани со виртуелни средства е должен податоците од ставот (1) на овој член да ги направи достапни на барање на надлежен орган од овој закон.

(4) Давателите на услуги поврзани со виртуелни средства кои се јавуваат како посредници во преносот на виртуелни средства за износи во противвредност од 1.000 евра или повеќе во денарска противвредност според средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на извршувањето на трансакцијата поврзана со виртуелните средства, а заради пренос на виртуелни средства се должни да ги проследат податоците за нарачателот на трансакцијата поврзана со виртуелни средства од ставот (1) на овој член до давателот на услуги за виртуелни средства на примачот.

(5) Давателите на услуги поврзани со виртуелни средства се должни во рамки на внатрешните процедури согласно со овој закон, да пропишат механизми за проверка на податоци потребни за вршење на трансакција поврзана со пренос на виртуелни средства во смисла на овој член со кои ќе утврдат дали недостасуваат податоците од овој член.

(6) Со внатрешните процедури од ставот (5) на овој член, давателите на услуги поврзани со виртуелни средства се должни да го пропишат и начинот на постапување со таквите трансакции поврзани со виртуелни средства.

(7) Давателите на услуги поврзани со виртуелни средства се должни да ги побараат податоците кои недостигаат или да го одбијат извршувањето на трансакцијата поврзана со виртуелни средства.

(8) Давателите на услуги поврзани со виртуелни средства можат да го ограничат или прекинат деловниот однос со давателите на услуги поврзани со виртуелни средства кои не ги обезбедуваат, односно проследуваат податоците предвидени со овој член.

**Даватели на услуги поврзани со виртуелни средства**

Член 52

(1) Давателите на услуги поврзани со виртуелни средства кога вршат трансакција поврзана со виртуелни средства во смисла на овој закон, покрај мерките утврдени во членот 15 од овој закон, се должни да го утврдат идентитетот на клиентот согласно со членот 17 од овој закон, пред секоја повремена трансакција со виртуелни средства.

(2) Давателот на услуги поврзани со виртуелни средства во рамки на спроведувањето на мерките и дејствијата за спречување перење пари и финансирање тероризам од овој закон, покрај мерките од членот 15 од овој закон е должен да обезбеди и чува податоци за хостираниот или нехостираниот електронски паричник, односно адреси за виртуелни средства кој ги користи или користел клиентот за извршување на трансакција поврзана со виртуелни средства, како и да преземе мерки со кои ќе утврди дали клиентот користи повеќе паричници, односно адреси за виртуелни средства.

(3) Субјектите од ставот (1) на овој член се должни податоците за клиентот да ги забележуваат по хронолошки редослед во нумериран регистар потпишан од овластеното лице или друго лице со овластување да го потпишува регистарот дадено од раководно лице согласно со интерните акти на субјектите.

**Менувачки работи**

Член 53

(1) Субјектите кои имаат дозвола за менувачко работење, покрај мерките утврдени во членот 15 од овој закон, се должни да го утврдат идентитетот на клиентот согласно со членот 17 од овој закон, пред секоја трансакција која вклучува сума поголема од 500 евра во денарска противвредност според средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија.

(2) Субјектите од ставот (1) на овој член се должни податоците за клиентот да ги забележуваат по хронолошки редослед во нумериран регистар потпишан од овластеното лице или друго лице со овластување да го потпишува регистарот дадено од раководно лице согласно со интерните акти на субјектите.

(3) Нумерираниот регистар од ставот (2) на овој член ги содржи следниве податоци:

- „Реден број” се запишуваат трансакциите по хронолошки редослед почнувајќи од нумеричката единица „еден” па понатаму се до заклучување на регистарот со последната страна за тековниот месец,
- „Датум” се запишува датумот кога е извршена трансакцијата,

- „Име и презиме на физичко лице" се запишува во оригинал како во важечкиот документ за идентификација, името и презимето на клиентот кој ја извршил трансакцијата поголема од 500 евра во денарска противвредност,
- „Датум и место на раѓање" се запишува во оригинал како од важечкиот документ за идентификација, датум и местото на раѓање на клиентот кој ја извршил трансакцијата поголема од 500 евра во денарска противвредност,
- „Адреса и место на живеење или престојувалиште" се запишува во оригинал како од важечкиот документ за идентификација, адресата и местото на живеење или престојувалиште на клиентот кој ја извршил трансакцијата поголема од 500 евра во денарска противвредност,
- „ЕМБГ или број за идентификација" се запишува во оригинал како од важечкиот документ за идентификација, единствениот матичен број на граѓанинот - резидент или број за идентификација на физичкото лице - нерезидент, за клиентот кој ја извршил трансакцијата поголема од 500 евра во денарска противвредност,
- „Број на документот за идентификација" се запишува бројот на важечкиот документ за идентификација (број на лична карта или број на пасош) на клиентот кој ја извршил трансакцијата поголема од 500 евра во денарска противвредност,
- „Орган што го издал документот за идентификација" се запишува органот што го издал документот за идентификација (број на лична карта или број на пасош) на клиентот кој ја извршил трансакцијата поголема од 500 евра во денарска противвредност,
- „Купување/продавање" се запишува дали со трансакцијата се купуваат или продаваат ефективни странски пари над 500 евра во денарска противвредност,
- „Вид на валута" се запишува ознаката (шифрата) на валутата на трансакцијата поголема од 500 евра во денарска противвредност, согласно со Упатството за начинот на вршење на платен промет со странство на Народната банка на Република Северна Македонија,
- „Износ на трансакција" се запишува износот на трансакцијата поголема од 500 евра во денарска противвредност,
- „Име и презиме" се запишува името и презимето на овластеното лице или друго лице со овластување да го потпишува регистарот и
- Потпис на овластеното лице или друго лице со овластување да го потпишува регистарот.

## Приредувачи на игри на среќа

Член 54

(1) Приредувачите на игри на среќа во играчница (казино), покрај мерките утврдени во членот 15 од овој закон се должни да го утврдат идентитетот на клиентот согласно со членот 17 од овој закон веднаш по влегувањето во казиното и при купување или при исплаќање на чипови или кредити во износ над 1.000 евра во денарска противвредност според средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на купување, односно исплаќање, без оглед дали трансакцијата се извршува како поединечна или преку неколку трансакции кои се очигледно поврзани.

(2) Приредувачите на игри на среќа, со исклучок на приредувачите на игри на среќа во играчница (казино), покрај мерките утврдени во членот 15 од овој закон се должни да го утврдат идентитетот на клиентот согласно со членот 17 од овој закон пред исплата на добивка, уплата на влог или и во двата случаи кога трансакцијата е во вредност од 1.000 евра или повеќе во денарска противвредност според средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија, без оглед дали трансакцијата се извршува како поединечна или преку неколку трансакции кои се очигледно поврзани.

**Брокерски куќи и банки со дозвола за работа со хартии од вредност**

Член 55

(1) Брокерските куќи и банките со дозвола за работа со хартии од вредност се должни да водат нумериран регистар за тргувањето на хартии од вредност чиј вкупен износ е поголем од 15.000 евра во денарска противвредност според средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија, потпишан од овластеното лице или друго лице со овластување да го потпишува регистарот дадено од раководно лице согласно со актите на брокерските куќи и банките со дозвола за работа со хартии од вредност.

(2) Нумерираниот регистар од ставот (1) на овој член ги содржи следниве податоци:

- „Реден број” се запишуваат трансакциите по хронолошки редослед, почнувајќи од нумеричката единица „еден” па понатаму, се до заклучување на регистарот со последната страна за тековниот месец,
- „Датум” се запишува датумот кога е извршена трансакцијата,
- „Име и презиме на клиент - физичко лице/ Назив на клиент - правно лице” се запишува во оригинал од важечкиот документ за идентификација, име и презиме кога клиентот е физичко лице или се запишува назив на правното лице кога клиент е правно лице,
- „Датум и место на раѓање на клиент - физичко лице” се запишува во оригинал од важечкиот документ за идентификација, датум и место на раѓање на клиентот кога е физичко лице,
- „Адреса и место на живеење или престојувалиште на клиент - физичко лице/ седиште на клиент - правно лице” се запишува во оригинал од документот за идентификација, адреса и место на живеење или престојувалиште кога клиентот е физичко лице или се запишува седиште кога клиентот е правно лице,
- „ЕМБГ или број за идентификација на клиент - физичко лице/ЕДБ или број за идентификација на клиент - правно лице” се запишува во оригинал од документот за идентификација ЕМБГ (единствен матичен број на граѓанинот) кога клиентот е физичко лице - резидент или број за идентификација кога клиентот е физичко лице - нерезидент, или се запишува ЕДБ (единствен даночен број) кога клиентот е правно лице - резидент или број за идентификација кога клиентот е правно лице – нерезидент,
- „Број на документот за идентификација на клиент - физичко лице/законски застапник на клиент - правно лице” се запишува бројот на важечкиот документ за идентификација (број на лична карта или број на пасош),
- „Орган што го издал документот за идентификација на клиент - физичко лице/ законски застапник на клиент - правно лице“ се запишува органот што го издал документот за идентификација,
- „Име, презиме и ЕМБГ или број за идентификација на ополномоштеното лице” се запишува во оригинал од документот за идентификација името, презимето и ЕМБГ кога ополномоштеното физичко лице е резидент или број за идентификација кога ополномоштеното физичко лице е нерезидент,
- „Име, презиме и ЕМБГ или број за идентификација на вистинскиот сопственик” се запишува во оригинал од документот за идентификација името, презимето и ЕМБГ кога вистинскиот сопственик е резидент или името, презимето и број за идентификација кога вистинскиот сопственик е нерезидент,
- „Купување или продавање” се запишува зборот „купување” или зборот „продавање” во зависност од конкретниот случај,

- „Сметка на клиент - физичко или правно лице или ополномоштувач" се запишува со бројки, бројот на трансакциската сметка на клиентот или ополномоштувачот кога е физичко или правно лице, преку кое е извршена трансакцијата,
- „Број на акции" се запишува со бројки колку акции се купени или продадени,
- „Вкупен износ на трансакцијата во денари" се запишува со бројки вкупен износ на извршената трансакција,
- „Издавач на акции" се запишува називот на правното лице издавач на акциите кои се предмет на трансакцијата,
- „Име и презиме" се запишува името и презимето на овластеното лице или друго лице со овластување да го потпишува регистарот и
- потпис на овластеното лице или друго лице со овластување да го потпишува регистарот.

**Лица кои тргуваат или дејствуваат како посредници во трговија со уметнички дела**

Член 56

(1) Субјектите кои се лица кои тргуваат или дејствуваат како посредници во трговија со уметнички дела согласно со членот 5 став (1) точка 8) од овој закон, покрај мерките утврдени во членот 15 од овој закон, се должни да го утврдат идентитетот на клиентот согласно со членот 17 од овој закон пред секоја трансакција која вклучува сума поголема од 10.000 евра во денарска противвредност според средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија без оглед дали трансакцијата се извршува како поединечна или преку неколку трансакции кои се очигледно поврзани.

(2) Субјектите од ставот (1) на овој член се должни податоците за клиентот да ги забележуваат по хронолошки редослед во нумериран регистар потпишан од овластеното лице или друго лице со овластување да го потпишува регистарот дадено од раководно лице согласно со актите на субјектите.

(3) Нумерираниот регистар од ставот (2) на овој член ги содржи следниве податоци:

- „Реден број" се запишуваат трансакциите по хронолошки редослед, почнувајќи од нумеричката единица „еден" па понатаму, се до заклучување на регистарот со последната страна за тековниот месец,
- „Датум" се запишува датумот кога е извршена трансакцијата,
- „Име и презиме на клиент - физичко лице/ Назив на клиент - правно лице" се запишува во оригинал од документот за идентификација, име и презиме кога клиентот е физичко лице или се запишува назив на правното лице кога клиент е правно лице,
- „Датум и место на раѓање на клиент - физичко лице" се запишува во оригинал од важечкиот документ за идентификација, датум и место на раѓање на клиентот кога е физичко лице,
- „Адреса и место на живеење или престојувалиште на клиент - физичко лице/ седиште на клиент - правно лице" се запишува во оригинал од важечкиот документ за идентификација, адреса и место на живеење или престојувалиште кога клиентот е физичко лице или се запишува седиште кога клиентот е правно лице,
- „ЕМБГ или број за идентификација на клиент - физичко лице/ ЕДБ или број за идентификација на клиент - правно лице" се запишува во оригинал од документот за идентификација ЕМБГ (единствен матичен број на граѓанинот) кога клиентот е физичко лице - резидент или број за идентификација кога клиентот е физичко лице - нерезидент, или се запишува ЕДБ (единствен даночен број) кога клиентот е правно лице - резидент или број за идентификација кога клиентот е правно лице – нерезидент,

- „Број на документот за идентификација на клиент - физичко лице/ законски застапник на клиент - правно лице" се запишува бројот на документот за идентификација (број на лична карта или број на пасош),

- „Орган што го издал документот за идентификација на клиент - физичко лице/ законски застапник на клиент - правно лице" се запишува органот што го издал документот за идентификација,

- „Име, презиме и ЕМБГ или број за идентификација на ополномоштеното лице" се запишува во оригинал од документот за идентификација името, презимето и ЕМБГ кога ополномоштеното физичко лице е резидент или број за идентификација кога ополномоштеното физичко лице е нерезидент,

- „Име, презиме и ЕМБГ или број за идентификација на вистинскиот сопственик" се запишува во оригинал од документот за идентификација името, презимето и ЕМБГ кога вистинскиот сопственик е резидент или името, презимето и број за идентификација кога вистинскиот сопственик е нерезидент,

- „Купување или продавање" се запишува зборот „купување" или зборот „продавање" во зависност од конкретниот случај,

- „Вкупен износ на трансакцијата во денари" се запишува со бројки вкупен износ на извршената трансакција,

- „Име и презиме" се запишува името и презимето на овластеното лице или друго лице со овластување да го потпишува регистарот и

- потпис на овластеното лице или друго лице со овластување да го потпишува регистарот.

**Лица кои складираат, тргуваaат или кои дејствуваат како посредници во трговија со уметнички дела**

**кога активноста се одвива во слободни зони**

Член 57

(1) Субјектите кои се лица кои тргуваат или дејствуваат како посредници во трговија со уметнички дела согласно со членот 5 став (1) точка 9) од овој закон покрај мерките утврдени во членот 15 од овој закон се должни да го утврдат идентитетот на клиентот согласно со членот 17 од овој закон пред секоја трансакција која вклучува сума поголема од 10.000 евра во денарска противвредност според средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија без оглед дали трансакцијата се извршува како поединечна или преку неколку трансакции кои се очигледно поврзани.

(2) Субјектите од ставот (1) на овој член се должни податоците за клиентот да ги забележуваат по хронолошки редослед во нумериран регистар потпишан од овластеното лице или друго лице со овластување да го потпишува регистарот дадено од раководно лице согласно со интерните акти на субјектите.

(3) Нумерираниот регистар од ставот (2) на овој член ги содржи следниве податоци:

- „Реден број" се запишуваат трансакциите по хронолошки редослед, почнувајќи од нумеричката единица „еден" па понатаму, се до заклучување на регистарот со последната страна за тековниот месец,

- „Датум" се запишува датумот кога е извршена трансакцијата,

- „Име и презиме на клиент - физичко лице/ Назив на клиент - правно лице" се запишува во оригинал од документот за идентификација, име и презиме кога клиентот е физичко лице или се запишува назив на правното лице кога клиент е правно лице,

- „Датум и место на раѓање на клиент - физичко лице" се запишува во оригинал од важечкиот документ за идентификација, датум и место на раѓање на клиентот кога е физичко лице,

- „Адреса и место на живеење или престојувалиште на клиент - физичко лице/ седиште на клиент - правно лице” се запишува во оригинал од документот за идентификација, адреса и место на живеење или престојувалиште кога клиентот е физичко лице или се запишува седиште кога клиентот е правно лице,

- „ЕМБГ или број за идентификација на клиент - физичко лице/ ЕДБ или број за идентификација на клиент - правно лице” се запишува во оригинал од документот за идентификација ЕМБГ (единствен матичен број на граѓанинот) кога клиентот е физичко лице - резидент или број за идентификација кога клиентот е физичко лице - нерезидент или се запишува ЕДБ (единствен даночен број) кога клиентот е правно лице - резидент или број за идентификација кога клиентот е правно лице – нерезидент,

- „Број на документот за идентификација на клиент - физичко лице/ законски застапник на клиент - правно лице” се запишува бројот на документот за идентификација (број на лична карта или број на пасош),

- „Орган што го издал документот за идентификација на клиент - физичко лице/ законски застапник на клиент - правно лице” се запишува органот што го издал документот за идентификација,

- „Име, презиме и ЕМБГ или број за идентификација на ополномоштеното лице” се запишува во оригинал од документот за идентификација името, презимето и ЕМБГ кога ополномоштеното физичко лице е резидент или број за идентификација кога ополномоштеното физичко лице е нерезидент,

- „Име, презиме и ЕМБГ или број за идентификација на вистинскиот сопственик” се запишува во оригинал од документот за идентификација името, презимето и ЕМБГ кога вистинскиот сопственик е резидент или името, презимето и број за идентификација кога вистинскиот сопственик е нерезидент,

- „Купување или продавање” се запишува зборот „купување” или зборот „продавање” во зависност од конкретниот случај,

- „Вкупен износ на трансакцијата во денари” се запишува со бројки вкупен износ на извршената трансакција,

- „Име и презиме” се запишува името и презимето на овластеното лице или друго лице со овластување да го потпишува регистарот и

- потпис на овластеното лице или друго лице со овластување да го потпишува регистарот.

(4)Министерот за финансии на предлог на директорот на Управата ја пропишува формата на нумерираниот регистар од членовите 52, 53, 55, 56 и 57 од овој закон.

**Забрани**

Член 58

(1) Се забранува плаќање со готовина на стоки и услуги во износ од 3.000 евра или повеќе во денарска противвредност во вид на една или повеќе очигледно поврзани трансакции, што не е извршено преку банка, штедилница или преку сметка во друга институција која дава платежни услуги, доколку со друг закон не е поинаку уредено.

(2) Субјектите што со закон се овластени за регистрација на хартии од вредност, друг имот или правни работи или за пријавување или вршење на пренос на пари, хартии од вредност или друг имот, можат да извршат таква регистрација или пренос само ако клиентот поднесе доказ дека преносот на парите над износот од ставот (1) на овој член е извршен преку банка, штедилница или преку сметка во друга институција која дава платежни услуги.

(3) Забраната од ставот (1) на овој член не се однесува на приредувачите на игри на среќа.

(4) Се забранува вршење на трансакции поврзани со размена на виртуелни средства за пари во смисла на закон кои се вршат со готовина во износ повеќе од 500 евра во денарска противвредност според средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на вршењето на трансакцијата, во вид на една или повеќе очигледно поврзани трансакции, што не е извршено преку банка, штедилница или преку сметка во друга институција која дава платежни услуги.

Член 59

(1) Се забранува финансиските институции и давателите на услуги поврзани со виртуелни средства да воспоставуваат или да го продолжат деловниот однос со Shell bank (банките школки) и да започнат или продолжат кореспондентски деловен однос со банка за која знаат дека дозволува отворање и работење со сметки на Shell bank (банките школки).

(2) Се забранува банки школки на кој било начин да вршат финансиски активности во Република Северна Македонија.

Член 60

(1) Се забранува финансиските институции да отвораат и одржуваат сметки, штедни книшки и сефови во анонимна форма, шифрирана форма или под измислени имиња, односно вршат и други услуги кои посредно или непосредно овозможуваат прикривање на идентитетот на клиентот, односно анонимност.

(2) Се забранува давање на услуги поврзани со виртуелни средства кои посредно или непосредно овозможуваат прикривање на идентитетот на клиентот како и вршење на трансакции со такви виртуелни средства.

(3) Издавачот на виртуелни средства како и давателот на услуги поврзани со виртуелни средства не смее да користи ресурси или средства преку информатички систем кој овозможува или олеснува прикривање на идентитетот на клиентот или кои го оневозможуваат или отежнуваат следењето на трансакциите поврзани со виртуелни средства.

Член 61

Се забранува прифаќање на плаќања кои се вршат со употреба на анонимна платежна картичка со претплата (припејд картичка) кога:

1) платниот инструмент се надополнува или вкупниот износ на трансакции на месечно ниво не е ограничен во износ од 150 евра во денарска противвредност, според средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија и може да се користи само во Република Северна Македонија;

2) максималниот износ на платниот инструмент надминува 150 евра во денарска противвредност според средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија;

3) платниот инструмент не се користи исклучиво за набавка на стоки или услуги;

4) платниот инструмент да е издаден како анонимен и

5) издавачот на платниот инструмент не ги следи и не ги контролира трансакциите или деловните односи, со цел да открие сложени или невообичаени трансакции или сомнителни трансакции.

## Чување на податоци

Член 62

(1) Субјектите се должни да чуваат документи или електронски записи обезбедени со мерките за анализа на клиентот, клиентското досие и деловната кореспонденција, резултатите од каква било анализа спроведена врз клиентот или вистинскиот сопственик, во електронска или пишана форма, десет години од престанокот на деловниот однос со клиентот или од датумот на извршувањето на повремената трансакција.

(2) Субјектите се должни да чуваат документи или електронски записи за сите трансакции десет години по извршувањето на истите вклучувајќи ги придружните докази и записи за трансакциите кои се состојат од оригинални документи или копии кои може да послужат како докази во судска постапка, кои се неопходни за да се идентификуваат и да се овозможи реконструкција на индивидуални трансакции.

(3) Субјектите се должни податоците, да ги чуваат, на начинот на кој ги доставиле до Управата, десет години од денот на доставувањето. По истекот на овој рок, субјектите се должни да ги избришат личните податоци на клиентот.

(4) Финансиските институции и давателите на услуги поврзани со виртуелни средства се должни да ги чуваат податоците за плаќачот, односно нарачателот и примачот на безготовинскиот пренос на парични средства или пренос на виртуелни средства од членовите 50 и 51 од овој закон, десет години од извршениот пренос.

(5) Регистарот од членовите 52, 53, 54, 55, 56 и 57 од овој закон задолжително се чува десет години од последниот заведен податок.

(6) Субјектите се должни да чуваат копии од документацијата од членот 69 од овој закон, десет години од денот на извршената внатрешна контрола.

(7) Во случај на престанок на постоењето на субјектот, обврската за чување на податоците во рокот определен во ставот (1) на овој член се пренесува врз правните наследници на субјектот.

(8) Ако нема правни наследници на правното лице, обврската за чување на податоците од ставот (1) на овој член се пренесува врз неговите основачи.

(9) Субјектите се должни документите од ставот (1) на овој член да ги стават на располагање по барање на органите на надзор од членот 151 од овој закон.

(10) По барање на Управата субјектите се должни да ги чуваат податоците од ставот (1) на овој член подолго од десет години.

## Доставување на податоци до Управата

Член 63

(1) Субјектите се должни собраните податоци, информации и документи, да ги достават до Управата во случај на готовинска трансакција во износ од 15.000 евра во денарска противвредност според средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија или повеќе без оглед дали станува збор за една трансакција или повеќе очигледно поврзани трансакции.

(2) Субјектите собраните податоци, информации и документи за извршените трансакции од ставот (1) на овој член се должни да ги достават до Управата најдоцна во рок од три работни дена од извршената трансакција во форма на извештај.

(3) Министерот за финансии на предлог на директорот на Управата ги пропишува формата и содржината на извештајот од ставот (2) на овој член.

Член 64

(1) Нотарите собраните податоци за составени нотарски исправи и нотарски заверки на потписи на договори со кои се стекнува право на сопственост на имот во вредност од 15.000 евра или повеќе во денарска противвредност според средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на составувањето, односно заверувањето, наведени во договорот, како и составените нотарски исправи и нотарските заверки на потписи на договори од овој став ги доставуваат до Управата во вид на извештај во електронска форма најдоцна во рок од три работни дена од денот на составувањето, односно заверувањето.

(2) Банките собраните податоци за исплатени кредити кон своите клиенти во вредност од 15.000 евра или повеќе во денарска противвредност според средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот кога кредитот е исплатен ги доставуваат до Управата до десеттиот ден во тековниот месец за претходниот месец во вид на извештај во електронска форма.

(3) Банките собраните податоци за дадени и/или примени позајмици помеѓу клиентите во вредност од 5.000 евра или повеќе во денарска противвредност според средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија ги доставуваат до Управата до десеттиот ден во тековниот месец за претходниот месец во вид на извештај во електронска форма.

(4) Давателите на услуги на парични дознаки (брз трансфер на пари) податоците за трансакции во износ од 1.000 евра или повеќе во денарска противвредност според средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на извршување на трансакцијата ги доставуваат до Управата во вид на извештај во електронска форма најдоцна во рок од три работни дена од денот на извршувањето на трансакцијата.

(5) Осигурителните друштва кои вршат работи на осигурување на живот, собраните податоци за склучени полиси како и склучената осигурителна полиса, за осигурување живот ги доставуваат до Управата во вид на извештај во електронска форма најдоцна во рок од три работни дена од денот на склучувањето во следниве случаи:

- за склучени полиси за осигурување живот со уплата на премија по полиси за осигурување на живот во износ еднаков или поголем од 15.000 евра и исплата по основ на откуп, заем или доживување еднаква или поголема од 15.000 евра во денарска противвредност според средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот кога е склучена полисата за осигурување, односно на денот кога се врши исплатата, освен договорите за осигурување на живот без штедна компонента, односно без инвестициска компонента и
- за склучени полиси за осигурување живот од страна на носител на јавна функција, без оглед на вредноста на осигурената сума, освен договорите за осигурување на живот без штедна компонента, односно без инвестициска компонента.

(6) Правните лица чија дејност е купопродажба на возила собраните податоци за склучените договори за купопродажба на нови возила во вредност од 15.000 евра или повеќе во денарска противвредност според средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот кога е склучен договорот ги доставуваат до Управата во вид на извештај во електронска форма најдоцна во рок од три работни дена од денот на склучувањето на договорот.

(7) Приредувачите на игри на среќа во играчница (казино), собраните податоци за купување или исплаќање на чипови или кредити во износ од 1.000 евра во денарска противвредност или повеќе според средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на купување, односно исплаќање, без оглед дали трансакцијата се извршува како поединечна или преку неколку трансакции кои се очигледно поврзани ги доставуваат до Управата во вид на извештај во електронска форма најдоцна во рок од три работни дена од денот на купувањето, односно исплаќањето.

(8) Другите приредувачи на игри на среќа, освен приредувачите на игри на среќа во играчница (казино), собраните податоци за исплата на добивка, уплата на влог или и во двата случаи кога трансакцијата е во вредност од 1.000 евра во денарска противвредност или повеќе според средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија, без оглед дали трансакцијата се извршува како поединечна или преку неколку трансакции кои се очигледно поврзани ги доставуваат до Управата во вид на извештај во електронска форма најдоцна во рок од три работни дена од денот на исплатата, уплатата или во двата случаи.

(9) Давателите на услуги поврзани со виртуелни средства кога вршат активности односно даваат услуги за размена на виртуелни средства и фиат валути или пари во смисла на закон, податоците за извршените трансакции во износ од 1.000 евра или повеќе во денарска противвредност според средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на извршувањето на трансакцијата и тоа во вид на една или повеќе поврзани трансакции ги доставуваат до Управата во вид на извештај во електронска форма најдоцна во рок од три работни дена од денот на извршувањето на трансакцијата.

(10) Извршителите собраните податоци за извршени продажби со усно јавно наддавање и договори за продажба со непосредна спогодба со кои се стекнува право на сопственост на имот во вредност од 15.000 евра или повеќе во денарска противвредност според средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот кога се составени ги доставуваат до Управата во вид на извештај во електронска форма најдоцна во рок од три работни дена од денот на извршената продажба, односно денот на составување на договорот за продажба со непосредна спогодба.

(11) Извештаите од ставовите (1), (2), (3), (4), (5), (6), (7), (8), (9) и (10) на овој член, содржат податоци за единствениот матичен број или друг број за идентификација на лицето, име и презиме, датум и место на раѓање, пол и државјанство.

(12) Министерот за финансии на предлог на директорот на Управата ја пропишува формата на извештаите, видот и категориите на податоците од ставовите (1), (2), (3), (4), (5), (6), (7), (8), (9), (10) и (11) на овој член и начинот на електронско доставување до Управата.

Член 65

(1) Субјектите се должни собраните податоци, информации и документи да ги достават до Управата, кога:

1) знаат, се сомневаат или имаат основи за сомневање дека со трансакциите, било или е извршено перење пари и/или финансирање на тероризам или е направен обид или се прави обид за перење пари и/или за финансирање на тероризам, без оглед на износот на трансакцијата;

2) знаат, се сомневаат или имаат основи за сомневање дека имотот претставува принос од казниво дело или

3) знаат, се сомневаат или имаат основи за сомневање дека имотот е поврзан со финансирање на терористички акт, терористичка организација или терорист или лице кое финансира тероризам или финансирање на оружје за масовно уништување.

(2) Доколку субјектот основите на сомневања од ставот (1) на овој член ги сознал пред извршување на трансакцијата, е должен веднаш да ја извести Управата и да ја задржи трансакцијата најдолго до два часа од известувањето до Управата.

(3) Доколку субјектот основите на сомневања од ставот (1) на овој член ги сознал во текот на извршување на трансакцијата, е должен веднаш да ја извести Управата и да ја задржи трансакцијата најдолго четири часа од известувањето до Управата.

(4) Субјектот за сомневањата од ставот (1) на овој член е должен да достави точни податоци, информации и документи до Управата во форма на извештај најдоцна во рок од 24 часа од кога ги сознал основите на сомневање.

(5) Доколку доставените податоци од ставовите (2), (3) и (4) на овој член се недоволни, Управата може да побара дополнителни информации, податоци и документација од субјектот.

(6) Доколку Управата не го извести субјектот за натамошните активности во роковите определени од ставовите (2) и (3) на овој член, субјектот може да ја изврши или одбие трансакцијата.

(7) Субјектите, со исклучок на нотарите, адвокатите и адвокатските друштва се должни во писмена форма да го известат надлежниот орган за надзор од членот 151 од овој закон дека доставиле извештај од ставот (4) на овој член до Управата, во рок од три работни дена од доставувањето на извештајот.

(8) Управата е должна да го извести субјектот за приемот и за извршените проверки на извештајот од ставот (4) на овој член.

(9) Извештајот од ставот (4) на овој член содржи податоци за единствениот матичен број или друг број за идентификација на лицето, име и презиме, датум и место на раѓање, пол и државјанство.

(10) Министерот за финансии на предлог на директорот на Управата ги пропишува формата, видот и категориите на податоците од извештајот од ставот (4) на овој член.

Член 66

Основите на сомневање од членот 65 став (1) од овој закон, субјектот ги утврдува врз основа на:

- непосредни сознанија за клиентот,
- листата на индикатори за препознавање на сомнителни трансакции утврдени од Управата, субјектите и надзорните органи,
- консолидираната листа која се води согласно со прописите за рестриктивни мерки,
- типологии и трендови на перење пари или финансирање на тероризам утврдени од Управата,
- проценет ризик од перење пари и финансирање на тероризам и од утврдениот профил на ризик на клиентот и
- други релевантни информации.

Член 67

(1) Субјектите се должни извештаите до Управата да ги достават по заштитен електронски пат. Доколку ваквиот начин на доставување е оневозможен од технички причини, субјектите извештаите ги доставуваат во писмена форма.

(2) Известувањата дадени на Управата по телефон треба да бидат потврдени согласно со ставот (1) на овој член најдоцна во рок од 24 часа.

(3) Управата не смее да го открие идентитетот на вработениот во субјектот кој го доставува извештајот, освен во случаите кога постои сомневање дека вработениот или субјектот извршил казниво дело перење пари и/или финансирање на тероризам, на барање во писмена форма на надлежниот суд кога е неопходно да се утврдат факти во текот на кривична постапка.

**Именување на овластено лице и формирање на оддел за спречување на перење пари и финансирање на тероризам**

Член 68

(1) Субјектите се должни да именуваат овластено лице и негов заменик.

(2) Субјектот кај кого е вработено само едно лице, не е должен да именува заменик на овластеното лице согласно со ставот (1) на овој член.

(3) Доколку во субјектот се вработени повеќе од 50 лица кои се директно поврзани со дејностите за кои имаат обврска да ги спроведуваат мерките и дејствијата за спречување перење пари и финансирање на тероризам, покрај обврската од ставот (1) на овој член, субјектот во рамките на своето работење е должен да формира посебен оддел за спречување на перење пари и финансирање на тероризам.

(4) Во одделот од ставот (3) на овој член треба да бидат вработени најмалку четири лица доколку во субјектот се вработени од 50 до 300 лица, а бројот на вработени во одделот треба да се зголемува за по едно лице на секои наредни 100 вработени.

(5) Субјектот може, врз основа на резултатите од проценката на ризикот во одделот од ставот (3) на овој член да вработи и повеќе лица од бројот на предвидени лица согласно со ставот (4) на овој член.

(6) Со работењето на одделот од ставот (3) на овој член раководи овластеното лице од ставот (1) на овој член.

(7) Овластеното лице, неговиот заменик, како и вработените во одделот треба да ги исполнуваат следниве услови:

а) не се осудувани за кривични дела против имотот, кривични дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството, кривични дела против службената должност, кривични дела против јавниот ред и кривични дела против човечноста и меѓународното право и други;

б) имаат најмалку средно образование, соодветно стручно знаење и искуство за извршување на задачите од областа на спречување на перење пари и финансирање на тероризам и

в) имаат добро познавање на деловната активност и работните процеси на субјектот.

(8) Раководителите на одделите од ставот (6) на овој член и овластените лица на давателите на услуги на парични дознаки (брз трансфер на пари) треба да ги исполнуваат следниве услови:

а) не се осудувани за кривични дела против имотот, кривични дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството, кривични дела против службената должност, кривични дела против јавниот ред и кривични дела против човечноста и меѓународното право и други;

б) имаат високо образование, соодветно стручно знаење и искуство за извршување на задачите од областа на спречување на перење пари и финансирање на тероризам и

в) имаат добро познавање на деловната активност и работните процеси на субјектот.

(9) Кај субјектите од ставот (3) на овој член, овластеното лице, неговиот заменик, како и сите лица вработени во одделот од ставовите (4) и (5) на овој член, подлежат на безбедносни проверки согласно со прописите за безбедност на класифицирани информации и потребно е да имаат безбедносен сертификат.

(10) Заради ефикасно работење на овластеното лице, неговиот заменик и на вработените во одделот, субјектот е должен да обезбеди исполнување најмалку на следниве услови:

- издвоеност на активностите на овластеното лице, односно на одделот, од другите деловни активности на субјектот, коишто не се поврзани со активностите на спречувањето на перење пари и финансирање на тероризмот и контрола на усогласеноста на работењето со прописите,

- независност на овластеното лице и на одделот при спроведувањето на мерките и дејствијата за откривање и спречување на перење пари и финансирање на тероризам согласно со овој закон,

- право на директен пристап до електронските бази на податоци и навремен пристап до сите информации потребни за непречено спроведување на програмата и одредбите од овој закон и

- воспоставување директна комуникација со органите на управување на субјектот и друго.

(11) Банките и давателите на услуги на парични дознаки (брз трансфер на пари) се должни да именуваат овластено дежурно лице и негов заменик кое во случај на итни ситуации (терористички акт, закани од терористички акт) веднаш, а најдоцна во рок од три часа ќе биде достапно на Управата. Овластеното дежурно лице и неговиот заменик треба да ги исполнуваат условите од ставовите (8) и (9) на овој член.

(12) Банките и давателите на услуги на парични дознаки (брз трансфер на пари) се должни за извршување на обврските на овластеното дежурно лице и неговиот заменик од ставот (11) на овој член да му ги обезбедат потребните услови за работа согласно со ставот (10) на овој член.

(13) Субјектот е должен да донесе мерки со кои ќе обезбеди дека вработените кои вршат задачи од областа на спречување и откривање на перење пари и финансирање на тероризам согласно со овој закон, се запознати со одредбите од овој закон, вклучувајќи и соодветни мерки во врска со заштита на податоците. Мерките мора да бидат пропорционални на видот и големината на субјектот и проценетиот ризик од перење пари и финансирање на тероризам.

(14) Субјектот е должен да обезбеди редовна стручна обука од областа на спречување и откривање на перење пари и финансирање на тероризам согласно со овој закон за сите вработени.

(15) Субјектите се должни до Управата по електронски пат да достават податоци за лицата (име, презиме и контакт) од ставовите (1) и (11) на овој член, како и да ја известат Управата за секоја промена. Доколку ваквиот начин на доставување е оневозможен од технички причини, субјектите известувањето го доставуваат во писмена форма се до моментот на отстранувањето на таквите пречки, односно причини.

## Обврска за внатрешна контрола

Член 69

Субјектите се должни да вршат внатрешна контрола над спроведувањето на мерките и дејствијата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам најмалку еднаш годишно во тековната година за претходната година и да изготват документација за констатираните наоди од спроведената внатрешна контрола.

## Имплементирање на софтвер за автоматска обработка на податоците

Член 70

(1) Банките се должни да имплементираат и редовно надоградуваат софтвер за автоматска обработка на податоците согласно со карактеристиките на софтверот за автоматска обработка на податоците кои треба да ги исполнуваат прописите за заштита на лични податоци.

(2) Министерот за финансии на предлог на директорот на Управата ги пропишува карактеристиките на софтверот за автоматска обработка на податоците.

**Користење на податоците обезбедени со овој закон од страна на субјектите**

Член 71

(1) Податоците обезбедени врз основа на овој закон, вклучително и личните податоци, се користат единствено за откривање и спречување на перење пари и финансирање на тероризам согласно со закон.

(2) Не се смета за оддавање на деловна тајна или за откривање на класифицирани податоци и информации доставувањето на податоците од ставот (1) на овој член до Управата и до соодветниот орган на надзор од овој закон при вршење на надзор согласно со овој закон.

(3) Вработените во субјектите и лицата коишто управуваат со субјектите кои имаат обврска да преземаат мерки и дејствија за откривање и спречување на перење пари и финансирање на тероризам, согласно со овој закон, не смеат да ги користат личните податоци од досиејата на клиентите за други цели, освен за спроведување на мерките и дејствијата за откривање и спречување на перење пари и финансирање на тероризам согласно со целите предвидени со овој закон.

**Забрана за откривање на податоци и информации**

Член 72

(1) Субјектот и неговите вработени, вклучувајќи ги и членовите на управниот и надзорниот одбор или други лица на кои на кој било начин им се достапни податоците обезбедени согласно со овој закон или подзаконските акти донесени согласно со овој закон, не смеат да го известат клиентот или трето лице, дека:

1) е во тек или е можна анализа за утврдување на основи на сомневање за перење пари или финансирање на тероризам од страна на Управата;

2) до Управата е доставен или ќе се достави податок, информација или документација за клиентот или трето лице или трансакција;

3) Управата издала налог за следење на деловен однос или писмен налог за привремено задржување на трансакција;

4) против клиентот или трето лице се започнати или е можно започнување на предистражни дејствија, истрага или кривична постапка за перење пари или финансирање на тероризам.

(2) Податоците, информациите и документацијата од ставот (1) на овој член се класифицирани податоци за кои е утврден соодветен степен на класификација во согласност со прописите за заштита на класифицирани информации.

(3) Субјектот е должен да преземе технички и организациски мерки за заштита на податоците обезбедени согласно со одредбите на овој закон кои се потребни со цел нивна заштита од случајно губење, уништување или недозволен пристап, неовластена примена и секаква друга злоупотреба и да утврдат обврска на вработените кои ги обработуваат податоците, да потпишат изјава за доверливост.

(4) Забраната за откривање на податоци и информации од ставот (1) на овој член не се применува, освен доколку Управата не одлучи поинаку, кога:

а) се разменуваат податоци и информации помеѓу финансиски институции кои се дел од иста група, под услов да ги спроведуваат прописите кои произлегуваат од важечките меѓународни прописи и стандарди за спречување на перење пари и финансирање на тероризам;

б) се разменуваат податоци и информации помеѓу субјектите од членот 5 точка 2 од овој закон од држави во кои се пропишани исти одредби за откривање и спречување на перење пари и финансирање на тероризам како одредбите од овој закон, а кои својата професионална дејност ја извршуваат како дел од исто правно лице или како дел од поголема сопственичка или управувачка структура кон која припаѓа правното лице.

(5) Забраната за откривање на податоци и информации од ставот (1) на овој член не се применува за податоци и информации кои се однесуваат на ист клиент или иста трансакција каде учествуваат два или повеќе субјекти под услов да ги спроведуваат мерките за спречување на перење пари и финансирање на тероризам, извршуваат ист вид на дејност и подлежат на обврските за заштита на деловна тајна и заштита на лични податоци.

**Иземање од одговорност за известување и задржување**

Член 73

(1) Нема да се покрене постапка за утврдување на одговорност за оддавање на деловна тајна против лицата или работоводниот орган и вработените во субјектите, како и органите за надзор од членот 151 став (1) од овој закон, кои доставиле информации или извештаи во врска со сомнителни трансакции до Управата.

(2) Не може да се покрене постапка за граѓанска или кривична одговорност против службените или одговорните лица, работоводниот орган или вработените во субјектите, како и органите за надзор од членот 151 став (1) од овој закон, кои доставиле податоци, информации, документи или извештаи согласно со одредбите од овој закон, дури и во случај кога постапката по дадените информации и извештаи не довела до утврдување на одговорност, односно правосилна пресуда.

(3) Не може да се покрене постапка за граѓанска или кривична одговорност против службените или одговорните лица, работоводниот орган и вработените во субјектите, како и органите за надзор од членот 151 став (1) од овој закон, заради настаната материјална или нематеријална штета како последица од задржување на трансакции согласно со одредбите од овој закон, освен ако со таквото задржување се исполнети обележјата на некое кривично дело.

**Деловна тајна**

Член 74

Повикувањето на оддавање на деловна тајна не може да се прифати како основа за одбивање да се обезбедат, доставaт и дадат податоци, информации и документи според овој закон.

ГЛАВА IV.

УПРАВА ЗА ФИНАНСИСКО РАЗУЗНАВАЊЕ

Член 75

(1) Управата е единица за финансиско разузнавање на Република Северна Македонија, основана за целите на прибирање и анализа на извештаи за сомнителни трансакции и други информации од значење за спречување и откривање перење пари и финансирање на тероризам и доставување на резултатите од анализата и други дополнителни релевантни информации до надлежните органи кога постојат основи за сомневање за перење пари и финансирање на тероризам.

(2) Управата е орган на државната управа во состав на Министерството за финансии, со својство на правно лице.

(3) Управата ги има следниве надлежности:

- прибира, обработува, анализира, чува и доставува податоци добиени врз основа на овој закон,
- прибавува податоци, информации и документи, неопходни за извршување на своите надлежности,
- изготвува и доставува извештаи до надлежните државни органи, секогаш кога постојат основи на сомневање за сторено кривично дело перење пари или финансирање на тероризам,
- изготвува и доставува известување до надлежните државни органи за постоење на основи на сомневање за сторено друго кривично дело,
- издава писмен налог на субјектот со кој привремено ја задржува трансакцијата,
- поднесува барање за поднесување на предлог за определување на привремени мерки до надлежниот јавен обвинител,
- поднесува налог за следење на деловниот однос до субјектот,
- издава прекршочен платен налог,
- поднесува барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежниот суд,
- изготвува стратешки анализи за утврдување на трендовите и типологиите на перење пари и финансирање на тероризам,
- соработува со субјектите од членот 5 од овој закон, со Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана, Министерството за правда, Министерството за надворешни работи, Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, Агенцијата за разузнавање, Агенцијата за национална безбедност, Управата за финансиска полиција, Царинската управа, Управата за јавни приходи, Државниот девизен инспекторат, Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија, Народната банка на Република Северна Македонија, Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, Агенцијата за супервизија на осигурување, Државната комисија за спречување на корупцијата, Државниот завод за ревизија, Централниот регистар на Република Северна Македонија и други државни органи и институции, како и со други организации, институции и меѓународни тела за борба против перењето пари и против финансирањето на тероризмот,
- склучува договори за соработка и разменува податоци и информации со единици за финансиско разузнавање на други држави и меѓународни организации, вклучени во борба против перење пари и финансирање на тероризам,
- самостојно или во соработка со органите за надзор од членот 151 од овој закон, врши надзор над субјектите за примената на мерките и дејствијата определени со овој закон,
- учествува во спроведување на национална проценка на ризик од перење пари и финансирање на тероризам и спроведува проценка на ризик над одредени категории на субјекти,
- поведува иницијативи или дава мислења на закони и подзаконски акти што се однесуваат на спречување на перење пари и финансирање на тероризам,
- може да помага во професионалното усовршување на овластените лица и вработените во одделот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам во субјектите од членот 5 од овој закон,
- утврдува листи на индикатори за препознавање на сомнителни трансакции во соработка со субјектите и органите кои вршат надзор врз нивното работење и редовно ги ажурира,
- планира и спроведува обуки за усовршување и оспособување на вработените во Управата,
- спроведува активности насочени кон подигање на свеста на невладиниот сектор за ризиците од нивна можна злоупотреба за целите на финансирање на тероризам,

- дава појаснување во примената на прописите за спречување на перење пари и финансирање на тероризам,
- води евиденции, како и сеопфатна статистика за целите на оценка на ефикасноста на системот за борба против перење пари и финансирање на тероризам,
- постапува согласно со одредбите од Законот за рестриктивни мерки и подзаконските акти донесени на негова основа и
- врши други работи определени со закон.

(4) Заради извршување на своите надлежности, Управата има навремен директен или индиректен електронски пристап до податоци, информации и документација со кои располагаат субјектите, државните органи и институции и други правни или физички лица согласно со одредбите од овој закон.

(5) Управата работите од своја надлежност ги врши согласно со закон и ратификуваните меѓународни договори со кои се уредува спречувањето перење пари и финансирање на тероризам.

(6) Личните податоци прибрани за целите на овој закон се користат согласно со овој закон и прописите за заштита на личните податоци.

(7) Управата еднаш годишно подготвува извештај за работите од својата надлежност и програма за работа за следната година и ги доставува до министерот за финансии и до Владата на Република Северна Македонија. Управата може да достави и друг извештај по барање на министерот за финансии или на Владата на Република Северна Македонија.

Член 76

(1) Управата своите надлежности ги спроведува на целата територија на Република Северна Македонија.

(2) Седиштето на Управата е во Скопје.

## Основни начела на Управата

Член 77

(1) Основни начела на работа на Управата се:

1) законитост - сите дејствија и активности кои се преземаат во Управата се согласно со Уставот на Република Северна Македонија, закони и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот и законот;

2) пропорционалност - во примена на со закон пропишаните овластувања, овластувањата мора да бидат сразмерни на потребите заради кои се преземаат притоа имајќи ја предвид сериозноста на ризиците кои произлегуваат од нивната примена, како и остварување на целта со најмалку штетни последици;

3) ефикасност - во преземањето на дејствијата и активностите, нивното времетраење, како и рационално трошење на јавните средства заради нивно ефективно извршување и

4) непристрасност - преземање на дејствијата и активностите во без какво било влијание на политички, лични финансиски интереси или пак постоење на какви било случаи на судир на интереси согласно со закон.

## Самостојност и оперативна независност на Управата

Член 78

Управата е самостојна и оперативно независна при извршувањето на надлежностите пропишани со овој закон и има овластување целосно слободно да ги извршува своите надлежности, вклучувајќи и одлучување во однос на анализирање, барање, проследување и доставување на резултатите од своите анализи и информации, податоци и документација до надлежните органи и единици за финансиско разузнавање на друга држава.

**Финансирање на Управата**

Член 79

Потребните финансиски средства за финансирање на Управата се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија.

Член 80

(1) Управата и нејзините вработени не се одговорни за штетата предизвикана на субјектите, клиентите на субјектите или трети лица во случаите кога постапуваат во согласност со одредбите од овој закон или подзаконските акти донесени на негова основа.

(2) Република Северна Македонија не одговара за штетите кои можат да бидат предизвикани со примена на одредбите од овој закон или подзаконските акти донесени на негова основа.

(3) По исклучок, одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член не се применуваат ако штетата е предизвикана намерно.

Член 81

(1) Директорот на Управата го именува и разрешува Владата на Република Северна Македонија на предлог на министерот за финансии по спроведен јавен оглас, објавен во три дневни весници на целата територија на Република Северна Македонија од кои еден од весниците што се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

(2) Директорот на Управата има мандат од пет години со можност за реизбор.

(3) За директор може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:

1) да е државјанин на Република Северна Македонија;

2) да има стекнати 240 кредити според ЕКТС или VII/1 степен на образование;

3) да има најмалку пет години работно искуство од областа на спречување на перење пари и финансирање на тероризам;

4) не е осудено за кривични дела против имотот, кривични дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството, кривични дела против службената должност, кривични дела против јавниот ред и кривични дела против човечноста и меѓународното право и други кривични дела и

5) да поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик:

- ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 74 бода,
- ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,
- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,
- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен,
- БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода или
- АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2);

6) активно да го користи македонскиот јазик;

7) поседува сертификат за познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.

(4) Мандатот на директорот престанува:

- по истек на пет години од денот кога е именуван,
- во случај на смрт,
- во случај на негова оставка,
- во случај на разрешување,
- во случај кога со правосилна пресуда е осуден за кривично дело на казна затвор во траење од најмалку шест месеци,

- кога од страна на судот му е изречена мерка забрана за вршење на дејност на раководно лице во институцијата и
- ако ја изгубил деловната способност.

(5) Директорот може да биде разрешен поради:
- незаконито работење,
- нестручно вршење на должноста на директор,
- во случај на долготрајна тешка болест која го спречува во извршувањето на своите обврски и
- по негово барање.

(6) Директорот раководи и ја претставува Управата, организира и обезбедува законито, ефикасно и стручно вршење на работите на Управата, донесува решенија, налози и интерни наредби, упатства, планови и програми, опомени со препораки и други акти согласно со закон.

(7) Директорот може да овласти финансиски разузнавач од категорија А од членот 87 став (1) од овој закон, во случај на негово отсуство или спреченост, да потпишува акти од ставот (6) на овој член.

Член 82

Директорот на Управата и нејзините вработени подлежат на безбедносни проверки согласно со прописите за безбедност на класифицирани информации.

Член 83

(1) Во Управата работните места на вработените се групираат во групи и подгрупи согласно со Законот за вработените во јавниот сектор на:
1) работни места на административни службеници;
2) работни места на овластени службени лица и
3) работни места на помошно-технички лица.

Член 84

(1) Вработените во Управата од членот 83 од овој закон имаат службена легитимација.

(2) Формата, содржината, начинот на издавање, одземање и користење на службената легитимација на предлог на директорот, ја пропишува министерот за финансии.

Член 85

(1) Вработените во Управата кои вршат работи од административна природа, имаат статус на административни службеници.

(2) За прашањата кои се однесуваат на класификацијата, вработувањето, системот на плата, унапредувањето, стручното усовршување и оспособување, мерењето на ефектот и други прашања во врска со работниот однос на административните службеници се применуваат одредбите од Законот за административните службеници.

Член 86

(1) Вработените во Управата кои вршат помошно-технички работи имаат статус на помошно-технички лица.

(2) За прашањата кои се однесуваат на класификацијата, евиденцијата, вработувањето и мобилност на вработените од ставот (1) на овој член, се применува Законот за вработените во јавен сектор, а за другите прашања во врска со работниот однос се применуваат општите прописи за работните односи и колективните договори.

ГЛАВА V.

ПРАВА, ОБВРСКИ И ОДГОВОРНОСТИ НА ВРАБОТЕНИ ОВЛАСТЕНИ СЛУЖБЕНИ ЛИЦА ВО УПРАВАТА

**Класификација на работни места на овластени службени лица во Управата**

Член 87

(1) За овластените службени лица во Управата се утврдуваат следниве категории на работни места:

- категорија А - раководни лица-финансиски разузнавачи и
- категорија Б - финансиски разузнавачи.

(2) Во рамките на категоријата А се утврдуваат следниве нивоа на работни места:

- ниво А1 - раководител на сектор - финансиски разузнавач,
- ниво А2 - помошник раководител на сектор - финансиски разузнавач и
- ниво А3 - раководител на одделение - финансиски разузнавач.

(3) Во рамките на категоријата Б се утврдуваат следниве нивоа на работни места:

- ниво Б1 - самостоен финансиски разузнавач,
- ниво Б2 - виш финансиски разузнавач,
- ниво Б3 - финансиски разузнавач и
- ниво Б4 - помлад финансиски разузнавач.

Член 88

(1) На овластените службени лица во Управата се применува овој закон, Законот за работните односи, Законот за вработените во јавниот сектор и прописите од областа на здравственото, пензиското и инвалидското осигурување и колективните договори, доколку со овој закон поинаку не е уредено.

(2) Вработувањето на овластените службени лица во Управата се врши во согласност со Законот за вработените во јавниот сектор.

(3) Мобилноста на овластените службени лица во Управата се врши во согласност со Законот за вработените во јавниот сектор.

**Вработување на финансиски разузнавач**

Член 89

(1) Во Управата како финансиски разузнавач може да се вработи лице кое ги исполнува општите услови предвидени со овој закон и посебните услови предвидени со овој закон и актот за систематизација на работните места во Управата.

(2) За финансиски разузнавач може да биде вработено лице кое исполнува општите услови:

1) е државјанин на Република Северна Македонија;

2) е психофизички здраво (способно) за вршење на работите пропишани со актот за систематизација;

3) активно да го користи македонскиот јазик;

4) да е полнолетен;

5) со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија дејност или должност;

6) со безбедносна проверка од страна на надлежен орган да е утврдено дека не постои безбедносен ризик од вработување на лицето.

(3) Покрај општите услови од ставот (2) на овој член, за финансиски разузнавач може да биде вработено лице кое ги исполнува следниве посебни услови:

1) стручни квалификации за сите нивоа од категоријата А и Б - ниво на квалификација VI А според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен на образование.

2) да има работно искуство во струката и тоа:

- за ниво А1 - најмалку седум години работно искуство во струката од кои најмалку три години на раководно работно место во јавен сектор,
- за ниво А2 – најмалку шест години работно искуство во струката од кои најмалку една години на раководно работно место во јавен сектор,
- за ниво А3 – најмалку пет години работно искуство во струката од кои најмалку една година на работно место во јавен сектор,
- за ниво Б1 - најмалку три години работно искуство во струката,
- за ниво Б2 - најмалку две години работно искуство во струката,
- за ниво Б3 - најмалку една година работно искуство во струката и
- за ниво Б4 - со или без работно искуство;

3) има завршено соодветно образование пропишано со актот за систематизација на работни места во Управата;

4) да има активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици (англиски, француски или германски јазик) и

5) активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.

**Престанување на работен однос на финансискиот разузнавач**

Член 90

(1) На финансискиот разузнавач работниот однос му престанува, ако:

а) сам тоа го побара;

б) трајно ја загуби здравствената способност за извршување на должностите во Управата како последица на болест или намалување на физичките или менталните капацитети;

в) ако се утврди дека при вработувањето премолчил или дал невистинити податоци во однос на општите и посебните услови за вработување со денот на конечноста на решението или со истекот на рокот за одлучување по жалба против решението;

г) му е изречена дисциплинска мерка престанок на работен однос со денот на врачувањето на конечното решение;

д) поради издржување казна затвор мора да биде отсутен од работа подолго од шест месеци - со денот на упатувањето на издржувањето на казната;

ѓ) ги исполни условите за пензија согласно со овој закон и

е) биде оценет со оцена „не задоволува” трипати последователно или во последните пет години најмалку трипати.

(2) За престанокот на работниот однос одлучува министерот за финансии.

**Права и обврски на финансискиот разузнавач**

Член 91

(1) Финансиските разузнавачи имаат обврска:

а) работните задачи да ги вршат совесно, стручно, ефикасно, уредно и навремено во согласност со Уставот, закон и други прописи;

б) да ги извршуваат наредбите од непосредно претпоставениот раководител и да постапуваат по нив во согласност со Уставот, закон и друг пропис;

в) да го почитуваат пропишаното работно време и

г) опремата што им е дадена на користење за извршување на нивните должности да ја употребуваат со должно внимание и како добар домаќин во согласност со нејзината намена и истата да не ја користат во приватни цели.

(2) Финансискиот разузнавач покрај обврските од ставот (1) на овој член ги има и следниве обврски:

а) да ја врши својата работа непристрасно и без влијание од политичките партии, да не се раководи од свои политички уверувања, од лични финансиски интереси, да не ги злоупотребува овластувањата и статусот и да го штити угледот на Управата;

б) стручно да го усовршува своето знаење заради унапредување на професионалните барања со постојано почитување и применување на прописите за вршење на своите службени должности;

в) да се однесува во согласност со Кодексот на однесување на вработените во Управата;

г) да ги почитува сите безбедносни мерки за да не дојде до загрозување на неговиот живот и здравје, како и животот и здравјето на другите вработени во Управата и

д) да не користи привилегии и ослободувања, барање или примање материјална или друга корист при исполнување на своите службени обврски.

(3) Финансиските разузнавачи се должни да ракуваат и да ги чуваат класифицираните информации согласно со прописите за класифицирани информации.

(4) Финансиските разузнавачи се должни да ги собираат, обработуваат и чуваат личните податоци согласно со одредбите од овој закон и прописите за заштита на лични податоци.

(5) Финансиските разузнавачи за непридржување кон обврските пропишани со ставовите (1), (2), (3) и (4) на овој член подлежат на дисциплинска, прекршочна и кривична одговорност во согласност со закон.

Член 92

(1) Управата планира, организира и спроведува обуки за вработените.

(2) Со вработен кој се упатува на обука чија вредност надминува десет просечни плати исплатени во Република Северна Македонија последниот месец пред упатувањето, Управата склучува договор во писмена форма со кој се уредуваат правата и обврските на договорните страни.

(3) Вработениот кој нема да ги исполни обврските од склучениот договор од ставот (2) на овој член е должен да ги надомести трошоците направени за неговата обука зголемени за трипати.

**Плата, осигурување и надоместоци на финансискиот разузнавач**

Член 93

(1) Финансиските разузнавачи имаат право на плати, надоместоци на плата и други надоместоци кои се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија.

(2) Финансискиот разузнавач, поради специфичностите на работите кои ги извршува, има право на плата зголемена за 30% од основицата утврдена со актот за исплата на плата и надоместоци.

(3) На финансискиот разузнавач во случај на привремена неспособност за работа, настаната при вршење или по повод вршење на работите и задачите, му припаѓа надоместок во висина на тековната плата за времето на отсуство од работа.

(4) На финансискиот разузнавач согласно со прописите за пензиско и инвалидско осигурување, стажот на осигурување му се смета со зголемено траење, така што старосната граница за стекнување на право на старосна пензија се намалува зависно од

степенот на зголемување на стажот и тоа за по една година за секои четири години поминати на работни места на кои ефективно поминати 12 месеци се сметаат во стаж на осигурување како 15 месеци.

(5) Управата ги осигурува финансиските разузнавачи во случај на смрт, телесно оштетување или губење на работната способност за време на вршење на работите од нивна надлежност.

**Прекинување на договор за вработување на финансискиот разузнавач поради возраст на работникот**

Член 94

Управата го прекинува договорот за вработување на финансискиот разузнавач кога работникот ќе наполни 64 години возраст и 15 години пензиски стаж.

**Право на еднократен надоместок во вид на отпремнина**

Член 95

На финансискиот разузнавач кој стекнал право на пензија му следува еднократен надоместок во вид на отпремнина, согласно со колективен договор.

Член 96

Финансиските разузнавачи при вршење на своите овластувања имаат посебни права да влегуваат и да имаат слободен пристап на станиците, аеродромите, пристаништата и јавните паркинзи само со покажување на службена легитимација.

Член 97

(1) Финансискиот разузнавач во зависност од постигнатите исклучителни и натпросечни резултати во работењето, стручното знаење и способности во работењето, залагањето, креативноста и совесноста при извршувањето на службените должности може да биде унапреден на повисоко работно место со одлука на директорот, а по претходна согласност на министерот за финансии.

(2) Финансискиот разузнавач може да биде унапреден доколку ги исполнува следниве услови:

- работното место на кое се унапредува е слободно (непополнето или испразнето),
- во целост ги исполнува условите утврдени во актот за систематизација на работните места за работното место на кое се врши унапредувањето,
- ги има завршено обуките утврдени за работното место на кое се унапредува,
- бил оценет со оцени „се истакнува” или „задоволува” на начин и под услови утврдени со овој закон,
- поминала најмалку една година од неговото последно унапредување и
- во последните 12 месеци не бил казнуван поради кршење на работниот ред и дисциплина или неисполнување на работните обврски утврдени со закон.

Член 98

(1) Финансиските разузнавачи во текот на своето работење ќе бидат оценувани еднаш годишно од страна на непосредно претпоставениот раководен финансиски разузнавач. Во случај на немање на непосредено претпоставен раководен финансиски разузнавач оценувањето го врши повисокиот раководен финансиски разузнавач согласно со актот за систематизација. Во случај на немање на повисок раководен финансиски разузнавач согласно со актот за систематизација оценувањето го врши директорот на Управата.

(2) Финансиските разузнавачи кои оправдано отсуствувале од работа подолго од шест месеци во текот на годината (боледување, неплатено отсуство итн.) нема да бидат оценувани.

(3) Оценувањето на финансиските разузнавачи се врши врз основа на податоци кои се однесуваат на следниве критериуми:

- стручното знаење и способности во работењето,
- залагањето,
- постигнатите резултати,
- креативноста и
- совесноста.

(4) Критериумите од ставот (3) на овој член се оценуваат поединечно, бројчено со оценка од еден до четири и описно со следниве описни оцени „се истакнува", „задоволува", „делумно задоволува" и „не задоволува".

(5) Финансискиот разузнавач кој не е задоволен од оценката, може во рок од осум дена од денот на оценувањето да поднесе барање за преиспитување на оценката до Комисија за преиспитување на оценката, која ја формира директорот.

(6) Финансискиот разузнавач кој не е задоволен од одлуката на Комисијата за преиспитување на оценката во рок од осум дена од денот на врачување на одлуката има право да поднесе жалба преку Управата до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

(7) Начинот на оценување на работењето на финансиските разузнавачи, видовите на извештаи, формата и содржината на образецот за оценување и другите обрасци ги пропишува министерот за финансии на предлог на директорот.

Член 99

(1) Кодексот на однесување ги опишува стандардите на однесување кои треба да се почитуваат од сите вработени и дава насоки и упатства за решавање на етичките прашања за оние кои работат во Управата и оние кои соработуваат и работат со вработените на Управата.

(2) Кодексот на однесување го пропишува министерот за финансии на предлог на директорот.

Член 100

(1) За кршење на работниот ред и дисциплина или неисполнување на работните обврски, финансискиот разузнавач одговара дисциплински.

(2) Одговорноста за сторено кривично дело не ја исклучува дисциплинската одговорност на финансискиот разузнавач.

Член 101

(1) Финансискиот разузнавач одговара дисциплински за дисциплинска неуредност и дисциплински престап.

(2) Дисциплинска неуредност, во смисла на ставот (1) на овој член е полесна повреда на работната дисциплина, работните задачи, угледот на Управата и на вработените.

(3) Дисциплински престап, во смисла на ставот (1) на овој член е потешка повреда на работната дисциплина, работните задачи, угледот на Управата и на вработените.

Член 102

(1) Финансискиот разузнавач врши дисциплинска неуредност, односно полесна повреда на работната дисциплина, работните задачи, угледот на Управата и на вработените, кога:

1) не го почитува работниот ред и дисциплина;
2) не ги извршува или несовесно и ненавремено ги извршува работните обврски;
3) не се придржува кон прописите кои важат за вршење на работите на работното место;
4) не се придржува на утврденото работно време, распоредот и користењето на работното време;
5) не побара отсуство или навремено не го извести директорот во писмена форма, односно непосредниот раководител или друг одговорен работник за отсуството од работа;
6) поради болест или оправдани причини отсуствува од работа, а за тоа веднаш или најдоцна во рок од 24 часа не го извести директорот, односно непосредниот раководител или друг одговорен работник;
7) со средствата за работа не постапува совесно или во согласност со техничките упатства за работа;
8) настане штета, грешка во работењето или загуба, а за тоа веднаш не го извести директорот, односно раководителот на организациската единица или друг одговорен работник;
9) не ги одржува средствата и опремата за заштита при работа согласно со прописите за заштита при работа;
10) предизвикува неред и насилнички се однесува за време на работата;
11) незаконски или неовластено ги користи средствата на Управата и
12) избегнува обука.

Член 103

Финансискиот разузнавач врши дисциплински престап, односно потешка повреда на работната дисциплина, работните задачи, угледот на Управата и на вработените, доколку:
1) неоправдано изостане од работа три последователни работни дена или пет работни дена во текот на една година;
2) го злоупотреби боледувањето;
3) не се придржува кон прописите за здравствена заштита, заштита при работа, пожар, експлозија, штетно дејствување на отрови и други опасни материи и ги повредува прописите за заштита на животната средина;
4) внесе, употреби или е под дејство на алкохол и наркотични средства;
5) стори кражба или во врска со работата намерно или од крајно невнимание предизвика штета на Управата;
6) не се придржува до одредбите од Законот за класифицирани информации;
7) изврши злоупотреба на лични податоци;
8) ги злоупотреби или пречекори законските обврски и овластувања;
9) избегнува лекарски преглед заради утврдување на работната способност;
10) противправно прибавува лична корист во врска со вршењето на работите и задачите;
11) изврши послуга или овозможување на послуга на друго лице со пари или со други работи од вредност кои на финансискиот разузнавач му се доверени во вршењето на работите и задачите и
12) основа, раководи, застапува, претставува политичка партија, членува во органите на партијата утврдени со нејзиниот статут, изразува и застапува партиски ставови и убедувања во вршењето на работите и задачите, носи или истакнува партиски симболи во просториите или во службените возила на Управата и партиски се организира или дејствува во Управата.

Член 104

(1) Во случај на дисциплинска неуредност на финансискиот разузнавач може со решение да му се изрече една од следниве дисциплински мерки:

1) писмена опомена или

2) парична казна во висина од 15% од последната исплатена месечна нето- плата на финансискиот разузнавач, во траење од еден до три месеци.

(2) Во случај на дисциплински престап на финансискиот разузнавач може со решение да му се изрече една од следниве дисциплински мерки:

1) парична казна во висина од 15% од последната исплатена месечна нето- плата на финансискиот разузнавач, во траење од три до шест месеци;

2) распоредување на работно место кое согласно со хиерархијата на работни места утврдени во актот за систематизација на работните места во Управата е еден степен пониско од работното место од кое финансискиот разузнавач бил распореден или

3) прекин на договорот за вработување.

(3) При изрекување на дисциплинските мерки од ставовите (1) и (2) на овој член се земаат предвид степенот на одговорноста, условите под кои е сторена повреда на работната дисциплина, работните задачи, угледот на Управата и на вработените, поранешната работа и однесување на работникот, тежината на повредата и нејзините последици, околностите под кои е сторена повредата и други олеснувачки и отежнувачки околности.

Член 105

Збирот на парични казни на финансискиот разузнавач во еден месец за повреда на работната дисциплина, работните задачи, угледот на Управата и на вработените не може да надмине 20% од износот на неговата вкупна нето-плата за тој месец.

Член 106

(1) Дисциплинските мерки против финансискиот разузнавач за дисциплинска неуредност се изрекуваат на предлог од непосредниот раководен финансиски разузнавач, повисокиот раководен финансиски разузнавач или раководен финансиски разузнавач на исто ниво, кој истовремено се доставува до директорот и до финансискиот разузнавач против кој се поднесува предлогот.

(2) Финансискиот разузнавач против кој се поднесува предлогот има право во рок од три дена од денот на приемот на предлогот од ставот (1) на овој член да се произнесе по предлогот, односно да даде одговор во писмена форма.

(3) Дисциплинските мерки против финансискиот разузнавач за дисциплинска неуредност ги изрекува директорот во рок од осум дена од денот на приемот на писмениот одговор од ставот (2) на овој член.

(4) Против одлуката од ставот (3) на овој член, незадоволниот финансиски разузнавач има право да поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од осум дена од приемот на одлуката.

Член 107

Предлог за поведување на постапка за утврдување на дисциплинска одговорност на финансискиот разузнавач за дисциплински престап може да поднесе непосредниот раководен финансиски разузнавач, повисокиот раководен финансиски разузнавач или раководен финансиски разузнавач на исто ниво. Предлогот мора да биде образложен и поткрепен со факти и докази.

Член 108

(1) За водење на постапка за утврдување на дисциплинска одговорност на финансискиот разузнавач за дисциплински престап во случаите утврдени со овој закон, директорот во рок од осум дена од денот на поднесувањето на предлог за поведување на дисциплинска постапка формира комисија за утврдување на дисциплинска одговорност.

(2) Комисијата од ставот (1) на овој член е составена од финансиски разузнавачи и тоа претседател од редот на раководни финансиски разузнавачи и два члена од кои доколку е можно, еден да е финансиски разузнавач со исто звање како финансискиот разузнавач против кого се води дисциплинска постапка. Претседателот и членовите имаат свои заменици.

(3) Комисијата од ставот (1) на овој член постапката за утврдување на дисциплинска одговорност ја води согласно со овој закон.

(4) Комисијата од ставот (1) на овој член, по спроведената дисциплинска постапка, ако утврди дека финансискиот разузнавач е одговорен, му предлага на директорот да донесе соодветна дисциплинска мерка.

(5) Ако комисијата од ставот (1) на овој член утврди дека финансискиот разузнавач не е одговорен, му предлага на директорот да го отфрли предлогот или да ја запре постапката.

(6) Директорот, врз основа на предлогот на комисијата, донесува решение за изрекување на дисциплинска мерка, отфрлање на предлогот или за запирање на постапката во рок од три дена од приемот на предлогот од ставот (5) на овој член. Решението за изрекување на дисциплинска мерка содржи и образложение за основот и причините за изрекување на дисциплинската мерка.

(7) Решението за изрекување на дисциплинска мерка се врачува лично на финансискиот разузнавач, по правило, во работните простории на Управата, односно на адреса на живеалиштето, односно престојувалиштето.

(8) Ако финансискиот разузнавач го одбие врачувањето, решението се објавува на огласната табла во Управата. По изминувањето на три работни дена од денот на објавувањето на огласната табла се смета дека врачувањето е извршено.

(9) Против решението за изрекување на дисциплинска мерка или отфрлање на предлогот, односно за запирање на постапката, финансискиот разузнавач има право на жалба преку Управата до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од осум дена од денот на доставувањето на решението.

(10) Жалбата го задржува извршувањето на решението до донесување на конечна одлука или истек на рокот во кој требало да одлучи Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен. Управата е должна жалбата, со придружните списи, да го достави до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од осум дена од приемот на жалбата.

(11) Дисциплинската постапка завршува во рок од 60 дена сметано од денот на донесувањето на решение за формирање на комисијата од ставот (1) на овој член.

Член 109

(1) До донесување на решение во дисциплинска постапка што се води против финансиски разузнавач, финансискиот разузнавач со писмена одлука - решение се отстранува од работното место и од Управата во случаите утврдени со прописите за работните односи, ако настане една од следниве ситуации:

- непосредно се загрозува животот или здравјето на работниците или други лица или се оштетуваат средства од поголема вредност,

- присуството на работното место и натамошната работа штетно ќе се одрази врз работењето на Управата и

- кога против финансискиот разузнавач е покрената кривична постапка за кривично дело сторено на работа или во врска со работата.

(2) За време на отстранувањето од работното место и од Управата, на финансискиот разузнавач му се утврдува и исплатува надоместок во висина од 60% од износот на нето-платата што финансискиот разузнавач ја остварил во месецот пред отстранувањето од работното место.

(3) Решението од ставот (1) на овој член го донесува директорот.

(4) Решението од ставот (1) на овој член се врачува лично на финансискиот разузнавач, по правило, во работните простории на Управата, односно на адреса на живеалиштето, односно престојувалиштето.

(5) Ако финансискиот разузнавач го одбие врачувањето, решението се објавува на огласната табла во Управата. По изминувањето на три работни дена од денот на објавувањето на огласната табла се смета дека врачувањето е извршено.

(6) Финансискиот разузнавач има право на жалба против решението од ставот (1) на овој член до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од осум дена од денот на доставувањето на решението.

(7) Жалбата против решението од ставот (1) на овој член не го одложува извршувањето на решението.

(8) Во случај на враќање на работа и доколку не се утврди постоење на дисциплинска одговорност, на финансискиот разузнавач му следува надоместок ретроактивно во износ од 100% од нето-платата.

Член 110

Доколку на финансискиот разузнавач поради дисциплински престап му биде изречена мерка прекин на договорот за вработување, финансискиот разузнавач има право на отказен рок во траење од 30 дена од денот на врачувањето на решението за прекин на договорот за вработување.

Член 111

За време на отказниот рок Управата е должна на финансискиот разузнавач да му овозможи отсуство од работа заради барање ново вработување, шест часа во текот на работната недела.

Член 112

За време на отказниот рок и отсуство од работа заради барање на ново вработување, на финансискиот разузнавач му се утврдува и исплатува надоместок во висина на платата што финансискиот разузнавач ја остварил во месецот пред донесувањето на решението за прекин на договор за вработување.

Член 113

(1) Дисциплинската постапка против финансиски разузнавач не може да се поведе ако поминал еден месец од денот кога непосредниот или повисокиот раководен финансиски разузнавач или директорот, дознале за сторениот дисциплински престап.

(2) Дисциплинската постапка против финансиски разузнавач не може да се поведе ако поминале три месеци од денот кога е сторен дисциплинскиот престап.

(3) Кога за сторен дисциплински престап е покрената и кривична постапка за финансискиот разузнавач, решението за изрекување на дисциплинска мерка се донесува најдоцна до истекот на рокот за застареност за кривично гонење на соодветното кривично дело.

Член 114

(1) Финансискиот разузнавач е одговорен за штетата која на работа или во врска со работа, со умисла или од крајна небрежност, ја предизвикал на Управата.

(2) Директорот формира комисија за утврдување на материјална одговорност на финансискиот разузнавач составена од финансиски разузнавачи вработени во Управата и тоа претседател од редот на раководни финансиски разузнавачи и два члена од кои доколку е можно, еден да е финансиски разузнавач со исто звање како финансискиот разузнавач против кого се води дисциплинска постапка. Претседателот и членовите имаат свои заменици.

(3) Комисијата од ставот (2) на овој член ја утврдува материјалната одговорност за постоење на сторена материјална штета, нејзината висина и начинот на сторување, кој ја предизвикал штетата и кој ќе ја надомести.

(4) Комисијата од ставот (2) на овој член за утврдената фактичка состојба поднесува извештај врз основа на кој директорот донесува решение за надоместок на штета.

Член 115

Предлог за покренување на постапка за утврдување на материјална одговорност против финансиски разузнавач поднесува непосредниот раководен финансиски разузнавач, повисокиот раководен финансиски разузнавач или раководен финансиски разузнавач на исто ниво.

Член 116

Постапката за утврдување на материјална одговорност не може да се поведе, ако поминале 60 дена од денот кога непосредно раководниот финансиски разузнавач или повисокиот раководен финансиски разузнавач дознал за тоа.

Член 117

Постапката за утврдување на материјална одговорност не може да се покрене, ако од денот кога е сторена материјална штета поминала една година.

Член 118

Постапката за утврдување на материјална одговорност не може да се води подолго од 60 дена, сметано од денот на донесувањето на решението за формирање на комисијата за утврдување на материјална одговорност на финансискиот разузнавач.

Член 119

(1) Против решението за надоместок на штета финансискиот разузнавач има право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен преку Управата, во рок од осум дена од денот на врачувањето на решението.

(2) Жалбата го задржува извршувањето на решението до донесување на конечна одлука или истекот на рокот во кој требала да одлучи Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Член 120

Постапката за утврдување на материјална одговорност на финансискиот разузнавач се уредува со одлука која ја донесува директорот.

Член 121

Ако финансискиот разузнавач во рок од три месеци од конечноста на решението за надоместок на штета не ја надомести штетата, Управата поведува постапка пред надлежниот суд.

Член 122

Директорот може целосно или делумно да го ослободи финансискиот разузнавач од надоместување на штетата, доколку таа не е сторена со умисла или доколку со исплатата на надоместокот на штетата се загрозува егзистенцијата на финансискиот разузнавач и неговото семејство.

Член 123

(1) За долгогодишна стручна работа, организациски унапредувања, успех во вршењето на работните задачи, подобрување на угледот на службата, на финансиските разузнавачи им се доделуваат признанија.

(2) Финансиските разузнавачи можат да добијат и еднократен износ на парична награда за постигнати натпросечни, исклучителни резултати во работењето.

Член 124

(1) Признанијата и наградите од членот 123 од овој закон, по правило, се доделуваат на денот на Управата.

(2) За доделување на признанијата и паричните награди одлучува министерот за финансии на предлог на директорот.

(3) Ден на Управата е 1 март.

**Анализа и обработка на податоци, информации и документација**

Член 125

Управата е надлежна да прибира и да врши анализа врз основа на следниве видови на податоци, информации и документација:

1) за сомневање на перење пари и финансирање на тероризам доставени од субјектите врз основа на членот 65 од овој закон;

2) доставени од субјектите врз основа на членовите 63 и 64 од овој закон;

3) иницијатива на надлежните органи согласно со членот 130 од овој закон;

4) доставени од Царинската Управа врз основа на членот 141 од овој закон;

5) доставени врз основа на членот 156 од овој закон и

6) добиени од единиците за финансиско разузнавање на други држави.

Член 126

Податоците, информациите и документацијата кои ги прибира Управата согласно со овој закон ги анализира во рамките на:

а) оперативна анализа што се однесува на лица, трансакции, активности, имот опфатени со податоци, информации и документација со кои располага Управата во согласност со овој закон и

б) стратешка анализа што се однесува на одредување на трендови и типологии за перење пари или финансирање на тероризам.

Член 127

(1) Податоците, информациите и документацијата кои ги прибира, анализира, обработува и доставува Управата согласно со овој закон се класифицирани за кои е утврден соодветен степен на класификација согласно со прописите за класифицирани податоци.

(2) Податоците, информациите и документацијата кои ги прибира, анализира, обработува и доставува Управата, се користат согласно со овој закон.

**Барање на податоци, информации и документација од страна на Управата**

Член 128

(1) Заради извршување на своите надлежности, Управата може да бара податоци, информации и документација од државните органи, субјектите или други правни или физички лица согласно со одредбите од овој закон.

(2) Државните органи, субјектите или другите правни или физички лица се должни најдоцна во рок од десет работни дена од денот на приемот на барањето од ставот (1) на овој член да ги достават до Управата бараните податоци по заштитен електронски пат. Доколку ваквиот начин на доставување е оневозможен од технички причини, бараните податоци се доставуваат во писмена форма или преку Националната платформа за интероперабилност.

(3) Доколку Управата итно бара податоци, државните органи, субјектите или други правни или физички лица се должни најдоцна во рок од четири часа да ги достават бараните податоци по заштитен електронски пат или преку Националната платформа за интероперабилност. Доколку ваквиот начин на доставување е оневозможен од технички причини, бараните податоци се доставуваат во писмена форма.

**Електронски пристап до податоци, информации и документација од страна на Управата**

Член 129

(1) За извршување на надлежностите определени со овој закон на Управата и се овозможува електронски пристап и право да користи податоци од базите на податоци, без надоместок и тоа од:

1) Министерство за внатрешни работи податоци за: лично име; име на родители; моминско презиме (или презиме пред склучување на брак); датум на раѓање; ЕМБГ; државјанство; пол; место и држава на раѓање; општина; адреса на живеење (место, општина, улица, број и држава); број на лична карта; орган кој ја издал личната карта; националност; поранешно државјанство, односно државјанство со кое се стекнува; број на пасош; дали е пријавено заминување во странство; дали е пријавена за исчезната, изгубена и погрешна патна исправа; странец (ЕМБГ, лична карта); влез и излез од државата; членови на домаќинство; кривична евиденција; поседување на колекционерско оружје; сопственост на моторни возила и пловни објекти и друго;

2) Министерство за правда податоци за случаи за корупција и перење пари од системот за електронско водење на предметите за меѓународна правна помош;

3) Фонд за пензиско и инвалидско осигурување податоци за физичко лице (име, презиме и ЕМБГ) осигурано согласно со прописите за пензиско и инвалидско осигурување и статус, за години за работен стаж, пензионер (име, презиме и ЕМБГ) и статус на пензионер;

4) Фонд за здравствено осигурување податоци за физичко лице (име, презиме и ЕМБГ) осигурано согласно со прописите за задолжително здравствено осигурување;

5) Управа за јавни приходи податоци за: правно (ЕМБС и ЕДБ) или физичко лице (име, презиме и ЕМБГ) од даночен регистар; податоци од даночни пријави; платен, наплатен и вратен ДДВ, спроведени даночни контроли, даночни обврзници кои вршат готовински плаќања и овластени сметководители (правно лице (ЕМБС и ЕДБ) или физичко лице (име, презиме и ЕМБГ)) на правни лица;

6) Агенција за вработување податоци за: физичко лице (име, презиме и ЕМБГ) содржани во (историски) М1/ М2 образец, листа на физички лица (име, презиме и ЕМБГ) вработени во определено правно лице (ЕМБС и ЕДБ) и друго;

7) Агенција за катастар на недвижности податоци за: физичко лице (име, презиме и ЕМБГ) и правно лице (ЕМБС и ЕДБ) за сопственост, за имотен лист, за движење на сопственост на имот, за просторна единица, податоци за цени и закупи и друго;

8) Централен депозитар за хартии од вредност податоци за: физичко лице (име, презиме и ЕМБГ) и правно лице (ЕМБС и ЕДБ) за сопственост на хартии од вредност, за порамнувања на трговски трансакции, за нетрговски пренос на хартии од вредност, позајмени хартии од вредност и друго;

9) Податоци од единствен регистар на трансакциски сметки - Клириншка куќа „КИБС" АД Скопје за физичко лице (име, презиме и ЕМБГ) и правно лице (ЕМБС и ЕДБ) иматели на активни денарски трансакциски сметки;

10) Податоци од кредитно биро за кредитна изложеност на физичко лице (име, презиме и ЕМБГ) и правно лице (ЕМБС и ЕДБ) од порталот МОЈ.МКБ.МК;

11) Централен регистар податоци за физичко лице (име, презиме и ЕМБГ) и правно лице (ЕМБС и ЕДБ) кое се јавува во:

- трговски регистар и регистар на други правни лица,
- регистар на годишни сметки,
- заложен регистар,
- регистар за лизинг,
- регистар на вложувања во недвижности,
- регистар на права врз недвижности,
- регистар на директни инвестиции на резиденти во странство,
- регистар на директни инвестиции на нерезиденти во Република Северна Македонија,
- регистар на физички и правни лица на кои им е изречена санкција забрана на вршење професија, дејност или должност и привремена забрана за вршење одделна дејност,
- регистар на споредни казни за сторени кривични дела на правни лица,
- регистар за обезбедување со пренос на сопственост на предмети и пренос на права (фидуцијарен регистар),
- регистар за продажба на подвижни ствари со задржување на правото на сопственост,
- регистар на вистински сопственици и
- единствен регистар на сметки;

12) Царинска управа на Република Северна Македонија податоци за физичко лице (име, презиме и ЕМБГ) и правно лице (ЕМБС и ЕДБ) од следниве евиденции:

- за царински декларации на физичко лице,
- за царински декларации на правно лице,
- за извршен увоз и за извршен извоз,
- на обврзници за акциза,
- за единствен царински документ,
- за внесени, изнесени странски пари и хартии од вредност,
- за поднесени кривични пријави и прекршочни постапки;

13) Управа за финансиска полиција податоци за физичко лице (име, презиме и ЕМБГ) и правно лице (ЕМБС и ЕДБ) за поднесени кривични пријави;

14) Судови за податоци за физичко лице (име, презиме и ЕМБГ) и правно лице (ЕМБС и ЕДБ) од:

- евиденција за водење на кривична постапка против определено лице,
- донесени пресуди,
- казнена евиденција,
- евиденција за изречена забрана за вршење на дејност на определено лице,
- евиденција за одземена или ограничена деловна способност на лица,
- евиденција за остварена меѓународна соработка;

15) Министерство за труд и социјална политика податоци за физичко лице (име, презиме и ЕМБГ) корисник на социјална помош;

16) Државен завод за ревизија податоци за правно лице (ЕМБС и ЕДБ) за извршени ревизии и други податоци од електронски систем за управување со ревизија;

17) Македонска берза на хартии од вредност податоци за правно лице (ЕМБС и ЕДБ) содржани во МБ НЕТ, за склучени трансакции, вклучително и блок трансакции и друго;

18) Јавно обвинителство на Република Северна Македонија податоци за физичко лице (име, презиме и ЕМБГ) и правно лице (ЕМБС и ЕДБ) за примени кривични пријави, поднесени обвиненија, изречени мерки за обезбедување на имот во текот на постапката, остварена меѓуобвинителска меѓународна соработка и друго;

19) Министерство за економија податоци за физичко лице (име, презиме и ЕМБГ) и правно лице (ЕМБС и ЕДБ) кои склучиле договори за концесии;

20) Државен завод за статистика статистички податоци по области, општи и регионални статистики, население и социјални статистики, приходи, потрошувачка и цени, економија и финансии, индустрија, градежништво и енергија, надворешна трговија, транспорт, туризам, трговија и други услуги и повеќедоменски статистики;

21) Министерство за информатичко општество и администрација податоци за физичко лице (име, презиме и ЕМБГ) од Централниот регистар на население.

(2) Пристапот и начинот на користење на податоците од базите на органите од ставот (1) на овој член е утврдено со законот со кој се уредува електронското управување и електронските услуги и се регулира со меморандуми за соработка склучени меѓу Управата и надлежниот орган од ставот (1) на овој член.

## Доставување иницијатива до Управата

Член 130

(1) Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, Министерството за внатрешни работи, Министерството за финансии - Управа за финансиска полиција, Министерството за финансии - Царинска управа, Агенцијата за разузнавање, Министерството за одбрана – Сектор – Служба за воена безбедност и разузнавање, Агенцијата за национална безбедност и Државната комисија за спречување на корупција, може да достават иницијатива до Управата, ако постојат причини за сомневање на перење пари и финансирање на тероризам.

(2) Иницијативата за вршење анализа од ставот (1) на овој член во писмена форма доставена на безбеден начин треба да содржи:

1) податоци за лицето на кое се однесува иницијативата и тоа за:

- физичко лице име, презиме, дата на раѓање, број на документ за идентификација, живеалиште, односно престојувалиште, ЕМБГ и
- правно лице назив, седиште, ЕМБС, ЕДБ и други податоци;

2) причините за сомневање за перење пари и/или финансирање на тероризам, како и податоци за видот и начинот на извршување на претходно кривично дело, а кои се утврдени во текот на извршувањето на надлежностите.

(3) Кога иницијативата од ставот (1) на овој член не е образложена и не ги содржи податоците од ставот (2) на овој член Управата ќе ја врати иницијативата на органот кој ја поднел на дополнување.

(4) Доколку во рок од десет дена иницијативата од ставот (1) на овој член не е дополнета согласно со ставот (2) на овој член, Управата по писмен пат го известува органот кој ја поднел дека не може да постапи по така доставената иницијатива.

(5) Кога Управата постапува по иницијативата од ставот (1) на овој член и утврди дека постојат основи на сомневање за сторено кривично дело перење пари и/или финансирање на тероризам или друго кривично дело, Управата постапува согласно со членот 131 од овој закон.

(6) Управата го известува органот од ставот (1) на овој член за исходот од постапувањето по иницијативата.

(7) За целите на борбата против перењето пари, поврзаните казниви дела и финансирањето на тероризам, Управата може да разменува податоци со кои располага во своите бази на податоци со органите од ставот (1) на овој член по нивно образложено барање во писмена форма или по сопствена иницијатива.

**Доставување на податоци до надлежни органи**

Член 131

(1) Секогаш кога постојат основи на сомневање за сторено кривично дело перење пари и/или финансирање на тероризам, Управата изготвува и поднесува извештај до Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција.

(2) Доколку основите за сомневање за сторено кривично дело перење пари и/или финансирање на тероризам се засновани по претходна иницијатива од надлежните органи од членот 130 од овој закон, Управата изготвува и поднесува извештај до Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција и до надлежниот орган кој ја поднел иницијативата од членот 130 од овој закон.

(3) Извештајот од ставовите (1) и (2) на овој член содржи податоци, информации и документи за лицето и дејствијата за кои постои сомневање дека се поврзани со перење пари и/или финансирање на тероризам.

(4) Кога постојат основи на сомневање за сторено друго кривично дело освен перење пари и финансирање на тероризам, Управата изготвува и поднесува известување до надлежните државни органи.

(5) Надлежните органи од ставовите (1) и (2) за извештајот од ставовите (1) и (2) на овој член и известувањето од ставот (4) на овој член добиени од Управата, се должни електронски и на редовна основа, а најмалку на шест месеци да ја информираат Управата за резултатот и исходот од истите.

**Налог за следење на деловен однос**

Член 132

(1) Кога постои сомневање за перење пари и/или финансирање на тероризам, Управата може да поднесе до субјектот налог во писмена форма за следење на деловниот однос на клиентот.

(2) За трансакциите кои во рамките на деловниот однос се вршат или треба да се извршат, субјектот ја известува Управата согласно со упатствата дадени во налогот.

(3) Во налогот од ставот (1) на овој член, Управата ги определува роковите во кои субјектот е должен да ги достави податоците за трансакциите од ставот (2) на овој член.

(4) Доколку субјектот поради објективни околности не може да ја извести Управата во роковите од ставот (3) на овој член, е должен веднаш по отстранувањето на околностите да ја извести Управата и да ја образложи причината поради која не го доставил известувањето во определениот рок.

(5) Следењето на деловниот однос од ставот (1) на овој член може да трае најдолго три месеци, а во оправдани случаи траењето на мерката може да се продолжи за по еден месец, со тоа што следењето на деловниот однос може да трае најдолго шест месеци.

(6) По исклучок од ставот (5) на овој член, за целите на спречување на финансирање на тероризам траењето на мерката може да се продолжи сѐ додека за истата има потреба зависно од целта за која се спроведува мерката.

**Привремени мерки**

Член 133

(1) При постоење на сомневање за кривично дело перење пари и/или финансирање на тероризам, Управата може да достави до субјектот писмен налог за привремено задржување и/или забрана за вршење на трансакции или привремено замрзнување на имот.

(2) Задржувањето и/или забраната за вршење на трансакции или привремено замрзнување на имот трае до донесувањето на судска одлука по предлогот, а најдолго 72 часа од доставувањето на писмениот налог за привремено задржување и/или забрана за вршење на трансакциите.

(3) Кога рокот од ставот (2) на овој член опфаќа недели, празници или други неработни денови, привременото задржување и/или забрана за вршење на трансакции или привремено замрзнување на имот трае најдолго до 120 часа од издавањето на налогот.

(4) Кога поради природата или начинот на извршување на сомнителните трансакции, односно околностите кои ја следат сомнителната трансакција, не е возможно да се издаде писмен налог на субјектот, како и во други итни случаи, Управата може на субјектот да му издаде устен налог за привремено задржување и/или забрана за вршење на трансакции или привремено замрзнување на имот.

(5) Усниот налог од ставот (4) на овој член Управата мора да го потврди со писмен налог најдоцна првиот нареден работен ден по издавањето на устен налог.

(6) Овластеното лице е должно да состави записник за применитот устен налог од ставот (5) на овој член кој го чува во своите евиденции согласно со членот 62 од овој закон.

Член 134

(1) Управата по доставувањето на налогот од членот 133 од овој закон, поднесува до надлежниот јавен обвинител барање за поднесување предлог за определување на привремени мерки.

(2) Барањето за поднесување предлог за определување на привремени мерки од овој закон, содржи податоци за фактите и околностите кои ја оправдуваат потребата од примена на привремената мерка, податоци за физичкото (единствен матичен број или друг број за идентификација на лицето, име и презиме, датум и место на раѓање, пол и државјанство) или правното лице за кое се бара примена на привремената мерка, бројот на трансакциска/и сметка/и и износот на парите или видот на имотот и податоци за имотот.

(3) Со барањето од ставот (2) на овој член, Управата може да достави и извештај согласно со членот 131 од овој закон.

Член 135

(1) Надлежниот јавен обвинител го разгледува барањето за поднесување предлог за определување на привремени мерки од овој закон и доколку утврди дека е основано, без одлагање, доставува предлог за определување на привремени мерки до судијата на надлежниот основен суд согласно со овој закон и Законот за кривичната постапка.

(2) Ако надлежниот јавен обвинител утврди дека барањето за поднесување на предлог за определување на привремени мерки од овој закон е неосновано, е должен без одлагање да ја извести Управата дека барањето е одбиено. По приемот на известувањето од јавниот обвинител Управата без одлагање доставува известување во писмена форма до субјектот за одбивање на барањето.

Член 136

(1) Судијата на надлежниот основен суд е должен, без одлагање, да донесе решение за примена на привремена мерка или за одбивање на предлогот на јавниот обвинител согласно со овој закон и Законот за кривичната постапка.

(2) Ако со решението се применети привремени мерки, судијата е должен решението да го достави до јавниот обвинител, субјектот и клиентот.

(3) Ако е донесено решение за одбивање на предлогот на јавниот обвинител, судијата е должен решението да го достави до јавниот обвинител.

(4) Надлежниот јавен обвинител е должен за донесената одлука на судијата од ставот (1) на овој член веднаш да ја извести Управата.

(5) Против решението на судијата од ставот (1) на овој член, надлежниот јавен обвинител и клиентот имаат право на жалба до кривичниот совет на надлежниот основен суд во рок од три дена од денот на приемот на решението, која не го одлага извршувањето на решението.

**Статистички податоци**

Член 137

(1) За целите на подготовка на национална проценка на ризикот, оценка на ефикасноста на системот за борба против перење пари и финансирање на тероризам како и за водење на стратешки анализи, Управата ги прибира и води следниве статистички податоци за:

- број, големина, вид, важност и економското значење на одредени групи субјекти, вклучувајќи го и бројот на субјектите и бројот на вработени во нив,
- број на примени извештаи за сомнителни трансакции согласно со членот 65 од овој закон,
- број или процент на примени извештаи за сомнителни трансакции согласно со членот 65 од овој закон што резултирало со понатамошни истраги, вклучително и годишен извештај за значењето и употребливоста на податоците од извештаите на субјектите,
- број на примени извештаи согласно со членовите 63 и 64 од овој закон,
- број на примени иницијативи и барања од надлежни органи согласно со членот 130 од овој закон,
- број на примени информации и податоци од надзорните органи согласно со членот 155 од овој закон,
- број на извештаи и известувања доставени до надлежните органи,
- број на извештаи и известувања доставени од Управата по кои надлежните органи постапиле,
- број на добиени и доставени спонтани информации од/до единици за финансиско разузнавање на други држави,

- број на доставени, примени, одбиени и одговорени барања на единици за финансиско разузнавање на други држави и други податоци,

- број на извршени надзори, спроведени постапки за порамнување, издадени прекршочни платни налози и покренати прекршочни постапки,

- број на доставени налози за следење на деловен однос,

- број на случаи и вредност на имот опфатен со привремени мерки согласно со овој закон и

- распределени човечки ресурси, односно број на вработени во Управата, одделно за извршување на секоја од нејзините законски надлежности.

(2) Управата објавува на својата веб-страница информации за актуелните техники, методи и трендови за перење пари и финансирање на тероризам, примери на откриени случаи на перење пари и финансирање на тероризам, годишен преглед за извршени надзори и други акти кои произлегуваат од овој закон или од членството во меѓународни тела и организации.

(3) За целите на оценка на ефикасноста на системот за борба против перење пари и финансирање на тероризам судовите, Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, Судски совет на Република Северна Македонија, Министерството за внатрешни работи, Управата за финансиска полиција, Царинската управа, Агенцијата за управување со одземен имот и други надлежни органи, прибираат и водат статистички податоци за:

- број на издадени наредби за спроведување на истражна постапка и број на лица за кои се спроведени истраги за перење пари и / или финансирање тероризам,

- број на кривични пријави и број на лица за кои е поднесена кривична пријава за перење пари и/или финансирање на тероризам,

- број на обвинителни акти и број на лица за кои е подигнат обвинителен акт за перење пари и/или финансирање на тероризам,

- број на случаи и број на лица опфатени во барања за меѓународна правна помош за перење пари и/или финансирање на тероризам,

- број на случаи во кои во текот на кривичната постапка е извршена преквалификација на кривичното дело перење пари и/или финансирање на тероризам и обратно,

- број на пресуди и број на лица за кои е донесена пресуда за перење пари и/или финансирање на тероризам,

- број и вид на поврзани казниви дела и

- број на случаи и вредност на имот замрзнат, одземен и конфискуван во случаите на перење пари и/или финансирање на тероризам во Република Северна Македонија и други држави и други податоци.

(4) Органите за надзор од овој закон се должни да собираат и чуваат податоци за:

1) број на вработени кои се распоредени на работни места за спроведување на надзор над примената на одредбите на овој закон од страна на субјектите;

2) број на извршени надзори, број на констатирани прекршувања и број и вид на изречени санкции.

(5) Надлежните органи од ставовите (3) и (4) на овој член ги доставуваат податоците од ставовите (3) и (4) на овој член до Управата, најмалку еднаш годишно, најдоцна до 31 јануари во тековната година за претходната година или на барање на Управата.

(6) Управата еднаш годишно, на својата веб-страница објавува консолидиран извештај за статистичките податоци што се водат во согласност со овој член.

**Електронски систем за следење на случаи**

Член 138

(1) Управата за финансиско разузнавање за целите на овој закон води и одржува електронски систем за следење на случаи кои произлегуваат од надлежностите на Управата.

(2) Надлежните органи кои постапуваат согласно со членот 131 од овој закон, задолжително внесуваат податоци и информации во електронскиот систем од ставот (1) на овој член.

(3) Формата, содржината, начинот и роковите за внесување и ажурирање на податоци во системот и начинот на следење на случаите од ставот (1) на овој член ја пропишува министерот за финасии на предлог на директорот на Управата.

(4) Податоците, информациите и документацијата обезбедени согласно со овој член, се чуваат десет години од денот на последно внесениот податок, информација и документација и по истекот на овој период истите се бришат.

**Меѓуинституционална соработка**

Член 139

За целите на подетално уредување на меѓуинституционалната соработка, Управата може да потпише Меморандуми или Протоколи за соработка со надлежните државни органи заради исполнување на целите предвидени во овој закон.

**Совет за борба против перење пари и финансирање на тероризам**

Член 140

(1) За унапредување на меѓуинституционалната соработка согласно со целите од овој закон, за координирање на активностите за спроведување на национална проценка на ризикот и за унапредување на системот за борба против перење пари и финансирање на тероризам, Владата на Република Северна Македонија на предлог на министерот за финансии формира Совет за борба против перење пари и финансирање на тероризам (во натамошниот текст: Советот).

(2) Работата на Советот од ставот (1) на овој член ја води директорот на Управата, а негови членови се раководни и одговорни лица од Министерството за внатрешни работи, Министерството за правда, Министерството за финансии, Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, Управата за финансиска полиција, Царинската управа, Управата за јавни приходи, Народната банка на Република Северна Македонија, Комисијата за хартии од вредност, Агенцијата за супервизија на осигурување, Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, Агенцијата за пошти, како и претставници на Адвокатската комора, Нотарската комора, Институтот на овластени ревизори и Институтот на сметководители и овластени сметководители.

(3) Членовите на Советот имаат заменици кои се определуваат од редот на вработените во органите и институциите од ставот (2) на овој член кои имаат соодветни познавања од областа на откривање и спречување на перење пари и финансирање на тероризам.

(4) Советот за целите на својата работа формира постојани или повремени работни тела кои се составени од вработените лица или претставници од органите и институциите од ставот (2) на овој член чии раководни и одговорни лица по фунцкија се членови на Советот.

(5) Членовите на Советот, а во зависност од човечките ресурси со кои располагаат органите и институциите од ставот (2) на овој член номинираат лице или лица, вработени или активни членови во органите и институциите од ставот (2) на овој член за учество во работните тела и кои имаат соодветни стручни познавања за работата на работното тело.

(6) По исклучок од ставот (4) на овој член, а на предлог на претседателот или членовите на Советот, во работата на работните тела можат да учествуваат и претставници од професионалните организации и здруженија на субјектите како и надворешни стручни лица.

(7) Советот од ставот (1) на овој член донесува Деловник за начинот на своето работење.

(8) Стручно-административните работи за Советот ги врши Управата.

**Царинска управа**

Член 141

(1) Царинската управа задолжително го евидентира секое внесување и изнесување на пари и физички преносливи средства за плаќање преку царинската линија на Република Северна Македонија, ако износот го надминува со закон или друг пропис дозволениот максимум.

(2) При евидентирањето од ставот (1) на овој член, Царинската управа задолжително прибира податоци за:

- идентитетот на лицето кое за себе или за друг врши внесување или изнесување на пари и физички преносливи средства за плаќање, податоци за името и презимето, датум и место на раѓање, број на патна исправа и државјанство,
- идентитетот на сопственикот на парите и физички преносливите средства за плаќање,
- идентитетот на вистинскиот сопственик,
- износот и валутата на парите и физички преносливите средства за плаќање кои се внесуваат или изнесуваат преку царинската линија,
- изјава за потеклото на парите и физички преносливите средства за плаќање, потпишана од лицето кое врши нивно внесување или изнесување,
- намерата за внесувањето или изнесувањето на парите и физички преносливите средства за плаќање и
- местото и времето на преминување на царинската линија.

(3) Царинската управа задолжително по заштитен електронски пат, а во случај кога тоа не е можно, во писмена форма го пријавува до Управата внесувањето или изнесувањето на пари и физички преносливите средства за плаќање над 10.000 евра во денарска противвредност, најдоцна во рок од три работни дена од евидентирањето.

(4) Царинската управа задолжително во писмена форма го пријавува до Управата внесувањето или изнесувањето на пари и физички преносливи средства за плаќање без оглед на износот, секогаш кога постои основа за сомневање за перење пари или финансирање на тероризам најдоцна во рок од 24 часа од сознанието за сомнителноста на внесувањето или изнесувањето на пари и физички преносливи средства за плаќање.

(5) Царинската управа е должна да ги чува сите податоци за внесување или изнесување на пари и физички преносливи средства за плаќање, преку царинската линија десет години од денот на извршениот пренос.

**Меѓународна соработка**

Член 142

(1) Управата остварува меѓународна соработка со единици за финансиско разузнавање на други држави преку размена на релевантни податоци, информации и документација, спонтано или на барање, за целите на спречување и откривање на перење пари и финансирање на тероризам согласно со одредбите од овој закон.

(2) Меѓународната размена на релевантни податоци, информации и документација од ставот (1) на овој член се остварува врз основа на:

- барање за размена на податоци, информации и документација кое го доставува Управата до единицата за финансиско разузнавање на друга држава,
- барање за размена на податоци, информации и документација кое Управата го добила од единицата за финансиско разузнавање на друга држава,
- доставување податоци, информации и документација на Управата до единицата за финансиско разузнавање на друга држава или
- доставување податоци, информации и документација на единица за финансиско разузнавање на друга држава до Управата.

(3) Управата остварува меѓународна соработка со единици за финансиско разузнавање на други држави без оглед на нивниот организациски облик, видот на поврзаните казниви дела дури и кога поврзаните казниви дела не се пропишани како такви во моментот на размената на податоците, информациите и домументацијата.

(4) Управата може да склучува договори за соработка со единици за финансиско разузнавање на други држави, како и со меѓународни организации вклучени во борба против перење пари и финансирање на тероризам за целите на спречување и откривање на перење пари и финансирање на тероризам. Потпишувањето на договори за соработка не е предуслов Управата да остварува меѓународна соработка со единици за финансиско разузнавање на други држави.

**Барање за размена на податоци кое го доставува Управата до единицата за финансиско разузнавање на друга држава**

Член 143

(1) Управата за спроведување на своите надлежности согласно со одредбите од овој закон може да достави барање за размена на податоци, информации и документација до единица за финансиско разузнавање на друга држава.

(2) Барањето за размена на податоци, информации и документација од ставот (1) на овој член треба да биде образложено со соодветните познати факти кои укажуваат на перење пари и/или финансирање на тероризам, причините и целта за која ќе се користат бараните податоци и информации.

(3) Податоците, информациите и документацијата обезбедени согласно со ставот (1) на овој член, Управата е должна да ги употреби за спроведување на своите надлежности согласно со одредбите од овој закон, согласно со ограничувањата и условите одредени од страна на единицата за финансиско разузнавање на државата која ги обезбедила.

(4) Податоците, информациите и документацијата обезбедени согласно со ставот (1) на овој член, Управата може да ги разменува со надлежни органи, откако ќе обезбеди претходна согласност од страна на единицата за финансиско разузнавање на државата која ги обезбедила и во согласност со нивните ограничувања и услови.

(5) Податоците, информациите и документацијата обезбедени согласно со ставот (1) на овој член се класифицирани и се означуваат со најмалку ист степен на класификација одреден од страна на единицата за финансиско разузнавање на државата која ги обезбедила.

**Барање за размена на податоци, информации и документација кое Управата го добила од единицата за финансиско разузнавање на друга држава**

Член 144

(1) На барање за размена на податоци, информации и документација на единица за финансиско разузнавање на друга држава доставено во писмена форма, Управата може да достави податоци, информации и документација со кои располага во своите бази на податоци и/или кои ги обезбедува согласно со надлежностите определени со овој закон.

(2) Барањето за размена на податоци, информации и документација од ставот (1) на овој член треба да биде образложено со соодветните познати факти кои укажуваат на перење пари и/или финансирање на тероризам и целта за која ќе се користат бараните податоци и информации.

(3) Управата може да го одбие барањето за размена на податоци од ставот (1) на овој член доколку тоа е спротивно на овој закон или ќе го попречи водењето на истрага на друг надлежен државен орган или кривичната постапка против лицето за кое се бараат податоци или кои на друг начин се во спротивност со фундаменталните начела на националното законодавство. Управата е должна да ги образложи причините поради кои го одбила барањето.

(4) Податоците, информациите и документацијата обезбедени согласно со ставот (1) на овој член се класифицирани и се означуваат со најмалку ист степен на класификација одреден од страна на единицата за финансиско разузнавање на државата која ги доставила.

(5) На барање на единица за финансиско разузнавање на друга држава од ставот (1) на овој член, Управата доставува согласност за проследување на податоците, информациите и документацијата обезбедени согласно со ставот (1) на овој член до надлежни органи на државата без оглед на видот на поврзаните казниви дела.

(6) Управата може да одбие да даде согласност за проследување на податоците, информациите и документацијата со образложение во писмена форма до единицата за финансиско разузнавање од ставот (1) на овој член, ако барањето за согласност е спротивно на овој закон или го попречува водењето на истрагата во кривичната постапка или на друг начин е во спротивност со фундаменталните начела на националното законодавство.

**Доставување податоци, информации и документација на Управата до единицата за финансиско разузнавање на друга држава**

Член 145

(1) Управата може податоците, информациите и документацијата кои ги обезбедува согласно со надлежностите определени со овој закон, кога постои сомневање за перење пари или финансирање на тероризам и без барање од единица за финансиско разузнавање на друга држава, да ги достави до истата.

(2) За податоците, информациите и документацијата кои Управата ги доставува согласно со ставот (1) на овој член, се применуваат одредбите од овој закон.

**Привремени мерки и налог за следење на деловен однос во рамки на меѓународна соработка**

Член 146

(1) Одредбите на членовите 132, 133, 134, 135 и 136 од овој закон ќе се применуваат кога единица за финансиско разузнавање на друга држава ќе побара следење на деловен однос, привремено задржување и/или забрана за вршење на трансакции или привремено замрзнување на имот.

(2) Барањето од ставот (1) на овој член треба да биде образложено и да се однесува за трансакција поврзана со перење пари и/или финансирање на тероризам и доколку трансакцијата согласно со закон би можела да биде предмет на домашен извештај за сомнителна трансакција.

(3) Управата може да го одбие барањето од ставот (1) на овој член доколку тоа е спротивно на овој закон или ќе го попречи водењето на истрага на друг надлежен државен орган или кривичната постапка против лицето за кое се бараат податоци или кои на друг начин се во спротивност со фундаменталните начела на националното законодавство. Управата е должна да ги образложи причините поради кои го одбила барањето.

(4) Управата може да достави барање до единица за финансиско разузнавање на друга држава за следење на деловен однос, за привремено задржување и/или забрана за вршење на трансакции или привремено замрзнување на имот, при постоење на сомневање за перење пари и/или финансирање на тероризам.

**Повратни информации**

Член 147

(1) Управата на барање на единица за финансиско разузнавање на друга држава, обезбедува повратни информации за употребата на доставените податоци, информации и документација.

(2) Управата може да побара од единица за финансиско разузнавање на друга држава повратни информации за употребата на доставените податоци, информации и документација.

**Безбедни начини на остварување на меѓународна соработка**

Член 148

Размената на податоци, информации и документација помеѓу Управата и единиците за финансиско разузнавање на други држави согласно со овој закон ќе се одвива преку безбедни електронски меѓународни комуникациски системи.

Член 149

(1) Управата може индиректно да разменува податоци, информации и документација со органи надлежни за откривање и спречување на перење пари и финансирање на тероризам на други држави, но ваквата размена мора да се спроведува преку единицата за финансиско разузнавање на државата преку безбедни електронски меѓународни комуникациски системи.

(2) При размена на податоци, информации и документација согласно со ставот (1) на овој член, се применуваат одредбите од овој закон кои ја регулираат меѓународната соработка.

**Чување на податоци, информации и документација од страна на Управата**

Член 150

Управата е должна податоците, информациите и документацијата обезбедени согласно со овој закон да ги чува десет години од нивниот прием и по истекот на овој период е должна да ги уништи.

## ГЛАВА VI.

## НАДЗОР

### Член 151

(1) Надзорот над примената на мерките и дејствијата утврдени со овој закон го вршат органите за надзор во смисла на овој закон и тоа:

1) Народната банка на Република Северна Македонија врз банките, штедилниците, менувачниците и давателите на услуги на парични дознаки (брз трансфер на пари) и други финансиски институции кои даваат платежни услуги согласно со закон;

2) Агенцијата за супервизија на осигурување на правните и физичките лица кои вршат работи на осигурување, застапување и/или посредување во осигурување на живот со штедна и/или инвестициска компонента и други поврзани осигурувања со штедна и/или инвестициска компонента како: друштва за осигурување; осигурително брокерски друштва и друштва за застапување и застапници во осигурување;

3) Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија врз брокерските куќи, банки со дозвола за работа со хартии од вредност, лицата кои даваат услуги на инвестициски советници, друштвата за инвестиционо советување, друштвата за управување со отворени, затворени и приватни инвестициски фондови и на отворените, затворените и приватните инвестициски фондови;

4) Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување врз друштвата кои управуваат со доброволни пензиски фондови;

5) Управата за јавни приходи врз приредувачите на игри на среќа, правните и физички лица кои ги вршат следниве услуги: посредување во промет со недвижности, давање совети од областа на даноците и правните лица кои вршат дејност на примање во залог на подвижни предмети и недвижности;

6) Агенцијата за пошти врз АД Пошта на Северна Македонија;

7) Комисија на нотарите во рамки на Нотарската комора на Република Северна Македонија врз нотарите и

8) Комисија на адвокатите во рамки на Адвокатската Комора на Република Северна Македонија врз адвокатите и адвокатските друштва.

(2) Управата врши надзор над примената на мерките и дејствијата определени со овој закон врз субјектите кои не се опфатени со ставот (1) на овој член како и на правните лица чија дејност е купопродажба на нови возила и извршителите.

(3) Управата самостојно или во соработка со органите од ставот (1) точки 1), 2), 3) и 4) на овој член врши вонреден, контролен надзор над примената на мерките и дејствијата определени со овој закон врз субјектите.

(4) Управата самостојно или во соработка со органите од ставот (1) точки 5) 6), 7) и 8) на овој член врши надзор над примената на мерките и дејствијата определени со овој закон врз субјектите.

(5) Управата по добиено известување од администраторот на регистарот спроведува надзор согласно со овој закон над правните субјекти од членот 35 став (2) од овој закон.

(6) Управата врши надзор над правните субјекти од членот 28 став (1) од овој закон и утврдуваат дали поседуваат, чуваат и впишале во регистарот соодветни, точни и целосни податоци за вистинскиот сопственик.

(7) Управата и органите од ставот (1) на овој член преземаат активности во насока на усогласување на методолошкиот пристап при спроведувањето на надзорот.

(8) Управата за јавни приходи во согласност со своите надлежности врши надзор врз правни и физички лица во однос на примената на забраната за готовински плаќања од членот 58 од овој закон.

## Надзор согласно со проценка на ризикот

Член 152

(1) При спроведување на надзорот над субјектите, органите на надзор од членот 151 од овој закон се должни да го применуваат пристапот базиран на проценка на ризикот од перење пари и финансирање на тероризам.

(2) При подготвување и спроведување на годишната програма или годишниот план за надзор, органите на надзор од членот 151 од овој закон се должни најмалку да ги земат предвид:

- податоците за идентификувани ризици од перење пари или финансирање на тероризам согласно со наодите од извештајот за националната проценка на ризикот од овој закон,
- податоците за специфичните национални или меѓународни ризици поврзани со клиенти, производи, услуги и канали на дистрибуција,
- податоците за ризикот на одделни категории на субјекти, одделни субјекти и други достапни податоци за субјектите и
- значајни настани или промени поврзани со управувањето на субјектот и секоја промена на неговите деловни активности.

## Посебни надлежности на органите за надзор

Член 153

(1) Органот за надзор од овој закон, доколку врз основа на друг закон издава лиценци на субјектите согласно со членот 5 од овој закон, односно овластувања на субјекти со цел да се потврди усогласеноста со пропишаните услови за издавање на дозвола за работа, односно одобренија или функции на член на органот на управување во согласност со прописите, може во секое време да прибави по службена должност податоци за осудуваност, односно неосудуваност на лица во врска со кои се проверува исполнување на условите за лица кои поседуваат репутација или нивните соработници доколку со друг закон не е поинаку уредено.

(2) Соработник во смисла на ставот (1) на овој член, доколку со друг закон не е поинаку уредено е физичко лице коешто заедно со физичко лице кое е основач, содружник или вистински сопственик на субјектот, акционер со квалификувано учество во субјектот согласно со други закони со кои се уредува квалификувано учество или заедно со физичко лице кое е предложено за член на високото раководство на субјектот, директно или индиректно и/или преку договор, остварува контрола врз домашно или странско трговско друштво.

(3) За лице кое не поседува репутација согласно со ставот (1) на овој член, доколку со друг закон не е поинаку уредено ќе се смета лице кое е осудено со правосилна судска пресуда на безусловна казна затвор над шест месеци, сè додека траат правните последици од пресудата и/или има соработник којшто е осуден со правосилна судска пресуда на безусловна казна затвор над шест месеци, сè додека траат правните последици од пресудата.

(4) Податоците од ставот (1) на овој член се користат само за целите за кои се обезбедени и не можат да бидат соопштени или ставени на располагање на трети лица.

## Меѓународна соработка во областа на надзорот

Член 154

(1) Органот надлежен за вршење надзор од овој закон, доколку со друг закон не е поинаку уредено, може по сопствена иницијатива или врз основа на образложено барање во писмена форма на орган на странска држава надлежен за вршење надзор да разменува податоци, информации и документација во врска со:

1) прописи од областа во која работи субјектот над кој се врши надозр како и други релевантни прописи за надзор;

2) секторот во кој работи субјектот над кој надзор врши надзорниот орган;

3) вршење надзор, односно супервизија над субјектот и

4) трансакции или лица за кои постојат основи на сомнение дека се поврзани со перење пари или финансирање тероризам или друго поврзано кривично дело врз основа на кое е стекнат принос од казниво дело што може да се користат за целите на перење пари или финансирање тероризам.

(2) Начинот на доставување на податоци, информации и документација, ако со друг закон не е поинаку уредено, органите од ставот (1) на овој член можат да го регулираат со склучување на меморандум или договор за соработка во областа на надзорот и на начин на кој се обезбедува интегритет на тие податоци како и заштита од неовластен пристап.

(3) Органите за надзор од ставот (1) на овој член, ако со друг закон не е поинаку уредено, во согласност со принципите на реципроцитет и доверливост, можат меѓусебно да побараат помош за спроведување на надзор во рамките на нивните овластувања врз субјектот кој е дел од групација и кој ја обавува својата деловна активност во државата која бара помош.

(4) Органите за надзор од ставот (1) на овој член користат податоци, информации и документација само:

1) да ги извршуваат своите надлежности во согласност со овој закон;

2) во случај на жалба или други правни средства што се поднесени против одлуката на органот надлежен за вршење надзор, вклучително и судска постапка.

(5) Органот за надзор од ставот (1) на овој член не може да открива и разменува податоци, информации и документација со трети лица добиени во рамките на соработката во областа на надзорот согласно со одредбите од овој член без изречна согласност на органот надлежен за надзор што ги обезбедил тие информации, податоци или документација ниту може да се користат за која било друга цел освен таа за која органот издал согласност.

(6) Обврската за чување на тајноста, односно доверливоста на податоците во согласност со одредбите на овој закон како и со друг закон со кои се регулираат овластувањата и функциите на органот надлежен за надзор од ставот (1) на овој член се применува врз сите лица кои работат или работеле во органот за надзор.

## Соработка во областа на надзорот

Член 155

(1) Управата со органите за надзор од членот 151 став (1) од овој закон се должни меѓусебно да ги координираат активностите при спроведување надзор над субјектите од овој закон.

(2) Управата и органите од ставот (1) на овој член се должни да изготват годишна програма или план за вршење надзор за примената на мерките и дејствијата определени со овој закон и меѓусебно да ги усогласат.

(3) Управата и органите од ставот (1) на овој член можат да пропишат начин на соодветно спроведување на мерките за спречување на перење пари и финансирање на тероризам за субјектите за чиј надзор се одговорни.

(4) Управата и органите од ставот (1) на овој член соработуваат при извршувањето на своите задачи и овластувања при вршење на надзор со цел обезбедување ефикасност на мерките и надзорот во борбата против перењето пари и финансирањето на тероризам.

(5) Управата може да достави предлог до органите од ставот (1) на овој член да извршат надзор над одреден субјект врз основа на сознанијата кои произлегуваат од податоците и информациите со кои располага, како и врз основа на извршените стратешки и оперативни анализи.

(6) Управата и органите од ставот (1) на овој член преземаат активности во насока на усогласување на методолошкиот пристап при спроведувањето на надзорот.

(7) Управата и органите за надзор од ставот (1) на овој член за целите на вршење на надзор над субјектите пропишани со членот 151 став (1) од овој закон можат да бараат и разменуваат финансиски, административни информации и информации добиени врз основа на извршен надзор и други податоци за субјектот кој е предмет на надзор и за целите на подготовка за вршење на надзор, вклучувајќи и податоци за типологии и трендови за спречување перење пари и финансирање на тероризам.

**Доставување на информации и податоци до**
**Управата од органите за надзор**

Член 156

(1) Органите од членот 151 став (1) од овој закон доставуваат извештај до Управата во случаи кога:

1) доколку при вршење надзор, утврдат сомневање за перење пари и/или финансирање на тероризам;

2) при вршење на задачи, активности или трансакции извршени во согласност со надлежностите наведени во други закони, утврдат сомневање за перење пари и/или финансирање на тероризам.

(2) Во случаите од ставот (1) точка 2) на овој член, органите од членот 151 став (1) можат да ја одбијат или одложат трансакцијата и за тоа да ја известат Управата.

(3) Извештајот од ставот (1) на овој член, органите од членот 151 став (1) од овој закон го доставуваат по заштитен електронски пат. Доколку ваквиот начин на доставување е оневозможен од технички причини, органите од членот 151 став (1), извештајот го доставуваат во писмена форма.

(4) Извештајот од ставот (1) на овој член треба да содржи:

1) информации и податоци за физичкото или правно лице за кое постои сомневање согласно со ставот (1) на овој член и тоа:

- за физичко лице име, презиме, дата на раѓање, број на важечкиот документ за идентификација, живеалиште, односно престојувалиште, ЕМБГ и
- за правното лице: назив, седиште, ЕМБС, ЕДБ и други податоци;

2) причините за сомневање за перење пари и/или финансирање на тероризам проследено со информации, податоци поткрепено со соодветна документација.

(5) Заради извршување на надлежностите кои произлегуваат од овој закон, Управата може да побара дополнителни податоци и информации од значење за спречување перење пари и финансирање на тероризам од органите за надзор од членот 151 став (1) од овој закон во врска со случаите од ставовите (1) и (2) на овој член.

(6) Не се смета за оддавање на доверливи податоци или за откривање на класифицирани податоци и информации, доставувањето на податоците од овој член до Управата.

(7) Кога Управата постапува по извештајот од ставот (1) на овој член и утврди дека постојат основи на сомневање за сторено кривично дело перење пари и/или финансирање на тероризам или друго кривично дело, Управата постапува согласно со членот 131 од овој закон.

(8) Управата ги известува органите за надзор од членот 151 став (1) од овој закон за исходот од постапувањето по извештајот од ставот (1) на овој член.

Член 157

(1) За овластувањата на лицата кои вршат надзор од органите за надзор од членот 151 став (1) од овој закон, соодветно се применуваат одредбите од членот 169 од овој закон коишто се однесуваат за овластувањата на финансиските разузнавачи кои вршат надзор, доколку со законот со кои се основани и со кои се уредува начинот на нивната работа не е поинаку уредено.

(2) Лицата кои вршат надзор од органите од членот 151 став (1) од овој закон задолжително се лица кои:

1) поседуваат висок интегритет;

2) поседуваат соодветни знаења и искуства од областа на спречување перење пари и финансирање на тероризам и

3) исполнуваат услови согласно со прописите кои ја регулираат областа на спречување на судир на интереси.

Член 158

Лицата кои се вработени и лицата кои работеле во органите за надзор од овој закон како и ревизори или експерти кои дејствуваат или дејствувале во име на органот за надзор се должни да ги чуваат податоците и информациите до кои имаат или имале пристап за целите на вршење надзор како професионална тајна согласно со закон.

**Надлежности на Управата во постапката за вршење на надзор**

Член 159

(1) Надзорот кој самостојно го спроведува Управата може да биде теренски надзор, редовен, вонреден и контролен надзор како и постојан мониторинг врз субјектите.

(2) Теренскиот надзор од ставот (1) на овој член може да биде редовен, вонреден и контролен.

(3) Редовниот надзор од ставот (1) на овој член е најавен надзор согласно со годишната програма за вршење на надзор, додека вонредниот надзор се врши без претходна најава.

(4) Теренскиот надзор кој го спроведува Управата може да трае најдолго 45 работни дена, со можност да се продолжи, но не подолго од 60 работни дена.

Член 160

(1) Надзорот од членот 159 од овој закон го вршат финансиски разузнавачи, вработени во Управата кои ги исполнуваат општите услови утврдени со овој закон, законот за вработените во јавниот сектор и условите утврдени со актот за систематизација на работните места во Управата.

(2) Финансиските разузнавачи од ставот (1) на овој член се задолжително лица кои:

1) поседуваат висок интегритет;

2) поседуваат соодветни знаења и искуства од областа на спречување перење пари и финансирање на тероризам и

3) исполнуваат услови согласно со прописите кои ја регулираат областа на спречување на судир на интереси.

(3) Врз основа на надзорот од ставот (1) на овој член Управата може да:

- започне постака за спроведување на корективни мерки;
- да предложи постапка за порамнување со издавање прекршочен платен налог и
- поднесе барање за поведување на прекршочна постапка.

(4) Директорот на Управата донесува годишна програма за вршење надзор најдоцна до 31 јануари за тековната година.

(5) Министерот за финансии ја пропишува формата и содржината на налогот за вршење надзор од страна на Управата.

## Постојан мониторинг врз субјектите од страна на Управата

Член 161

(1) Постојаниот мониторинг врз субјектите се состои од анализа на податоците, информации и документација со кои располага Управата како и анализи на добиени податоци, информации и документација врз основа на претходно доставени барања до субјектите врз кои надзор врши Управата согласно со овој закон.

(2) Субјектите од овој закон се должни до Управата да ги достават бараните податоци, информации и документација од ставот (1) на овој член во рок определен од страна на Управата од денот на доставувањето на барањето.

(3) Субјектите се должни бараните податоци, информации и документација од ставот (2) на овој член да ги достават до Управата по заштитен електронски пат. Доколку ваквиот начин на доставување е оневозможен од технички причини, субјектите бараните податоци, информации и документација ги доставуваат во писмена форма или на кој било друг начин опишан во барањето.

(4) Податоците, информациите и документација од ставовите (2) и (3) на овој член како и податоците, информациите и документите со кои располага Управата врз основа на одредбите од овој закон се користат за целите за надзор согласно со проценка на ризикот од членот 152 од овој закон.

(5) Директорот на Управата утврдува методологија за вршење на постојаниот мониторинг врз субјектите.

## Теренски надзор

Член 162

(1) Теренскиот надзор се спроведува врз основа на годишната програма за вршење надзор согласно со овој закон.

(2) Директорот на Управата издава писмен налог за вршење надзор врз основа на годишната програма од ставот (1) на овој член.

(3) По исклучок од ставот (2) на овој член директорот издава и писмен налог за вршење на теренски надзор и врз субјекти коишто не се предвидени согласно со годишната програма за вршење надзор.

(4) Теренскиот надзор започнува со доставување на налогот за надзор до субјектот, односно одговорно лице во субјектот или претставник на субјектот.

Член 163

Доколку настанат објективни причини поврзани со акт на виша сила со кои не е можно ефективно и ефикасно спроведување на надзорот на начин и рокови опишани со овој закон, финансискиот разузнавач со заклучок ја запира постапката за надзор се до моментот на отстранување на причините поради кои постапката е принудно запрена.

**Отстранување на констатирани неправилности и прекршоци**

Член 164

(1) При вршење на надзорот кој го спроведува Управата, финансискиот разузнавач заради отстранување на утврдените неправилности или прекршоци, има право и обврска на субјектот:

1) да му започне постапка за спроведување на корективни мерки;

2) да му предложи постапка за порамнување со издавање на прекршочен платен налог или

3) да му поднесе барање за поведување на прекршочна постапка или да поведе друга соодветна постапка.

(2) При одлучување за мерките од ставот (1) на овој член што ќе ги преземаат, финансиските разузнавачи се раководат од:

1) видот и сериозноста на незаконитоста и/или неправилноста;

2) влијанието или потенцијалното влијание на мерката врз субјекот;

3) дали пропуштањето на должните дејствија, односно неправилноста била намерна и/или се повторува;

4) околностите под коишто е сторен прекшокот како и подготвеноста на субјектот за отстранување на констатираните незаконитости и неправилности и

5) други околности под кои е сторен прекршокот, односно неправилноста.

**Корективни мерки**

Член 165

(1) Финансиските разузнавачи кои вршат надзор согласно со одредбите од овој закон започнуваат постапка за корективни мерки при утврдени неправилности во работењето на субјектот кои немаат одлики и елементи на прекршоците опишани како во овој закон, но претставуваат несоодветно или нецелосно спроведување на мерките и дејствијата за спречување на перење пари и/или финансирање на тероризам кои може да влијаат на изложеноста на субјектот на ризикот од перење пари и финансирање на тероризам.

(2) Во случаите од ставот (1) на овој член финансиските разузнавачи кои вршат надзор можат на субјектот да му издадат записник со препорака/и за отстранување на констатираните недостатоци со рокови за постапување.

(3) Во рок од десет дена од истекот на роковите од ставот (2) на овој член, субјектот е должен до Управата да достави извештај за преземените активности и документиран доказ дека постапил согласно со мерките од ставот (2) на овој член.

**Постапка за изрекување на корективни мерки**

Член 166

(1) Постапката за изрекување на корективни мерки започнува со препорака/и за отстранување на констатираните недостатоци и неправилности со рокови за постапување коишто се составен дел од записникот од извршен надзор од моментот на потпишувањето или приемот на записникот од страна на субјектот врз кој се врши надзорот.

(2) Управата води евиденција за спроведените постапки за изречени корективни мерки.

(3) Формата и содржината на евиденцијата за спроведени постапки за изречени корективни мерки ја пропишува министерот за финансии на предлог на директорот на Управата.

**Контролен надзор**

Член 167

(1) Контролниот надзор се врши по службена должност со цел финансиските разузнавачи кои вршат надзор да утврдат дали субјектот кој е предмет на надзор, по истекот на рокот определен, при претходно извршен редовен или вонреден надзор:

1) постапил по изречените корективни мерки;

2) делумно постапил по изречените корективни мерки или

3) не постапил по изречените корективни мерки.

(2) Доколку субјектот постапил по изречените корективни мерки согласно со овој закон финансиските разузнавачи кои вршат надзор истото го констатираат во записник од спроведен контролен надзор.

(3) Непостапувањето, односно делумното постапување по изречените корективни мерки од овој закон се констатира во записникот од контролен надзор и претставува основа за покренување на постапка за порамнување и издадавање на прекршочен платен налог, односно поднесување на барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен суд.

Член 168

(1) При вршењето на надзорот кој го спроведува Управата, финансискиот разузнавач има обврска:

1) да постапи по налогот за вршење надзор;

2) да преземе подготвителни активности за вршење надзор;

3) да ги извести одговорното и овластеното лице на субјектот за почетокот на вршењето на надзорот, законскиот основ, целта и обемот на надзорот, освен во случај на вонреден и контролен надзор;

4) да се легитимира пред субјектот, односно пред овластеното лице на субјектот;

5) да ја чува тајноста на податоците;

6) да постапува законито, навремено и во согласност со Етичкиот кодекс на финансиските разузнавачи кои вршат надзор;

7) да состави записник за извршениот надзор;

8) да предложи постапка за порамнување и да издаде прекршочен платен налог;

9) да започне постапка за изрекување корективни мерки;

10) да поднесе барање за поведување на прекршочна постапка;

11) да ги собира, обработува и чува личните податоци согласно со одредбите од овој закон и прописите за заштита на личните податоци и

12) да донесе заклучок за запирање на надзорот согласно со членот 163 од овој закон.

(2) Покрај обврските од ставот (1) на овој член, финансискиот разузнавач за спроведениот надзор е должен изготвената документација да ја подреди во досие по следниов редослед:

1) документи прибрани во подготовката на надзорот;

2) барање од одделенијата во Управата, друг орган или институција доколку надзорот се извршил по нивно барање;

3) налог за надзор;

4) записник за извршен надзор;

5) записник од извршен контролен надзор;
6) заклучок согласно со членот 163 од овој закон;
7) записник од спроведено порамнување;
8) прекршочен платен налог;
9) барање за покренување на прекршочна постапка и
10) правосилни и извршни решенија од судска постапка.

Член 169

(1) При вршење на надзорот кој го спроведува Управата, финансискиот разузнавач е овластен:

1) да проверува и прибира општи и поединечни акти, фајлови, документи, докази и информации во обем според предметот на надзорот, како и да побара да подготват потребни копии и документи;

2) да бара од субјектот да му бидат обезбедени канцелариски услови за работа во деловните простории на субјектот и лице што ќе присуствува за време на надзорот, заради навремено обезбедување на документација и информации во врска со предметот на надзор;

3) да влегува и врши проверка во деловните простории на субјектот и неговите деловни единици;

4) да побара асистенција од надлежен орган на државна управа за отстранување на лице кое го попречува вршењето на надзорот под услови и во постапка утврдена со закон;

5) да проверува идентификациски документи на лица поради потврдување на нивниот идентитет во согласност со закон;

6) да бара од субјектот или од неговите вработени писмено или усно објаснување во врска со прашања од делокругот на надзорот;

7) да бара стручно мислење од вешти лица кога е тоа потребно за надзорот;

8) да врши попис на затекнати документи во деловниот објект;

9) да има пристап до системот за управување со базата на податоци кој го користи субјектот заради вршење на увид со помош на информатичка технологија и

10) да обезбеди други потребни документи, податоци и информации поврзани со надзорот.

(2) Копијата со оригиналот на фајловите, документите, доказите и информациите од ставот (1) на овој член субјектот ја потврдува со потпис на овластеното лице.

(3) Финансискиот разузнавач е овластен да покрене постапка за спорведување на корективни мерки, постапка за издавање прекршочен платен налог и прекршочна постапка во согласност со закон.

Член 170

(1) При вршење на надзорот кој го спроведува Управата, финансискиот разузнавач заради отстранување на утврдените прекршоци, има право и обврска на субјектот:

1) да му започне постапка за изрекување на корективни мерки;
2) да му издаде прекршочен платен налог или
3) да му поднесе барање за поведување на прекршочна постапка.

Член 171

(1) Коморите на адвокатите и коморите на нотарите во рамките на своите надлежности формираат комисии за вршење на надзор над примената на одредбите од овој закон врз работењето на нивните членови.

(2) Членовите на комисиите од ставот (1) на овој член се именуваат со мандат од четири години, доколку со друг закон не е поинаку уредено.

(3) За именувањето и составот на комисиите од ставот (1) на овој член ја известуваат Управата во рок од седум дена.

Член 172

(1) Органите за надзор од членот 151 став (1) од овој закон се должни да ја известат Управата за:

- наодите од извршениот надзор над спроведувањето на мерките и дејствијата определени со овој закон,
- изречени корективни или други мерки,
- издадени и наплатени прекршочни платни налози,
- поднесени барања за покренување на прекршочна постапка за сторен прекршок од страна на субјектите над кои вршат надзор и за исходот од овие постапки,
- сторителот на прекршокот и тоа: назив и седиште на правното лице, име и презиме на одговорното лице во правното лице, име и презиме на физичкото лице, лице кое врши јавно овластување и овластено службено лице,
- прекршокот: опис на дејствието кое претставува прекршок и
- изречената прекршочна санкција.

(2) Органите на надзор од членот 151 став (1) од овој закон се должни најмалку еднаш годишно да ја известат Управата за податоците поврзани со извршениот надзор од ставот (1) на овој член.

(3) Управата за извршениот надзор над субјектите и за наодите од извршениот надзор еднаш годишно го известува соодветниот орган на надзор од овој закон.

**Процедура за пријавување за сторен прекршок**

Член 173

(1) Субјектот е должен да воспостави процедура за пријавување за сторен прекршок преку независен и анонимен канал за пријавување, кој ќе овозможи вработените да пријават прекршок на одредбите од овој закон.

(2) Процедурата за пријавување за сторен прекршок од ставот (1) на овој член треба да содржи јасни правила за прием и обработка на пријавите за сторен прекршок, пропорционални на природата и големината на субјектот.

(3) Субјектот не смее да го открие идентитетот на лицето кое доставило пријава за сторен прекршок без да обезбеди негова претходна согласност, освен во случаите кога тоа е потребно за целите на спроведување на предистражна или кривична постапка.

Член 174

(1) Органите на надзор од членот 151 став (1) од овој закон се должни да воспостават ефикасни процедури за пријавување за сторен прекршок кој ќе овозможи вработените во субјектите да пријават прекршок на одредбите од овој закон кои ќе обезбедат:

- едноставен и лесно достапен метод на поднесување на известувања за сторен прекршок,
- внатрешни правила за прием и обработка на известувањата за сторен прекршок и
- заштита на личните податоци на лицето кое доставило известување за сторен прекршок согласно со прописите за заштита на личните податоци.

(2) Органите на надзор од членот 151 став (1) од овој закон не смеат да го откријат идентитетот на лицето кое доставило известување за сторен прекршок без да обезбедат негова претходна согласност.

### Објавување на информации во врска со надзорот

Член 175

(1) За целите на спречување и одвраќање од извршување на активности кои се сметаат за прекршоци согласно со овој закон, органите на надзор од членот 151 став (1) од овој закон јавно ги објавуваат информациите за изречени прекршочни санкции врз основа на правосилна судска одлука, освен ако објавувањето на информацијата може да попречи спроведување на предистражна или кривична постапка.

(2) Информациите од ставот (1) на овој член содржат податоци за:

- сторителот на прекршокот и тоа: назив и седиште на правното лице, име и презиме на одговорното лице во правното лице, име и презиме на физичкото лице, лице кое врши јавно овластување и овластено службено лице,
- прекршокот: опис на дејствието кое претставува прекршок и
- изречената прекршочна санкција.

(3) Информациите од ставот (2) на овој член се објавуваат на веб-страницата на органите за надзор од членот 151 став (1) од овој закон и истите се достапни во рок од три години од денот на објавувањето.

## ГЛАВА VII.

## СОБИРАЊЕ, ОБРАБОТКА, АНАЛИЗИРАЊЕ, ПРОЦЕНУВАЊЕ, ОЦЕНУВАЊЕ, КОРИСТЕЊЕ, ПРЕНЕСУВАЊЕ, ЧУВАЊЕ И БРИШЕЊЕ НА ПОДАТОЦИ И ОБРАБОТКА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

Член 176

(1) Управата собира, обработува, анализира, проценува, оценува, користи, пренесува, чува и брише податоци, обработува лични податоци под услови и на начин утврдени со овој и посебен закон и води евиденции за личните и други податоци за чие собирање е овластена со овој закон, заради спречување на перење пари и/или финансирање на тероризам.

(2) Управата обработува лични податоци кога за лицето постои сомневање за перење пари и/или финансирање на тероризам согласно со закон.

(3) Податоци за правно лице се собираат кога постојат основи за сомневање за перење пари и/или финансирање на тероризам.

Член 177

Лични податоци, во смисла на овој закон, се лично име, податоци за раѓање (ден, месец и година), живеалиште или престојувалиште, единствен матичен број, адреса на живеење и државјанство, како и други податоци преку кои директно или индиректно може да се идентификува одредено лице.

Член 178

Управата собира лични и други потребни податоци од субјекти, надлежни државни органи, јавни институции, установи, меѓународни организации и други правни и физички лица само за целите утврдени со овој закон.

Член 179

(1) Управата води евиденции за:

1) лица за кои е доставен извештај за сомнителна активност;

2) лица за кои е доставен извештај за готовинска трансакција во износ од 15.000 евра во денарска противвредност или повеќе без оглед дали станува збор за една трансакција или повеќе очигледно поврзани трансакции;

3) лица за кои е доставен извештај од нотар за составена нотарска исправа и нотарски заверен потпис на договор;

4) лица за кои е доставен извештај од извршител за извршена продажба по пат на усно јавно наддавање и склучена непосредна спогодба;

5) лица за кои е доставен извештај за исплатен кредит;

6) лица за кои е доставен извештај за дадена и/или примена позајмица;

7) лица за кои е доставен извештај за трансакција реализирана преку брз трансфер на пари;

8) лица за кои е доставен извештај за склучување на полиса за осигурување на живот;

9) лица за кои е доставен извештај за купопродажба на возила;

10) лица за кои е доставен извештај за купување или исплаќање на чипови или кредити во играчница (казино);

11) лица за кои е доставен извештај за исплата на добивка или уплата на влог или/и во сите случаи кај други приредувачи на игри на среќа;

12) лица за кои е доставен извештај за трансакција поврзана со виртуелни средства;

13) лица за кои е доставен извештај за сомневање за перење пари и финансирање на тероризам до надлежните органи;

14) лица за кои е доставено известување за сомневање за друго кривично дело до надлежните органи;

15) лица за кои е издаден налог за следење на деловен однос;

16) лица за кои е издаден налог за примена на привремени мерки;

17) лица за кои е доставена иницијатива и барање од надлежните органи во Република Северна Македонија;

18) лица за кои се разменети податоци со единици за финансиско разузнавање на други држави;

19) лица кои пренеле пари или физички преносливи средства за плаќање преку царинската линија на Република Северна Македонија;

20) лица за кои се издадени прекршочни платни налози и

21) лица за кои се разменети податоци помеѓу органите на надзор.

(2) Евиденциите од ставот (1) на овој член содржат лични податоци: (единствен матичен број или друг број за идентификација, име и презиме, датум и место на раѓање, пол и државјанство) согласно со овој закон за носителот на личните податоци и за трето лице.

Член 180

Евиденцијата од членот 179 од овој закон може да биде структурирана и да се води како:

1) евиденции за доставен извештај за сомнителна активност;

2) евиденции за доставен извештај за готовинска трансакција во износ од 15.000 евра во денарска противвредност или повеќе без оглед дали станува збор за една трансакција или повеќе очигледно поврзани трансакции;

3) евиденции за доставен извештај од нотар за составена нотарска исправа и нотарски заверен потпис на договор;

4) евиденции за доставен извештај од извршител за склучен договор за непосредна спогодба;

5) евиденции за доставен извештај за исплатен кредит;

6) евиденции за доставен извештај за дадена и/или примена позајмица;

7) евиденции за доставен извештај за трансакција реализирана преку брз трансфер на пари;

8) евиденции за доставен извештај за склучување на полиса за осигурување на живот;

9) евиденции за доставен извештај за купопродажба на возила;

10) евиденции за доставен извештај за купување или исплаќање на чипови или кредити во играчница (казино);

11) евиденции за доставен извештај за исплата на добивка и уплата на влог или/и во двата случаи кај други приредувачи на игри на среќа;

12) евиденции за доставен извештај за сомневање за перење пари и финансирање на тероризам до надлежните органи;

13) евиденции за доставен извештај за трансакција поврзана со виртуелни стедства;

14) евиденции за доставено известување за сомневање за друго кривично дело до надлежните органи;

15) евиденции за издаден налог за следење на деловен однос;

16) евиденции за издаден налог за примена на привремени мерки;

17) евиденции за доставена иницијатива и барање од надлежните органи во Република Северна Македонија;

18) евиденции за разменети податоци со единици за финансиско разузнавање на други држави;

19) евиденции за доставени извештаи за пренесени пари или физички преносливи средства за плаќање преку царинската линија на Република Северна Македонија;

20) евиденции за извршен надзор над субјектите од членот 5 од овој закон;

21) евиденции за извршен надзор над правните субјекти од членот 28 од овој закон;

22) евиденции за издадени прекршочни платни налози;

23) евиденции за спроведени корективни мерки и

24) евиденции за разменети податоци помеѓу органите на надзор.

Член 181

(1) Податоците за кои Управата води евиденции согласно со членовите 179 и 180 од овој закон се користат за извршување на надлежностите на Управата согласно со овој закон, статистички и аналитички цели, како и за целите на спроведување на национална проценка на ризикот и проценка на ефикасноста на системот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам.

(2) Лични податоци можат да се доставуваат до субјекти, надлежни државни органи, јавни институции, установи, единици за финансиско разузнавање на други држави и други правни и физички лица во согласност со закон и ратификуваните меѓународни договори.

Член 182

Лични податоци можат да се користат согласно со целите пропишани со овој закон и согласно со прописите со кои се уредува заштитата на личните податоци.

Член 183

Личните податоци внесени во евиденциите од членовите 179 и 180 од овој закон веднаш се бришат во случаите кога ќе се утврди дека не се точни или престанале причините, односно условите заради кои личниот податок е внесен во евиденцијата.

Член 184

Податоците содржани во евиденциите од членовите 179 и 180 од овој закон од нивното внесување, сé до нивното бришење смеат да се разменуваат под услови и на начин предвидени со овој закон.

Член 185

Податоците од евиденциите од членовите 179 и 180 од овој закон се чуваат во рок од десет години од денот на нивниот прием.

## ГЛАВА VIII.

## ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

Член 186

(1) Глоба во износ од 80.000 до 120.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице (голем трговец), ако:

- не спроведува процедура на анализа на клиентот согласно со членот 13 од овој закон,
- не спроведе засилена анализа при воспоставување на кореcподентен однос согласно со членот 40 од овој закон,
- не одбие воспоставување на деловен однос или изврши трансакција или не го прекине деловниот однос со клиентот согласно со членот 46 ставови (1) и (2) од овој закон,
- воспостави или продолжи деловен однос со shell bank (банки школки) и да започне или продолжи кореcподентски деловен однос со банка за која знае дека дозволува отворање и работење со сметки на банки школки спротивно на членот 59 став (1) од овој закон,
- доколку врши финансиски активности на shell bank (банка школка) спротивно на членот 59 став (2) од овој закон,
- отвори и одржува сметки, штедни книшки и сефови во анонимна форма, шифрирана форма или под измислени имиња, односно врши и други услуги кои посредно или непосредно овозможуваат прикривање на идентитетот на клиентот, односно анонимност согласно со членот 60 став (1) од овој закон,
- дава услуги поврзани со виртуелни средства кои посредно или непосредно овозможуваат прикривање на идентитетот на клиентот како и врши трансакции со такви виртуелни средства согласно со членот 60 став (2) од овој закон,
- користи ресурси или средства преку информатички систем кои овозможуваат или олеснуваат прикривање на идентитетот на клиентот или кои го оневозможуваат или отежнуваат следењето на трансакциите поврзани со виртуелни средства согласно со членот 60 став (3) од овој закон,
- прифаќа плаќања кои се вршат со употреба на анонимна платежна картичка со претплата (припејд-картичка) согласно со членот 61 од овој закон,
- не достави до Управата податоци, информации и документи согласно со членот 65 став (1) од овој закон,
- банката не стави во употреба или не го надгради софтверот за автоматска обработка на податоците согласно со членот 70 од овој закон,
- се повикува на деловна тајна спротивно на членот 74 од овој закон,
- не ги достави побараните податоци, достави нецелосни или неточни податоци или не ги достави во рок согласно со членот 128 од овој закон,
- не постапи согласно со налогот за следење на деловен однос од членот 132 од овој закон,
- не ја задржи трансакцијата врз основа на издадениот налог согласно со членот 133 од овој закон.

(2) За дејствијата од ставот (1) на овој член на правно лице (среден трговец) ќе му се изрече глоба во износ од 60.000 до 80.000 евра во денарска противвредност.

(3) За дејствијата од ставот (1) на овој член на правно лице (мал трговец) ќе му се изрече глоба во износ од 40.000 до 60.000 евра во денарска противвредност.

(4) За дејствијата од ставот (1) на овој член, на правно лице (микротрговец) ќе му се изрече глоба во износ од 20.000 до 40.000 евра во денарска противвредност.

(5) За дејствијата од ставот (1) на овој член, на правните лица од ставовите (1), (2), (3) и (4) на овој член може да им се изрече прекршочна санкција привремена забрана за вршење одделна дејност согласно со закон. Управата може да достави образложен предлог за привремено или трајно одземање на лиценца, односно дозвола за работа на правното лице до органите надлежни за нивно издавање согласно со закон.

(6) Глоба во износ од 12.000 до 18.000 евра во денарска противвредност за дејствијата од ставот (1) на овој член ќе му се изрече за прекршок и на одговорното лице во правното лице од ставот (1) на овој член.

(7) Глоба во износ од 9.000 до 12.000 евра во денарска противвредност за дејствијата од ставот (1) на овој член ќе му се изрече за прекршок и на одговорното лице во правното лице од ставот (2) на овој член.

(8) Глоба во износ од 6.000 до 9.000 евра во денарска противвредност за дејствијата од ставот (1) на овој член ќе му се изрече за прекршок и на одговорното лице во правното лице од ставот (3) на овој член.

(9) Глоба во износ од 3.000 до 6.000 евра во денарска противвредност за дејствијата од ставот (1) на овој член ќе му се изрече за прекршок и на одговорното лице во правното лице од ставот (4) на овој член.

(10) На одговорното лице во правното лице од ставовите (1), (2), (3) и (4) на овој член за дејствијата од ставот (1) на овој член покрај глобата може да му се изрече и прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност согласно со закон.

(11) За дејствијата од ставот (1) на овој член сторени намерно на организиран начин, кои се повторуваат, со кои предизвикана е значителна штета или се стекнува со значителна имотна корист, на правното лице му се изрекува глоба во износ од 10% од приходот на правното лице остварен претходната фискална година и прекршочна санкција привремена забрана за вршење одделна дејност согласно со закон.

Член 187

(1) Глоба во износ од 30.000 до 40.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице (голем трговец), ако:

- не ја извести Управата согласно со членот 8 од овој закон,
- не спроведе проценка на ризикот согласно со членот 11 од овој закон,
- не изготви и применува програма согласно со членот 12 став (1) од овој закон,
- не донесе програма, редовно не ја следи и оценува нејзината соодветност, усогласеност и ефикасност согласно со членот 12 став (3) од овој закон,
- постапи спротивно на исклучоците за анализа на клиентот во однос на електронските пари од членот 14 од овој закон,
- не ги спроведе мерките за анализа на клиентот од членот 15 од овој закон,
- не го идентификува и потврди идентитетот на клиентот, лицето кое дејствува во име и за сметка на клиентот или вистинскиот сопственик согласно со членот 16 од овој закон,
- не го идентификува и потврди идентитетот на клиентот согласно со членот 17 од овој закон,
- не го идентификува и потврди идентитетот на лицето кое дејствува во име и за сметка на клиентот согласно со членот 18 од овој закон,
- не го идентификува и потврди идентитетот на вистинскиот сопственик согласно со членот 19 од овој закон,
- не постапи согласно со членот 32 од овој закон,
- не го следи деловниот однос согласно со членот 37 од овој закон,

- не спроведе засилена анализа на клиентот согласно со членот 39 од овој закон,
- не спроведе засилена анализа на клиент кој не е физички присутен согласно со членот 41 од овој закон,
- не спроведе засилена анализа на клиентот - носител на јавна функција согласно со членот 42 од овој закон,
- не спроведе засилена анализа кога деловниот однос или трансакцијата вклучува високоризична земја согласно со членот 43 од овој закон,
- не спроведе засилена анализа во врска со деловните односи и трансакциите со непрофитни организации согласно со членот 44 од овој закон,
- не спроведе засилена анализа кон сложени и невообичаени трансакции согласно со членот 45 од овој закон,
- не обезбеди примена на мерките и дејствијата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам согласно со членот 48 од овој закон,
- ги довери обврските за анализа на клиентот на трети страни спротивно на членот 49 од овој закон,
- не постапи согласно со членот 50 од овој закон,
- не постапи согласно со членот 51 од овој закон,
- не утврди идентитет на клиент согласно со членот 52 став (1) од овој закон,
- не постапи согласно со членот 52 став (2) од овој закон,
- не утврди идентитет на клиент согласно со членот 53 од овој закон,
- не утврди идентитет на клиент согласно со членот 54 од овој закон,
- не утврди идентитет на клиент согласно со членот 56 од овој закон,
- не утврди идентитет на клиент согласно со членот 57 од овој закон,
- прими готовина спротивно на членот 58 од овој закон,
- извршат регистрација на хартии од вредност, друг имот или правни работи или за пријавување или вршење на пренос на пари, хартии од вредност или друг имот, спротивно на членот 58 став (2) од овој закон,
-не ги чува податоците, информациите или документите согласно со членот 62 од овој закон,
- не ги достави до Управата собраните податоци, информации и документи во случај на готовинска трансакција во износ од 15.000 евра во денарска противвредност или повеќе без оглед дали станува збор за една трансакција или повеќе очигледно поврзани трансакции согласно со членот 63 од овој закон,
- не достави податоци до Управата согласно со членот 64 од овој закон,
- не ја извести Управата и не ја задржи трансакцијата согласно со членот 65 ставови (2) и (3) од овој закон,
- не достават до Управата податоци, информации и документи во форма на извештај согласно со членот 65 став (4) од овој закон,
- не ги достави извештаите до Управата согласно со членот 67 од овој закон,
- не именуваат овластено лице и негов заменик согласно со членот 68 став (1) од овој закон,
- не формира посебен оддел за спречување на перење пари и финансирање на тероризам согласно со членот 68 став (3) од овој закон,
- не формира посебен оддел за спречување на перење пари и финансирање на тероризам согласно со членот 68 став (4) од овој закон,
- не обезбеди исполнување на услови согласно со членот 68 став (10) од овој закон;
- не именуваат овластено дежурно лице и негов заменик согласно со членот 68 став (11) од овој закон,
- не врши внатрешна контрола согласно со членот 69 од овој закон,

- ги користат податоците обезбедени со овој закон спротивно на членот 71 од овој закон,
- го известат клиентот или трето лице спротивно на членот 72 став (1) од овој закон,
- не преземе потребни мерки за заштита на податоците согласно со членот 72 став (3) од овој закон.

(2) За дејствијата од ставот (1) на овој член на правно лице (среден трговец) ќе му се изрече глоба во износ од 20.000 до 30.000 евра во денарска противвредност.

(3) За дејствијата од ставот (1) на овој член на правно лице (мал трговец) ќе му се изрече глоба во износ од 10.000 до 20.000 евра во денарска противвредност.

(4) За дејствијата од ставот (1) на овој член на правно лице (микротрговец) ќе му се изрече глоба во износ од 5.000 до 10.000 евра во денарска противвредност.

(5) За дејствијата од ставот (1) на овој член на правните лица од ставовите (1), (2), (3) и (4) на овој член може да им се изрече прекршочна санкција привремена забрана за вршење одделна дејност согласно со закон.

(6) Глоба во износ од 4.500 до 6.000 евра во денарска противвредност за дејствијата од ставот (1) на овој член ќе му се изрече за прекршок и на одговорното лице во правното лице од ставот (1) на овој член.

(7) Глоба во износ од 3.000 до 4.500 евра во денарска противвредност за дејствијата од ставот (1) на овој член ќе му се изрече за прекршок и на одговорното лице во правното лице од ставот (2) на овој член.

(8) Глоба во износ од 1.500 до 3.000 евра во денарска противвредност за дејствијата од ставот (1) на овој член ќе му се изрече за прекршок и на одговорното лице во правното лице од ставот (3) на овој член.

(9) Глоба во износ од 750 до 1.500 евра во денарска противвредност за дејствијата од ставот (1) на овој член ќе му се изрече за прекршок и на одговорното лице во правното лице од ставот (4) на овој член.

(10) На одговорното лице во правното лице од ставовите (1), (2), (3) и (4) на овој член за дејствијата од ставот (1) на овој член покрај глобата може да му се изрече и прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност согласно со закон.

Член 188

(1) Глоба во износ од 5.000 до 10.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице (голем трговец), ако:
- не ја извести Управата согласно со членот 6 став (6) од овој закон,
- не ја извести Управата согласно со членот 7 став (2) од овој закон,
- не спроведе поедноставена анализа на клиентот согласно со членот 38 од овој закон,
- не ги забележува податоците по хронолошки редослед во нумериран регистар кај давател на услуги поврзани со виртуелни средства согласно со членот 52 став (3) од овој закон,
- не ги забележува податоците по хронолошки редослед во нумериран регистар кај менувачки работи согласно со членот 53 од овој закон,
- не ги забележува податоците по хронолошки редослед во нумериран регистар кај брокерските куќи и банките со дозвола за работа со хартии од вредност согласно со членот 55 од овој закон,
- не ги забележува податоците по хронолошки редослед во нумериран регистар кај лицата кои тргуваат или дејствуваат како посредници во трговија со уметнички дела согласно со членот 56 од овој закон,

- не ги забележува податоците по хронолошки редослед во нумериран регистар кај лица кои тргуваат или дејствуваат како посредници во трговија со уметнички дела кога активноста се одвива во слободни зони согласно со членот 57 од овој закон,

- не го известат надлежниот орган за надзор од овој закон дека доставиле извештај до Управата согласно со членот 65 став (7) од овој закон,

- вработи во одделот лица кои не ги исполнуваат условите од членот 68 ставови (7), (8) и (13) од овој закон,

- не обезбеди редовна стручна обука согласно со членот 68 став (14) од овој закон,

- не достави податоци до Управата согласно со членот 68 став (15) од овој закон и

- не постапил или делумно постапил по изречените корективни мерки согласно со членот 167 од овој закон.

(2) За дејствијата од ставот (1) на овој член на правно лице (среден трговец) ќе му се изрече глоба во износ од 4.000 до 8.000 евра во денарска противвредност.

(3) За дејствијата од ставот (1) на овој член на правно лице (мал трговец) ќе му се изрече глоба во износ од 3.000 до 4.000 евра во денарска противвредност.

(4) За дејствијата од ставот (1) на овој член на правно лице (микротрговец) ќе му се изрече глоба во износ од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност.

(5) Глоба во износ од 750 до 1.500 евра во денарска противвредност за дејствијата од ставот (1) на овој член ќе му се изрече за прекршок и на одговорното лице во правното лице од ставот (1) на овој член.

(6) Глоба во износ од 600 до 1.200 евра во денарска противвредност за дејствијата од ставот (1) на овој член ќе му се изрече за прекршок и на одговорното лице во правното лице од ставот (2) на овој член.

(7) Глоба во износ од 300 до 450 евра во денарска противвредност за дејствијата од ставот (1) на овој член ќе му се изрече за прекршок и на одговорното лице во правното лице од ставот (3) на овој член.

(8) Глоба во износ од 150 до 300 евра во денарска противвредност за дејствијата од ставот (1) на овој член ќе му се изрече за прекршок и на одговорното лице во правното лице од ставот (4) на овој член.

Член 189

(1) Глоба во износ од 30.000 до 40.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на лице кое врши јавно овластување или физичкото лице, ако:

- не спроведува процедура на анализа на клиентот согласно со членот 13 од овој закон,

- не одбие воспоставување на деловен однос или изврши трансакција или не го прекине деловниот однос со клиентот согласно со членот 46 ставови (1) и (2) од овој закон,

- врши услуги кои посредно или непосредно овозможуваат прикривање на идентитетот на клиентот односно анонимност согласно со членот 60 став (1) од овој закон,

- прифаќа плаќања кои се вршат со употреба на анонимна платежна картичка со претплата (припејд-картичка) согласно со членот 61 од овој закон,

- не достави до Управата податоци, информации и документи согласно со членот 65 став (1) од овој закон,

- се повикува на деловна тајна спротивно на членот 74 од овој закон,

- не ги достави побараните податоци, достави нецелосни или неточни податоци или не ги достави во рок согласно со членот 128 од овој закон,

- не постапи согласно со налогот за следење на деловен однос од членот 132 од овој закон,

- не ја задржи трансакцијата врз основа на издадениот налог согласно со членот 133 од овој закон.

(2) На лицето кое врши јавно овластување или физичкото лице за дејствијата од ставот (1) на овој член покрај глобата може да му се изрече и прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност согласно со закон.

Член 190

(1) Глоба во износ од 12.000 до 15.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на лице кое врши јавно овластување или физичкото лице, ако:

- на барање на Управата не достават образложение во писмена форма согласно со членот 7 став (2) од овој закон,
- не спроведе проценка на ризикот согласно со членот 11 од овој закон,
- не изготви и применува програма согласно со членот 12 став (1) од овој закон,
- не донесе програма, редовно не ја следи и оценува нејзината соодветност, усогласеност и ефикасност согласно со членот 12 став (3) од овој закон,
- не ги спроведе мерките за анализа на клиентот од членот 15 од овој закон,
- не го идентификува и потврди идентитетот на клиентот, лицето кое дејствува во име и за сметка на клиентот или вистинскиот сопственик согласно со членот 16 од овој закон,
- не го идентификува и потврди идентитетот на клиентот согласно со членот 17 од овој закон,
- не го идентификува и потврди идентитетот на лицето кое дејствува во име и за сметка на клиентот согласно со членот 18 од овој закон,
- не го идентификува и потврди идентитетот на вистинскиот сопственик согласно со членот 19 од овој закон,
- не постапи согласно со членот 32 од овој закон,
- не го следи деловниот однос согласно со членот 37 од овој закон,
- не спроведе засилена анализа на клиентот согласно со членот 39 од овој закон,
- не спроведе засилена анализа на клиент кој не е физички присутен согласно со членот 41 од овој закон,
- не спроведе засилена анализа на клиентот - носител на јавна функција согласно со членот 42 од овој закон,
- не спроведе засилена анализа кога деловниот однос или трансакцијата вклучува високоризична земја согласно со членот 43 од овој закон,
- не спроведе засилена анализа во врска со деловните односи и трансакциите со непрофитни организации согласно со членот 44 од овој закон,
- не спроведе засилена анализа кон сложени и невообичаени трансакции согласно со членот 45 од овој закон,
- не обезбеди примена на мерките и дејствијата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам согласно со членот 48 од овој закон,
- ги довери обврските за анализа на клиентот на трети страни спротивно на членот 49 од овој закон,
- прими готовина спротивно на членот 58 од овој закон,
- не ги чува податоците, информациите или документите согласно со членот 62 од овој закон,
- не достави податоци до Управата согласно со членот 64 од овој закон,
- не ја извести Управата и не ја задржи трансакцијата согласно со членот 65 ставови (2) и (3) од овој закон,
- не достават до Управата податоци, информации и документи во форма на извештај согласно со членот 65 став (4) од овој закон,
- не ги достави извештаите до Управата согласно со членот 67 од овој закон,
- не именуваат овластено лице и негов заменик согласно со членот 68 став (1) од овој закон,

- не формира посебен оддел за спречување на перење пари и финансирање на тероризам согласно со членот 68 став (3) од овој закон,
- не формира посебен оддел за спречување на перење пари и финансирање на тероризам согласно со членот 68 став (4) од овој закон,
- не обезбеди исполнување на услови согласно со членот 68 став (10) од овој закон,
- не врши внатрешна контрола согласно со членот 69 од овој закон,
- ги користи податоците обезбедени со овој закон спротивно на членот 71 од овој закон,
- го известат клиентот или трето лице спротивно на членот 72 став (1) од овој закон,
- не преземе потребни мерки за заштита на податоците согласно со членот 72 став (3) од овој закон.

(2) На лицето кое врши јавно овластување или физичкото лице за дејствијата од ставот (1) на овој член покрај глобата може да му се изрече и прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност согласно со закон.

Член 191

Глоба во износ од 2.000 до 2.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на лице кое врши јавно овластување или физичкото лице, ако:
- не ја извести Управата согласно со членот 6 став (6) од овој закон,
- не спроведе поедноставена анализа на клиентот согласно со членот 38 од овој закон,
- вработи во одделот лица кои не ги исполнуваат условите од членот 68 ставови (7), (8) и (13) од овој закон,
- не обезбеди редовна стручна обука согласно со членот 68 став (14) од овој закон,
- не достави податоци до Управата согласно со членот 68 став (15) од овој закон и
- не постапил или делумно постапил по изречените корективни мерки согласно со членот 167 од овој закон.

Член 192

(1) Глоба во износ од 10.000 до 15.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правниот субјект (голем трговец) од членот 28 став (1) од овој закон, ако:
- не поседува и чува соодветни, точни и ажурни податоци за вистинскиот сопственик согласно со членот 28 став (2) и
- не ги внесе податоците за вистински сопственик/ци, како и податоците за промените на вистински сопственик/ци во регистарот согласно со членот 31 од овој закон.

(2) За дејствијата од ставот (1) на овој член на правниот субјект (среден трговец) ќе му се изрече глоба во износ од 8.000 до 12.000 евра во денарска противвредност.

(3) За дејствијата од ставот (1) на овој член на правниот субјект (мал трговец) ќе му се изрече глоба во износ од 6.000 до 8.000 евра во денарска противвредност.

(4) За дејствијата од ставот (1) на овој член на правниот субјект (микротрговец) ќе му се изрече глоба во износ од 5.000 до 6.000 евра во денарска противвредност.

(5) Глоба во износ од 1.500 до 2.250 евра во денарска противвредност за дејствијата од ставот (1) на овој член ќе му се изрече за прекршок и на одговорното лице во правниот субјект од ставот (1) на овој член.

(6) Глоба во износ од 1.200 до 1.800 евра во денарска противвредност за дејствијата од ставот (1) на овој член ќе му се изрече за прекршок и на одговорното лице во правниот субјект од ставот (2) на овој член.

(7) Глоба во износ од 900 до 1.200 евра во денарска противвредност за дејствијата од ставот (1) на овој член ќе му се изрече за прекршок и на одговорното лице во правниот субјект од ставот (3) на овој член.

(8) Глоба во износ од 750 до 900 евра во денарска противвредност за дејствијата од ставот (1) на овој член ќе му се изрече за прекршок и на одговорното лице во правниот субјект од ставот (4) на овој член.

Член 193

Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на стечајниот управник или ликвидациониот управник ако не презема мерки и дејствија во случај кога субјектот е во постапка на стечај и ликвидација согласно со членот 10 од овој закон.

Член 194

Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластено службено лице, ако:

- не ги достават бараните податоци согласно со членот 128 од овој закон,
- не ја информираат Управата за резултатот и исходот од доставените извештаи или известувања согласно со членот 131 став (5) од овој закон,
- не достават статистички податоци до Управата согласно со членот 137 став (5) од овој закон,
- не го евидентира секое внесување и изнесување на пари или физички преносливи средства за плаќање преку царинската линија на Република Северна Македонија согласно со членот 141 став (1) од овој закон,
- не ги прибира податоците согласно со членот 141 став (2) од овој закон,
- не го пријавува до Управата внесувањето или изнесувањето на пари или физички преносливи средства за плаќање над 10.000 евра во денарска противвредност согласно со членот 141 став (3) од овој закон,
- не го пријавува до Управата, сомневањето за перење пари и/или финансирање на тероризам согласно со членот 141 став (4) од овој закон,
- не ги чува сите податоци за внесување или изнесување на пари или физички преносливи средства за плаќање, преку царинската линија најмалку десет години од денот на извршениот пренос согласно со членот 141 став (5) од овој закон,
- не изготват годишни програми или планови за вршење надзор над примената на мерките и дејствијата согласно со членот 155 став (2) од овој закон,
- не ја известат Управата кога ќе утврдат сомневање за перење пари и/или финансирање на тероризам како и прекршување на одредбите од овој закон согласно со членот 156 од овој закон,
- не формираат комисии за вршење на надзор согласно со членот 171 став (1) од овој закон,
- не ја известат Управата согласно со членот 171 став (3) од овој закон и
- не ја известат Управата за поднесеното барање за покренување на прекршочна постапка согласно со членот 172 од овој закон.

**Постапка за издавање на прекршочен платен налог**

Член 195

(1) За прекршоците од овој закон, органите на надзор од членот 151 од овој закон при констатирање на прекршок се должни да му предложат на сторителот на прекршокот постапка за порамнување со издавање на прекршочен платен налог, пред да го поднесат барањето за поведување на прекршочна постапка.

(2) Доколку органите на надзор од членот 151 од овој закон, констатираат прекршок согласно со овој закон, составуваат записник во кој ги забележуваат важните елементи на дејствието од кое произлегува правното обележје на прекршокот, лично име, адреса и единствен матичен број на граѓанинот, ако се работи за странец и број на патната исправа и држава, а за правно лице, назив, седиште и даночен број, времето, местото и начинот на сторувањето на прекршокот, описот на дејствието, правната квалификација на прекршокот и лицата затекнати на самото место, како и даваат предлог за порамнување со издавање на прекршочен платен налог. Записникот го потпишува органот на надзор, овластеното службено лице и сторителот.

(3) Во постапката за порамнување глобата во прекршочниот платен налог се изрекува во фиксен износ пропишан со закон, а ако глобата е пропишана во распон се изрекува минималниот пропишан износ за прекршокот.

(4) Сторителот е должен да го плати прекршочниот платен налог издаден согласно со ставот (3) на овој член во рок од осум дена од приемот на налогот на сметката означена во платниот налог.

(5) Сторителот кој ќе ја плати глобата во рокот од ставот (4) на овој член ќе плати половина од изречената глоба, за што се поучува во правната поука.

(6) Во постапката која ќе заврши со плаќање на прекршочен платен налог не се плаќаат трошоци на постапката.

(7) Сторителот којшто со заминувањето заради престој во странство би можел да го одбегне плаќањето на глобата, е должен веднаш да ја плати глобата изречена со прекршочниот платен налог.

(8) Ако сторителот не го плати прекршочниот платен налог во рокот од ставот (4) на овој член, органите на надзор од членот 151 од овој закон поднесуваат барање за поведување на прекршочна постапка до надлежен суд.

(9) Органите на надзор од членот 151 од овој закон се должни да водат евиденција за издадените прекршочни платни налози од ставот (1) на овој член и за исходот на покренатите постапки.

(10) Во евиденцијата од ставот (9) на овој член се собираат, обработуваат и чуваат следниве податоци: име и презиме, односно назив на сторителот на прекршокот, живеалиште, односно престојувалиште, седиште, вид на прекршокот, број на прекршочен платен налог и исходот на постапката.

(11) Личните податоци од ставот (10) на овој член се чуваат десет години од денот на внесувањето во евиденцијата.

(12) Министерот за финансии ја пропишува формата и содржината на прекршочниот платен налог.

Член 196

Прекршочна постапка за сторен прекршок од овој закон не може да се поведе или води ако поминат повеќе од четири години од денот кога е сторен прекршокот.

Член 197

За прекршоците пропишани со овој закон одлучува надлежниот суд во постапка пропишана со закон.

## ГЛАВА IX.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 198

(1) Подзаконските акти донесени согласно со Законот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам („Службен весник на Република Македонија" број 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 275/19 и 317/20) продолжуваат да се применуваат до денот на донесувањето на подзаконските акти утврдени со овој закон.

(2) Подзаконските акти утврдени со овој закон ќе се донесат во рок од 15 месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

### Член 199

(1) Субјектите од членот 5 став (1) точки 8), 9) и 10) од овој закон се должни да го усогласат своето работење со одредбите од овој закон во рок од девет месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, давателите на услуги поврзани со виртуелни средства кои пред влегувањето во сила на овој закон започнале да вршат активности утврдени со овој закон, се должни обврската за известување од членот 8 од овој закон да ја исполнат во рок од 30 дена од денот на донесувањето на подзаконскиот акт од членот 8 став (6) од овој закон.

### Член 200

(1) Управата за финансиско разузнавање од денот на влегувањето во сила на овој закон продолжува да работи како Управа за финансиско разузнавање согласно со надлежностите утврдени со овој закон.

(2) Директорот на Управата именуван до денот на влегувањето во сила на овој закон продолжува да ја извршува функцијата до истекот на мандатот за кој е именуван.

### Член 201

Управата за финансиско разузнавање го воспоставува електронскиот систем за следење на случаи од членот 138 од овој закон во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

### Член 202

(1) Советот за борба против перење пари и финансирање на тероризам формиран до денот на влегувањето во сила на овој закон продолжува да ја извршува функцијата согласно со надлежностите утврдени со овој закон.

(2) Комисиите за надзор од членот 171 од овој закон формирани до денот на влегувањето во сила на овој закон продолжуваат да ја извршуваат функцијата согласно со надлежностите утврдени со овој закон.

### Член 203

Започнатите прекршочни постапки до денот на влегувањето во сила на овој закон ќе завршат согласно со одредбите од Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам („Службен весник на Република Македонија" број 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 275/19 и 317/20).

Член 204

(1) Од 1 јануари 2024 година, забраната за плаќање со готовина на стоки и услуги од членот 58 од овој закон, ќе се однесува на готовински плаќања во износ од 2.000 евра или повеќе во денарска противвредност во вид на една или повеќе очигледно поврзани трансакции, што не е извршено преку банка, штедилница или преку сметка во друга институција која дава платежни услуги.

(2) Од 1 јануари 2025 година, забраната за плаќање со готовина на стоки и услуги од членот 58 од овој закон, ќе се однесува на готовински плаќања во износ од 1.000 евра или повеќе во денарска противвредност во вид на една или повеќе очигледно поврзани трансакции, што не е извршено преку банка, штедилница или преку сметка во друга институција која дава платежни услуги.

Член 205

Правните субјекти чиишто акции котираат на организиран пазар на хартии од вредност од членот 28 од овој закон се должни да ги внесат податоците за вистинскиот сопственик од овој закон во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 206

(1) Одредбите од овој закон кои се однесуваат за субјектите од членот 5 став (1) точки 8), 9) и 10) од овој закон ќе започнат да се применуваат во рок од девет месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(2) Одредбите од членот 31 став (2) од овој закон, ќе започнат да се применуваат од 1 јануари 2025 година.

Член 207

Со денот на влегувањето во сила на овој закон, престанува да важи Законот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам („Службен весник на Република Македонија” број 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” број 275/19 и 317/20).

Член 208

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.